# ПОДГОТОВКА ЗА ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
април, мај, јуни 2018

**ПОДГОТОВКА ЗА ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ**
Автор: *д-р Норман Р. Гали*

Број 2/2018

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколската поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**Христијанска адвентистичка црква**
(Црква на адвентистите на седмиот ден)
во Р. Македонија, ул. Влае бр. 42, Скопје,
Одделение за саботна школа

*Подготовка и форматирање:*
Мелита Томовска

*Одговара:*
Томе Трајков

*За издавачот:*
Михаило Гурев

## СОДРЖИНА:

1. Космичка борба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7

2. Даниел и последното време . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14

3. Исус и книгата Откровение . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21

4. Спасението и последното време . . . . . . . . . . . . . . . . . 28

5. Христос во небесното Светилиште . . . . . . . . . . . . . . 35

6. „Промена“ на Законот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 42

7. Евангелието според Матеј, 24 и 25 глава . . . . . . . . . . 49

8. Да му се поклониме на Творецот . . . . . . . . . . . . . . . . . 56

9. Измамите на последното време . . . . . . . . . . . . . . . . . 63

10. Америка и Вавилон . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 70

11. Божји печат или жиг на ѕверот . . . . . . . . . . . . . . . . . 77

12. Вавилон и Армагедон . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 84

13. Враќањето на нашиот Господ Исус . . . . . . . . . . . . . 91

**Додаток**

Утрински стихови - април . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 98

Утрински стихови - мај . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 99

Утрински стихови - јуни . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 100

Секојдневно читање на Библијата . . . . . . . . . . . . . . . . . 101

Текстови за вечерно богослужение . . . . . . . . . . . . . . . . 102

Табели за почеток на саботата во Македонија . . . . . . . 103



## УВОД
## ХРИСТОС И ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ

Во последните часови од својот престој во човечко тело на оваа земја, Исус им ги упатил на своите ученици следните зборови полни со утеха: „Да не се вознемирува вашето срце; вие верувате во Бога, верувајте и во мене! Во Домот на мојот Татко има многу живеалишта; ако не беше така, Јас ќе ви кажев, зашто одам да ви приготвам место. И кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам при себе, за да бидете и вие каде што Сум и Јас. А знаете каде одам Јас, и патот го знаете“ (Јован 14,1-4).

Иако не го сфатиле значењето на Неговите зборови во потполност, ниту знаеле кога ќе се исполни Неговото ветување, учениците нашле сигурна утеха во Исусовите зборови. Живеалиште во домот на *Неговиот Татко*? *Место кое Исус Христос го подготвува за нив*? Тоа сигурно ќе биде многу подобро од кое било друго место за живеење на овој свет.

Навистина, кратко време пред тоа, додека седел со своите ученици, Исус изнел краток преглед на настаните што треба да се случат пред Тој да се врати. Тоа било како некој вид „историја на иднината“, која не била убава. Војни, гласови за војни, еден народ ќе станува против друг, глад и земјотреси - според Исусовите зборови, тоа е само „почеток на страдањата“. А потоа требало да следат прогонства, предавства, измами и искушенија.

Имајќи ги предвид денешните сознанија за текот на историјата, увидуваме дека се исполниле речиси сите предупредувања на Исус и тоа токму онака како што предвидел Тој. Исто така, го забележуваме и исполнувањето на две големи пророштва. Првото се однесува на „време, две времиња и половина време“, забележано во Книгата на пророк Даниел 7,25 (Види: Откровение 12,6.14; 13,5; 4. Мојсеева 14,34), кое започнало во 6 век (538 год.) и се завршило кон крајот на 18 век (во 1798 год.). Од друга страна, пророштвото кое опфаќа најдолг временски период, пророштвото за 2300 денови и ноќи од Книгата на пророк Даниел (Даниел 8,14), се остварило во 1844 година.

Според тоа, сега живееме во „последното време“ (Даниел 12,19). Меѓутоа, не само што не знаеме кога ќе дојде крајот – чиј врв ќе биде второто Христово доаѓање – не е ни потребно да знаеме. Треба само да знаеме дека ќе дојде и дека, кога тоа ќе се случи, мораме да бидеме подготвени.

Како? Најдобриот одговор можеби го наоѓаме следниот текст: „Поради тоа, како што го примивте Господ Исус Христос, така и одете по Него“ (Колошаните 2,6). Со други зборови, покрај толку многу настани, толку многу ударни наслови, толку многу теории за последното време, лесно можеме да скршнеме од вистинскиот пат и премногу да се сосредоточиме на подробностите за кои сметаме дека водат кон Христовото доаѓање наместо кон самиот Христос, кој е единствениот клуч на нашата подготовка.

Ова тримесечје во центарот на нашето внимание ќе биде последното време, но не во потполност. Всушност, ќе се сосредоточиме на Исуса, но во рамките на темата за последните денови и како да се подготвиме за нив. Да, потребно е да ги разгледуваме историските датуми, светските настани, па и самата историја бидејќи Библијата говори за сето тоа, а поврзано е со крајот. Меѓутоа, дури и во овие рамки, Библијата зборува за Исус, за тоа кој е Тој, што направил за нас, што прави во нас и што ќе направи кога ќе се врати. Христос, и тоа распнатиот, мора да стане центар на нашата вера; или како што рекол апостол Павле: „Бидејќи бев решил да не знам меѓу вас ништо друго освен за Исус Христос, и тоа - Распнатиот“ (1. Коринќаните 2,2). Колку повеќе сме сосредоточени на Него, толку повеќе ќе стануваме слични на Него, ќе му бидеме послушни и подготвени за сè што нè очекува, како во блиска иднина, така и на крајот, кога ќе дојдеме на „местото“ кое Исус го подготвува за оние кои го љубат.

*Колку повеќе сме сосредоточени на Христа, толку повеќе ќе стануваме слични на Него, ќе му бидеме послушни и подготвени за сè што нè очекува како во блиска иднина, така и на крајот, кога ќе дојдеме на „местото“ кое Исус го подготвува за оние кои го љубат.*

*Д-р Норман Гали работи како професор по Систематска теологија на Адвентистичкиот универзитет Садерн.*

Поука 1
Од 31 март до 6 април 2018

# КОСМИЧКА БОРБА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Езекил 28,1.2.11-17; 1. Мојсеева 3,1-7; Откровение 12,1-17; Римјаните 8,31-39; Откровение 14,12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И змевот се разгневи на жената и отиде да војува против другите од нејзиното семе, против оние, кои ги пазат Божјите заповеди и го имаат Исусовото сведоштво“ (Откровение 12,17).**

Космичката борба, која понекогаш ја нарекуваме и „големата борба“, претставува библиски поглед на светот. Таа е заднината во која се одвива драмата на овој свет, дури и на целиот универзум. Гревот, страдањето, смртта, подемот и падот на народите, ширењето на Евангелието, настаните на последното време – сите овие теми се јавуваат во рамките на оваа космичка борба.

Оваа седмица ќе обрнеме внимание на неколку важни места на кои се одвивала борбата – почнувајќи некако таинствено, во срцето на совршеното суштество, Луцифер, кој донел бунт на Земјата по падот на другите совршени суштества, Адам и Ева. По овие два клучни настани, падот на Луцифер и падот на нашите прародители, големата борба зела замав и оттогаш трае со несмален интензитет. Секој од нас е дел од оваа космичка драма.

Радосната вест е дека еден ден таа не само што ќе заврши, туку и ќе заврши со целосна победа на Христос над сатаната. Уште подобра вест е дека, благодарение на она што Исус го остварил на крстот, сите можеме да имаме учество во таа победа. Додека го чекаме она што ни е ветено во Исуса, чие доаѓање е сигурно, Бог, како дел од таа победа, нè повикува сега да покажеме вера и послушност.

## ПАДОТ НА СОВРШЕНОТО СУШТЕСТВО

Ако космичката борба претставува заднина на библискиот поглед на светот, тогаш тоа придвижува бројни прашања. Едно од важните прашања гласи: „Како започнало сето тоа?“ Бидејќи вселената ја создал Бог, кој е полн со љубов, би било разумно да се претпостави дека злото, насилството и конфликтите не постоеле на самиот почеток на создавањето. Борбата настанала независно од првобитното создавање и сигурно не била негова неизбежна последица. Сепак, таа борба е присутна, вистинска е и сите ние сме вклучени во неа.

**Прочитајте ги текстовите во Книгата на пророкот Езекил 28,1.2.11-17 и Исаија 14,12-14. Што можеме да научиме од овие текстови за падот на Луцифер и за почетокот на злото?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Луцифер бил совршено небесно суштество. Како се зачнало беззаконието во него, посебно во едно такво опкружување? Нѐ знаеме. Можеби токму тука лежи причината што Библијата зборува за „тајната на беззаконието“ (2. Солуњаните 2,7).

Освен фактот дека Бог на сите разумни суштества им дал слободна волја, не постои ниту една друга причина за падот на Луцифер. Елена Вајт мудро рекла: „Не е можно да се даде такво објаснување за потеклото на гревот со кое би можело да се оправда неговото постоење... Гревот е неканет дојденик за чиешто постоење не може да се најде причина. Тој е таинствен, необјаснив; да се оправда гревот би значело тој да се брани. Кога би можело за него да се најде оправдување или причина за неговото постоење, тогаш тој би престанал да биде грев“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 492.493 оригинал)

Доколку зборот *грев* го замените со зборот *зло*, изјавата исто така ќе има смисла: „Не е можно да се даде такво објаснување за потеклото на злото со кое би можело да се оправда неговото постоење... Злото е неканет дојденик за чиешто постоење не може да се најде причина. Тој е таинствен, необјаснив; да се оправда злото би значело тоа да се брани. Кога би можело за него да се најде оправдување или причина за неговото постоење, тогаш тоа би престанало да биде зло“.

**Размислете за своето искуство кога е во прашање слободната волја. Зошто, тогаш треба внимателно и со молитва да размислиме за одлуките што ги донесуваме користејќи ја слободната волја?**

## ПОВЕЌЕ ОД ЗНАЕЊЕ

Иако не можеме да објасниме зошто се појавило злото (со оглед na тоа дека за него не постои никакво оправдување), Писмото открива дека започнало на Небото, во срцето на Луцифер. Освен неверојатниот увид што го добиваме од списите на Елена Вајт (види ја главата „Потеклото на злото“ во книгата *Големата борба*), Светото писмо не зборува многу за тоа како настанало злото на небото. Божјата реч многу поизрично зборува за тоа како злото настанало на Земјата.

**Прочитајте го текстот во 1. Мојсеева 3,1-7. Што се случило во оваа пригода и како тоа укажува на вината на Адам и Ева?**

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

Жално е тоа што Ева знаела кои зборови им ги упатил Бог. Таа ги повторила: „Рече Бог – не јадете од него и не допирајте се до него, за да не умрете!“ (1. Мојсеева 3,3). Иако ништо не било кажано за допирањето на плодот, колку што дознаваме од Писмото, Ева ја знаела вистината дека ќе умре доколку јаде од него.

Сатаната потоа отворено и бесрамно им противречел на тие зборови. „Тогаш змијата ѝ рече на жената: ’Не, нема да умрете’“ (1. Мојсеева 3,4).

Може ли спротивноста да биде поголема? Колку и да бил вешт пристапот на сатаната во почетокот, кога го привлекол нејзиното внимание и видел дека не се спротивставува, отворено ја довел во прашање Господовата заповед. Трагично е тоа што Ева не постапувала во незнаење. Таа не можела да тврди: „Не знаев, не знаев.“

Таа знаела.

Сепак, и покрај тоа знаење, згрешила. Ако и во тоа совршено опкружување на Едемската градина самото знаењето не било доволно да ја спречи Ева (а потоа и Адама, кој исто така ја знаел вистината) да не згреши, не треба да се залажуваме и да мислиме дека знаењето е доволно за да нè спаси. Да, треба да знаеме што ни кажува Божјата реч, меѓутоа, покрај тоа знаење, потребно ни е предавање и послушност на она што таа го кажува.

**Бог рекол едно, сатаната друго. И покрај знаењето кое Адам и Ева го имале, избрале да го послушаат сатаната. Размислете за тоа колку малку работи се промениле од тогаш до сега? Како можеме да избегнеме да ја направиме истата грешка?**

## ВОЈНА НА НЕБОТО И ЗЕМЈАТА

Падот на нашите прародители го турнал светот во грев, зло и смрт. Луѓето можат да го изразат своето несогласување за непосредните причини, или прашањето чија е грешката, но кој може да ја побие вистинитоста на метежите, насилствата, побуните и судирите кои влијаат на сите нас?

Зборуваме за космичката борба, за космичкиот судир, и тоа е во ред. Меѓутоа, без оглед на космичкото потекло на овој судир, тој се одигрува и овде на Земјата. Голем дел од библискиот извештај – од падот во Едемската градина до последните настани и Второто Христово доаѓање – на многу начини претставува библиско претставување на големата борба. Ние живееме среде таа борба. Божјата реч ни објаснува што се случува, што се крие зад неа и, што е најважно, како ќе заврши.

**Какви битки, кои се одвиваат и на Небото и на Земјата, се опишуваат во оваа глава: Откровение 12,1-17?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во овој текст ја забележуваме битката на Небото и битката на Земјата. Првата битка се води меѓу змевот (сатаната, Откровение 12,7-9) и Михаил (еврејско значење: „Кој е како Бог?“). Бунтовникот Луцифер, кој станал познат како сатана (непријател), и самиот создадено суштество, се бори против вечниот Создател, Исус (Евреите 1,1.2; Јован 1,1-4).

Откако Луцифер се побунил против Творецот, големата борба не зборува за судир на богови, туку за суштество кое се побунило против својот Создател и кое го покажало тој бунт напаѓајќи ги другите дела на создавањето.

Бидејќи е поразен во битката против Христа на небото, сатаната настојувал да се нафрли на Него овде на Земјата, веднаш по Неговото раѓање (Откровение 12,4). Откако бил поразен во битката против Христа и во таа прилика, а потоа во пустината и подоцна на крстот, сатаната – по непобитниот пораз на Голгота – тргнал во војна против христовиот народ. Оваа војна беснеела во голем дел од христијанската историја (Откровение 12,6.14-16) и ќе продолжи сè до крајот (Откровение 12,17), додека сатаната не се соочи со уште еден пораз, овојпат за време на второто Христово доаѓање.

**Прочитајте го текстот во Откровение 12,10-12. Каква надеж пронаоѓаме во овие стихови среде сите борби и судири кои ги забележуваме во другите текстови?**

# СЕКОГАШ СО ВАС, ДО КРАЈОТ НА ВЕКОТ

Во Книгата Откровение проречено е прогонството кое Божјиот народ го доживувал во поголемиот дел од црковната историја. Илјада двесте и шеесетте пророчки денови од Откровение 12, 6 (види: Откровение 12,14) укажуваат на 1260 години од прогонството на црквата.

„Овие прогонства, што почнале во времето на Нерона, отприлика тогаш кога Павле страдал со маченичка смрт, продолжиле со поголема или помалечка жестокост низ вековите. Христијаните лажно се обвинувани за најстрашни злосторства и претставувани се како причина за големи несреќи: глад, чума и земјотреси. Бидејќи станале предмет на општа омраза и сомневање, лесно се наоѓале и подлизурковци кои, за добивка, предавале невини. Осудувани се како бунтовници против царството, како непријатели на религијата и како чума за народот. Мнозина се фрлани пред диви ѕверови или спалувани живи во амфитеатрите“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 40 оригинал).

Во исто време, жената (Црквата) побегнала во пустината (Откровение 12,6). Прикажана е со две крила како ангел. Со ова доловена е сликата како таа ќе одлета на место на кое може да пронајде помош. Била згрижена во пустина, а змијата или сатаната не можела да ѝ пријде (Откровение 12,14). Бог секогаш го чувал својот остаток и, како што го сторил тоа во времето на големите прогонства, така ќе го чува и на крајот од времето.

**Во врска со опасностите на последните денови, Христос му рекол на својот народ: „И ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот“ (Матеј 28,20). Како го сфаќаме ова прекрасно ветување, особено кога е во прашање големото маченииштво на многу Негови следбеници? (види: Римјаните 8,31-39; Матеј 10,28).**

Ништо – ни прогонство, ни глад, ни смрт – не може да нè одвои од Божјата љубов. Христовото присуство, било сега или на крајот од времето, не значи дека сме поштедени од болката, страдањето, искушенијата или смртта. Никогаш не ни било ветено дека ќе бидеме ослободени од тоа во овој живот. Тоа значи дека, благодарение на Христа и на она што Тој го направил за нас, можеме да живееме со надеж во ветувањето дека Бог е со нас во искушенијата и дека имаме ветување за вечен живот на новото Небо и новата Земја. Можеме да живееме со надеж дека, без оглед низ што сè ќе поминеме овде, како и Павле, можеме да бидеме сигурни дека „ме очекува венецот на правдата, што ќе ми го даде во оној ден Господ, праведниот Судија; но не само мене, туку и на сите кои се радуваат на Неговото појавување“ (2. Тимотеј 4,8). И ние, кои се радуваме на Неговото доаѓање, можеме за нас да ја бараме истата оваа надеж и ветување.

## ЗАКОНОТ И ЕВАНГЕЛИЕТО

Како христијани адвентисти (адвентисти на седмиот ден), името што го носиме содржи многу од она во што веруваме. Дел од името *седмиот ден* го претставува седмиот ден, саботата, што укажува на нашето верување не само во таа една заповед, туку во сите десет. Дел од името *адвентисти* укажува на нашето верување во Второто Христово доаѓање, вистина која постои само благодарение на она што Христос го направил со својата смрт на помирување, за време на првото доаѓање. Оттука и нашето име, адвентисти на седмиот ден, укажува на двата важни и неразделни елементи на сегашната вистина: Законот и Евангелието.

**Како следните текстови покажуваат колку блиска поврзаност постои меѓу Законот и Евангелието?**

**Еремија 44,23** ________________________________________

________________________________________

**Римјаните 3,20-26.** ________________________________________

________________________________________

**Римјаните 7,7.** ________________________________________

________________________________________

Евангелието е радосна вест, радосна вест дека, иако сме згрешиле и сме го прекршиле Божјиот закон, со вера во она што Христос го направил за нас на крстот, можат да ни бидат простени гревовите поради престапот на Неговиот закон. Исто така, дадена ни е сила да бидеме послушни на Законот во потполност.

Не треба да нè чуди што во рамките на последните денови, додека големата борба беснее со посебна жестокост, Божјиот народ е опишан на посебен начин.

**Прочитајте го текстот во Откровение 14,12. Како овој текст ја открива поврзаноста меѓу Законот и Евангелието?**

________________________________________

________________________________________

**Како христијани адвентисти, народ кој верува во послушноста на Божјиот закон, како можеме на другите да им покажеме дека послушноста на Законот не е легализам, туку дело на Бога, кој е полн со љубов, и на фактот дека Тој нè спасил? На кој начин текстовите од 5. Мојсеева 11,1, и 1. Јованово 5,3 ја поткрепуваат оваа мисла?**

________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го текстот во Откровение 12,9-12 и главата „Зошто било дозволено да се појави гревот“ од книгата на Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 33-43, оригинал.

„Додека сите создадени суштества го признавале сојузот на љубовта, во Божјата вселена владеела совршена хармонија. Небесните војски наоѓале радост во тоа што можеле да ги исполнуваат намерите на својот Творец. Тие биле среќни и восхитени што претставуваат одблесок на неговата слава и што можат да го слават и да го извишуваат него. Љубовта кон Бога за нив била најсвето чувство, меѓусебната љубов природна и несебична. Ништо не ја нарушувало небесната хармонија. Но во тоа возвишено блаженство и среќа настанала промена. Се нашол еден кој ја злоупотребил слободата што им ја дал Бог на сите свои созданија. Кај суштеството кое Бог, покрај Христа, најмногу го ценел и кое, покрај Него, било надарено со најголема сила и уживало најголема слава меѓу небесните жители, се зачнал грев“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 35 оригинал).

Забележете ги зборовите на Елена Вајт „сојузот на љубовта“. Овој силен израз, полн со значење, укажува на фактот дека љубовта води кон преданост и верност. Сопружникот, кој го сака брачниот другар, ќе покаже љубов со својата верност. Така било и во случајот со битијата на Небото, така треба да биде и во нашиот однос со Бога.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Кои библиски докази укажуваат на реалниот факт дека не само што сатаната постои туку има и одредена улога во големата борба? Како можеме да им помогнеме на луѓето да сфатат дека сатаната е живо суштество, а не само симбол на злото во човечкото срце?**

**2. Како христијани адвентисти благословени сме со големи сознанија за библиските вистини. Колку и да е ова прекрасно, зошто тоа знаење не е доволно да нè спаси? Што уште ни е потребно освен интелектуалното знаење?**

**3. На кој начин уште сега го доживувате Исусовото присуство во својот живот? Како тие искуства можат да ви помогнат во неволјите со кои се соочувате?**

**4. Во класата разговарајте повеќе за изразот „сојузот на љубовта“. Како оваа идеја може да ви помогне подобро да го сфатиме односот меѓу Законот и благодатта, верата и послушноста? Што можеме да научиме за слободата присутна во целокупната идеја за љубовта? На кои начини дури и сега можеме да покажеме верност кон „сојузот на љубовта“?**

**Поука 2**
**7 - 13 април 2018**

# ДАНИЕЛ И ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 16,10; Даниел 1,2; 3,1-6; Откровение 13,11-15; Даниел 3,13-18; Јован 3,7; Даниел 4,6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И царот му рече на Даниела: ’Навистина вашиот Бог е Бог над боговите и Господар над царевите, Откривател на тајните, кога можеше да ја откриеше оваа тајна’“** (Даниел 2,47).

Господ имал големи планови за стариот Израел. „И вие ќе Ми бидете царство на свештеници и свет народ“ (2. Мојсеева 19,6). Овој свет народ, ова царство на свештеници требало да му посведочи на светот дека Јахве е единствениот Бог (види: Исаија 43,10.12). За жал, народот не живеел во согласност со светиот повик што Бог му го упатил. На крајот, отишол во ропство во Вавилон.

Интересно е што Бог, и покрај несреќното ропство, можел да употреби некои од Јудејците како Негови сведоци. Со други зборови, Бог до извесна мера преку Даниел и неговите тројца пријатели, исто така робови, го постигнал она што не го постигнал преку Израел и Јуда. Во одредена смисла, овие луѓе биле пример каква улога имал Израел како народ и што требал да прави.

Да, нивните животни приказни се одвиваат во момент кој временски е многу оддалечен од последните денови. Меѓутоа, во овие луѓе сепак можеме да пронајдеме карактерни црти и особини на кои можеме да се угледаме ние, кои не живееме само во последно време, туку сме повикани да бидеме Божји сведоци на светот кој, како и незнабошците на вавилонскиот двор, не го познава Бога. Што можеме да научиме од извештаите за нивниот живот?

## ВЕРЕН ВО МАЛКУ

**„Верниот во малку и во многу е верен, а неправедливиот и во многу и во малку е неправедлив“ (Лука 16,10).**

Обрнете внимание на овие Исусови зборови. Толку е лесно да се прави компромис, зар не, да се биде „неверен во малку“. Проблемот не лежи толку во тоа дека она што е „малку“ е важно само по себе; не. Затоа е „малку“. Како што многумина од нас знаат, било од лично искуство или од примерот на другите (или обете), проблемот е во тоа што еден компромис води кон друг, потоа кон следен, па следен, сè додека не станеме „и во многу неверни“.

Имајќи ја таа мисла на ум, ќе се осврнеме на 1. глава од Книгата на пророк Даниел, во која се забележани првите искуства на овие четворица Јудејци за време на Вавилонското ропство.

**Прочитајте ја 1. глава од Книгата на пророк Даниел. На кој начин ставот што го зазеле Даниел, Ананија, Мисаило и Азарија го одразувал она што стариот Израил требало да претставува за другите народи? Види: 5. Мојсеева 4,6-8; Захарија 8,23.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Иако текстот не ја поврзува непосредно храната што ја јаделе со фактот дека биле „десет пати подобри“ од останатите во „мудроста и разбирањето“ (Даниел 1,20), таа поврзаност е очигледна. Во оваа глава, исто така, се кажува дека Бог им го дал тоа знаење и разум. Односно, Господ можел да работи со нив благодарение на нивната верност кон Него, која ја покажале со тоа што одбиле да јадат нечиста храна во Вавилон. Биле послушни и Бог ја благословил нивната послушност. Зар Бог не би направил нешто слично за стариот Израил како *целина* да се држел до учењето на Библијата постојано и верно како овие четири момчиња? Секако. Зар нема Тој да го направи истото за нас денес, во овие последни денови, ако сме верни?

**Со оглед на тоа дека ни е дадено толку голема светлина и вистина, како Црква треба да се запрашаме себеси: Дали сме верни и послушни на она што ни е дадено? Во исто време, на кој начин секој од нас поединечно може да заземе положба која ќе нè оспособи да бидеме моќни сведоци за Господа?**

## ДАНИЕЛОВАТА ПОСЕБНОСТ

Втората глава од Книгата на пророкот Даниел помага неброено мноштво луѓе во светот да верува во библискиот Бог. Тоа дава силен и разумен доказ не само за Божјето постоење, туку и за Неговото предзнаење. Навистина, откровението што го дава оваа глава за Божјето предзнаење, претставува доказ за Божјето постоење.

**Прочитајте: Даниел 2,1-49. Кој убедлив доказ за Божјето постоење го наоѓаме во оваа глава? Обрнете внимание, исто така, како е опишана денешна Европа во ова книга (Даниел 2,40-43). Како би можел еден човек, кој живеел пред околу 2600 години, толку точно да ги опише приликите освен преку божественото откровение?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Даниел отворено и без притеснување му оддал признание на Бога за она што му било откриено. Лесно можел да се фали дека неговата веќе признаена мудрост и разбирање е извор на неговата способност не само дека знае што сонувал царот, туку и дека тој сон ќе го протолкува. Меѓутоа, Даниел постапил поинаку. Молитвите што ги упатил самиот тој, но и другите (Даниел 2,17-23), ја покажале нивната потполна зависност од Бога; во спротивно, би умреле со останатите мудреци.

Даниел подоцна го потсетил царот дека неговите мудреци, гледачи или магови не се покажале способни да протолкуваат што сонувал. Спротивно на тоа, небесниот Бог може да ги открие тајните бидејќи Тој е единствен вистински Бог.

Според тоа, во својата понизност и на своето потпирање на Бога, Даниел бил моќен Божји сведок. Ако Даниел тогаш покажал понизност, колку повеќе ние денес треба да ја покажуваме? Всушност, нам ни е откриен планот на спасението, но Даниел го немал; а ако нешто треба да нè направи понизни, тоа треба да биде сознанието за она што Исус го направил на крстот.

**Каква поука крстот ни дава за понизноста? Што ни кажува, не само за нашата грешност, туку и за потполната зависност од Бога, кога е во прашање спасението? Размислете каде би биле без крстот. Со што тогаш треба да се фалите, освен со крстот? Види: Галатјаните 6,14.**

## ЗЛАТНИОТ ЛИК

Проучувачите на Библијата одамна ја забележале поврзаноста меѓу 3. глава на Книгата на пророк Даниел, извештајот за тројцата Евреи во полето Дури, и 13. глава на Откровението, описот на прогонството со кое се соочил Божјиот народ во минатото и со кое ќе се соочи во последното време.

**Споредете ги следните текстови: Даниел 3,1-6; Откровение 13,11-15. Кои сличности постојат меѓу овие два текста?**

___

Во двата случаи, во центарот се наоѓа прашањето за службата, но и двата зборуваат за присилна служба. Односно, политичките сили на власт бараат луѓето да им се поклонат ним, иако таквото право му припаѓа само на Господа.

**Прочитајте го текстот во Книгата на пророк Даниел 3,13-18. Што можеме да научиме од овој извештај а може да ни помогне да го сфатиме не само тоа со што ќе се соочиме во последните денови, туку како ќе се соочиме со она што доаѓа?**

___

Како најмоќен владетел на Земјата. Навуходоносор им се потсмевал на овие момчиња и на нивниот Бог зборувајќи: Кој е тој Бог што ќе ве спаси од моите раце? Тој наскоро дознал кој бил тој Бог, бидејќи подоцна изјавил: „Благословен да е Седраховиот, Мисаховиот и Авденаговиот Бог, кој го испрати својот ангел и ги избави своите слуги, оние кои се надеваа во Него, та не ѝ се покорија на царската наредба, туку побргу му ги предадоа своите тела на огнот, отколку да му служат или да му се поклонуваат на друг освен на својот Бог“ (Даниел 3,28).

Нема сомнение, откако го видел ова чудо, царот бил уверен дека има нешто посебно во тој Бог кому овие момчиња му служеле.

Меѓутоа, да претпоставиме дека тие момчиња не биле спасени од огнот, што, според нивното сфаќање, било јасно дека можело и тоа да се случи (Даниел 3,18). Зошто сепак постапиле правилно и не ја послушале царевата заповед, и покрај тоа што можеле да бидат живи спалени? Овој извештај претставува силно сведоштво за нивната вера и подготвеност цврсто да се држат за она во што веруваат, без оглед на последиците.

**Кога во последните денови ќе се јави прашањето за службата, како можеме да бидеме сигурни дека ќе останеме верни како нив? Ако сега не сме верни во „малку“, зошто сметаме дека ќе бидеме верни во нешто толку големо како што е последната криза?**

## ОБРАТУВАЊЕТО НА НЕЗНАБОШЦИТЕ

Третата глава од Книгата на пророк Даниел се завршува со признанието на Навуходоносор за вистинскиот Бог и за Неговата сила. Меѓутоа, да се познава Бог и Неговата сила, не е исто како и да се стекне искуството на ново раѓање, кое, според Исусовите зборови, е клучно за спасението (види: Јован 3,7). Навистина, човекот опишан во Книгата на пророк Даниел 4,30 бил сè, само обратена душа не.

**Прочитајте го текстот во Книгата на пророк Даниел 4,30. Со каков проблем се соочил овој човек? Види: Јован 15,5; Дела 17,28; Даниел 5,23.**

______________________________________________________________________

Меѓутоа, до моментот кога главата се завршила, Навуходоносор научил, иако на потежок начин, дека целокупната вистинска сила почива во Бога, и дека без Бога, тој не е ништо.

„Некогашниот лош владетел станал понизно Божјо дете; од тиранин и диктатор станал мудар и сочувствителен цар. Тој, кој некогаш го отфрлал и му пркосел на небесниот Бог, сега ја признал власта на Севишниот и сесрдно се трудел во срцата на своите поданици да поттикне богобојазливост и да ја унапреди нивната благосостојба. По укорот на Оној кој е Цар над царевите и Господар над господарите, Навуходоносор најпосле ја разбрал поуката која секој владетел мора да ја научи – дека вистинската големина се огледува во вистинската добрина. Тој признал дека Господ е жив Бог, велејќи: 'Сега јас, Навуходоносор, го фалам и го возвишувам и го славам небесниот Цар, чии сите дела се вистина и чии патишта се праведни и сите патиша правда, и Кој може да ги понижи оние кои одат во гордост'" (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр 521 ориг.).

**Какви вистини за Бога изговорил Навуходоносор? Даниел 4,35**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Четвртата глава од Книгата на пророк Даниел се завршува така што еден незнабожец ги признава авторитетот, власта и силата на „еврејскиот" Бог. Во одредена смисла, оваа слика е претteча на она што се случило во раната црква, кога, благодарение на сведочењето на Евреите и Божјата сила, незнабошците ја дознале вистината за Господа и почнале да ја објавуваат таа вистина по светот.

**Прочитајте Јован 3,7. Иако настаните на последните денови ги врзуваме за смртна казна, служба и прогонство, што кажува Исус во овој стих што, пред и над сè, ги подготвува луѓето за крајот на времето?**

## ДАНИЕЛОВАТА ВЕРНОСТ

**Прочитајте ја 6. глава од Книгата на пророк Даниел и одговорете на следните прашања:**

**1. Што ни открива текстот во Книгата на пророк Даниел 6,4.5 за карактерот на Даниел? Какви поуки можеме да извлечеме од овие стихови за тоа како другите треба да гледаат на нас?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**2. Какви сличности можеме да пронајдеме во оваа глава, кои се поврзуваат со последните настани опишани во Откровението? Види: Откровение 13,4.8.11-17.**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**3. Ставете се на местото на Даниел во ова прилика. Какво објаснување или аргумент можел да искористи за да не се моли? Односно, како можел да се оправда и така да се поштеди себеси од неволјата да биде фрлен во лавовската јама?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**4. Што мислите зошто Даниел продолжил да се моли како што тоа обично и го правел, иако нужно и не морал?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**5. Што рекол царот Дариј (Даниел 6,16) дури и пред Даниел да биде фрлен во лавовската јама, што покажува дека тој знае нешто за силата на Даниеловиот Бог? Што укажува во неговите зборови на тоа дека Даниел лично му сведочел на царот за Бога кому му служел?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Додека се приближуваме кон крајот на историјата на овој свет, мораме да посветиме посебно внимание на пророштвата што ги запишал-Даниел бидејќи тие се однесуваат токму на времето во коешто живееме. Со нив треба да се поврзат и зборовите од последната книга на Новиот завет. Сатаната успеал мнозина да наведе да веруваат дека пророчките делови од книгите на Даниел и Јован не можат да се разберат. Меѓутоа, имаме јасно ветување дека проучувањето на овие пророштва ќе го следат посебни благослови. ‚Разумните ќе разберат‘ (Даниел 12,10), кажано е за Даниеловите виденија, кои треба да бидат отпечатени во последното време. А за откровението, кое Христос му го дал на својот слуга Јован да служи како патоказ на Божјиот народ низ сите векови, врзано е ветувањето: ‚Блажен е оној кој чита и оние кои ги слушаат зборовите на ова пророштво и пазат на напишаното во него; зашто времето е блиску‘ (Откровение 1,3)“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 547.548., оригинал).

Иако сме склони да ја посматраме Книгата на пророк Даниел во рамките на подемот и падовите на народите, судот (Даниел 7,22.26; 8,14) и конечното ослободување на Божјиот народ во времето на неволјите (Даниел 12,1), оваа седмица видовме дека Книгата на пророк Даниел може да ни биде и пример за тоа како секој од нас лично да биде подготвен за искушенијата и прогонствата, кога ќе наидат во нашиот живот. Во оваа смисла, овие извештаи претставуваат извонредно важни пораки за нас во последните денови. Но, колку и да е корисно да знаеме сè за „жигот (белегот) на ѕверот“, за „времето на неволји“ и за идните прогонства, ако не сме го стекнале потребното искуство со Бога, сево ова знаење може само да нè осуди. Но најмногу од сè, нам ни е потребно искуството на ново раѓање што го стекнале Даниел и останатите, вклучувајќи го тука и царот Навуходоносор.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте ја молитвата на Даниел (Даниел 9,3-19). Како оваа молитва ни покажува дека Даниел сфатил што е благодатта и дека Бог нè сака и нè откупува бидејќи е добар, а не поради нашите заслуги или нашата добрина? Зошто е важно оваа вистина не само да ја сфатиме, туку и да ја доживееме?**

**2. Разговарајте во својата класа за предизвиците со кои се соочиле тројцата Евреи (Даниел 3 и Даниел 6) поради ставот што го зазеле кога нивната верска пракса била загрозена од страна на политичката власт. Какви сличности наоѓате во овие два извештаи? По што се разликуваат тие? Што можеме да научиме за тоа дека, доколку сме верни, можеме да бидеме моќни Божји сведоци?**

**3. Што значи да се биде повторно роден? Зошто Исус рекол дека мораме повторно да се родиме? (Јован 3,7)**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Поука 3**
**14 - 20 април 2018**

# ИСУС И КНИГАТА ОТКРОВЕНИЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 10,1-11; Откровение 12,1-17; 19,11-15; Ефесјаните 1,20; Откровение 11,19; 1,10-18.**
**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „На оној, кој победува, ќе му дадам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Мојот Татко на Неговиот престол“ (Откровение 3,21).**

Дури и површното читање на Новиот завет ни ја открива важната вистина: Новиот завет е непосредно поврзан со Стариот. Евангелието и посланијата одново и одново ни укажуваат на настаните од Стариот завет или директно или индиректно наведуваат старозаветни текстови. Кога Исус зборува за себе и за својата служба, често го споменува како „Писмото“ кое треба да се „исполни“ (види: Матеј 26,54.56; Марко 14,49; Јован 13,18; 17,12)?

Истото можеме да го кажеме и за Откровението. Невозможно е да го разбереме Откровението одделно од Стариот завет, особено Книгата на пророк Даниел. Тоа е причината што двете книги често заедно ги проучуваме.

Упатувањето на старозаветните текстови во Откровението е значајно затоа што, заедно со остатокот од книгата, го откриваат Исуса. Целото Откровение зборува за Исуса, за тоа кој е Тој, што направил за својот народ и што ќе направи за нас на крајот од времето. Неопходно е Исус секогаш да биде во центарот на нашите размислувања за настаните на последните денови, исто како што е и во Откровението. Затоа во поуката за оваа седмица ќе проучуваме за Исуса во рамките на книгата Откровение.

## СТРУКТУРА НА ОТКРОВЕНИЕТО

Меѓу бројните подробности, кои се заеднички за Книгата на пророк Даниел и Откровението, е и нивната основна поделба на историски и есхатолошки (настани на последното време) дел. Овие две теми се тесно поврзани во овие книги. Историските настани можеме да ги набљудуваме како претходници или примери, иако во помала мера, на големите и глобални настани на последните денови. Односно, проучувајќи што се случило во старозаветната историја, можеме да стекнеме увид што ќе се случи во наше време и подоцна. Меѓутоа, ова начело не е ограничено само на Книгата на пророк Даниел и Откровението.

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 10,1-11. Кое претходно споменато начело го забележуваме во овие стихови?**

---

Како што заклучивме минатата седмица, некои извештаи од Книгата на пророк Даниел (Даниел 3,6.15.27; 6,6-9.21.22) биле локални историски настани, кои во одредена мера ги одразуваат настаните на последните денови опишани во Откровението. Проучувајќи ги овие извештаи, можеме да стекнеме увид во одредени подробности со кои ќе се соочи Божјиот народ на крајот. Можеби, независно од нашите моментални прилики, најважно од сè е тоа што сме уверени во конечното спасение. На што уште и да нè учи Откровението, тоа ги уверува верните во нивната победа.

Иако има исклучоци, историскиот дел на Откривението го опфаќа текстот од 1. до 11. глава, а потоа следат главите, од 13. до 22., кои зборуваат за последното време.

**Прочитајте Откровение 12,1-17. Во кој историски дел или настани на последното време би требало да ја сместиме оваа глава и зошто?**

---

Како што можеме да видиме, оваа глава припаѓа и на едниот и на другиот сегмент. Зошто? Затоа што зборува за историските судири – протерување на сатаната од Небото (Откровение 12,7-9), нападот на сатаната врз новородениот Исус (Откровение 12,4), и прогонството на црквата во подоцнежната црковна историја (Откровение 12,14-16) – по што следи описот на нападот на сатаната на Остатокот во последното време (Откровение 12,17).

**Постои изрека дека една од поуките кои ги учиме од историјата е дека *никогаш* не учиме од историјата. Во кој временски период и да живеат, луѓето ги прават истите грешки. Имајќи можност да учиме од таквата долга историја, како можеме да избегнеме да ги правиме истите грешки?**

## СЛИКИ НА ИСУС

**Прочитајте ги следните текстови во кои се споменуваат различните Исусови имиња. Во некои од примерите е објаснето и што правел Исус, што прави и што ќе направи. Што можеме да научиме за Исуса од овие текстови?**

**Откровение 1,5.** ____________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**Откровение 1,18.** ___________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**Откровение 5,8.** ____________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**Откровение 19,11-15.** ________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**Откровение 21,6.** ___________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Ова се само неколку од многуте текстови во Откровението кои го опишуваат Исуса во различни улоги и служби. Тој е Јагнето. Тоа укажува на Неговото прво доаѓање, кога Себеси се принел како жртва за нашите гревови. „Очистете се од стариот квас, за да бидете ново тесто, како што сте бесквасни. Зашто и Христос, нашето пасхално јагне, беше жртвувано за нас“ (1. Коринќ. 5,7). Тој е исто така Оној кој вели „умрев, и ете, Жив Сум во сите векови“ (Откровение 1,18), што јасно укажува на Неговата смрт и воскресение. „Така е напишано дека Христос треба да пострада и да воскресне од мртвите во третиот ден“ (Лука 24,46). Во Откровение 19,11-15 опишана е Неговата улога за време на Второто доаѓање, кога ќе се врати на Земјата во сила и слава, носејќи суд. „Зашто Синот Човечки ќе дојде во славата на Својот Татко, со Своите ангели, и тогаш ќе му даде награда на секого според неговите дела“ (Матеј 16,27).

**Како од ден на ден можеме да научиме Исусовиот живот, смрт, воскресение и враќање, да биде центар на нашето постоење и темел на моралните одлуки што ги донесуваме?**

## МОТИВОТ НА СВЕТИЊАТА ВО ОТКРОВЕНИЕТО

Покрај веќе споменатата главна поделба, Откровението има уште едно структурно ниво, изградено околу еврејското Светилиште. Овој мотив на Светињата не е ограничен на ниту една од поделбите, туку ги опфаќа и двете. Во земното Светилиште тој почнува во предворјето, на олтарот каде што се спалувала жртвата и биле убивани животните. По смртта на животното, симболот на крстот, свештеникот влегувал во првото одделение на Светилиштето, што укажувало на она што го правел Исус во небесното Светилиште по вознесението. Тоа е претставено со Исусовото одење меѓу свеќниците (Откровение 1,13).

**Прочитајте го текстот во Откровение 4,1.2. Што претставува отворената врата? Каде се одигрува оваа сцена? Види: Дела 2,33; 5,31; Ефесјаните 1,20; Евреите 10,12.13; Псалм 110,1; Откровение 12,5.**

___

___

___

Набргу по своето вознесение, Христос влегол во светињата на небесниот храм низ оваа прва отворена врата. Кога Христос прв пат се јавува во книгата Откровение, Тој стои пред свеќниците на првото одделение на небесното Светилиште (види: Откровение 1,10-18).

**Прочитајте го текстот во Откровение 11,19. Зошто е значаен фактот дека Јован го видел ковчегот на Неговиот завет во второто одделение на земното Светилиште (види: 3. Мојсеева 16,12-14)?**

___

___

___

Сликата на ковчегот на заветот во Небесното светилиште несомнено укажува на Светињата над светињите, односно на второто одделение на небесното Светилиште. Во книгата Откровение не само што ја гледаме Исусовата служба во двете одделенија туку и клучниот и утешен факт дека настаните на Небото и Земјата се поврзани. Дури и среде неволјите во последните денови, како што е опишано во Откровението, можеме да бидеме сигурни дека „целото Небо е вклучено во подготовката на народот кој треба да опстане во Господовиот ден на подготовка. Врската меѓу Небото и Земјата изгледа многу тесна“ (Елена Вајт, *Мојот живот денес*, стр. 308).

## ХРИСТОС ВО ОТКРОВЕНИЕТО: ПРВ ДЕЛ

Сè во Откровение, од структура до содржина, има една цел: да го открие Исуса Христа.

Затоа воведните зборови на оваа книга гласат: „Откровение на Исуса Христа“ (*Apocalypsis Iesou Christou*). Тие обично се сфаќаат како 1) „Откровение од Исуса Христа“ или 2) „откровение за Исуса Христа“ (Откровение 1,2). Фактот дека овде станува збор за „откровение“, не е во согласност со мислењето на оние кои веруваат дека Откровението е премногу тешко за да може да се разбере. Зошто Господ би ја сместил таа книга во Библијата, ако не мислел да биде сфатена од страна на оние кои ја читаат?

**Што можеме да научиме за Исуса од стиховите во Откровение 1,1-8?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Христос во Откровението е претставен како „Кнез на земните цареви“ (Откровение 1,5), а при крајот на книгата е опишан како „Цар над царевите“ (Откровение 19,16). Возвишена е веста дека, среде сиот метеж и збрка на Земјата, можеме да бидеме сигурни дека нашиот возљубен Господ и Спасител ја има конечната власт.

Откровение 1,5 јасно укажува на Христа како Откупител. Текстот кој гласи: „Кој нè љуби и кој нè изми од нашите гревови во својата крв“ укажува на неговата помирувачка смрт на крстот. Тој не само што нè оправдал туку и нè посветил (1. Коринќаните 6,11). Во текстовите како што е овој можеме да пронајдеме сигурност во спасението, бидејќи ни покажува дека Исус е Тој што ги мие нашите гревови. Ние, секако, не можеме тоа сами да го направиме.

**Што можеме да научиме за Исуса од стихот во Откровение 1,7?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Суштината на целокупната христијанска вера е ветувањето дека Христос ќе се врати „на облаците“. Исус повторно ќе дојде. Тоа ќе биде буквално враќање за кое ќе сведочи целиот народ, настан кој еднаш засекогаш ќе стави крај на страдањата, збрката и пропаста на овој свет и ќе ги оствари сите ветувања во вечноста.

**Што дознаваме за Исус од текстот во Откровение 1,8? Каква надеж можеме да пронајдеме во овој стих, која може да ни пружи утеха со какви било искушенија да се соочуваме?**

## ХРИСТОС ВО ОТКРОВЕНИЕТО: ВТОР ДЕЛ

**Прочитајте го текстот во Откровение 1,10-18. Што вели Исус за себе во овие стихови?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Исус во овие стихови е прикажан како стои во првото одделение на небесното Светилиште. Неговата улога овде била толку силно откриена што Јован со страв паднал пред Неговите нозе. Исус, кој секогаш дава утеха, му вели да не се плаши и укажува на Себе како на Алфа и Омега, Прв и Последен – што се однесува на Неговото вечно постоење како Бог. Подоцна зборува за својата смрт, за воскресението и надежта која Неговото воскресение ја носи. Исус има клучеви од „пеколот и од смртта“. Со други зборови, Исус овде му го кажува на Јован истото она што ѝ го рекол на Марта во врска со смртта на нејзиниот брат. Тие зборови Јован исто така ги забележал: „Јас Сум Воскресението и Животот; кој верува во Мене - и да умре - ќе живее. И секој, кој живее и верува во Мене, нема да умре довека. Веруваш ли во ова?“ (Јован 11,25.26)

Најпрво во разговорот со Марта, а потоа и со Јован, Исус укажува на надежта во воскресението, која претставува врв на христијанската вера. Без оваа надеж, каква надеж би имале?

**Прочитајте го текстот во Откровение 22,7.12.13. Што ни откриваат овие стихови за Исуса?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Исус Христос е Алфа и Омега, Постанок на Стариот завет и Откровение на Новиот. И двата се среќаваат во Христа. Адам и Бог се помирени преку послушноста на вториот Адам, кој остварил победа над искушенијата на сатаната и ја откупил Адамовата срамна грешка и пад“ (Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary*, 6. книга, стр. 1092.1093). Да, Исус е почеток и крај. Тој нѐ создал во почетокот, и повторно ќе нѐ создаде на крајот.

Од почеток до крај, Откровението кое не учи само за историјата, туку и за настаните на последните денови, и понатаму е *Apocalypsis Iesou Christou,* Откровение на Исуса Христа. И уште еднаш да повториме, што и да проучуваме за последните настани, Исус Христос мора да биде во нивниот центар.

**На кои начини секој ден можеме да го задржиме Исуса во центарот на нашиот живот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Во тоа Откровение се опишани длабоките Божји тајни. Веќе самото име што им е дадено на вдахновените страници на оваа книга ’Откровение’, е во спротивност со тврдењето дека таа книга е запечатена. Откровението означува нешто што е откриено. Господ му ги открил на својот слуга тајните што се содржат во таа книга и Тој сака тие да му бидат достапни за проучување на секого кој има желба за тоа. Нејзините вистини се наменети за оние што живеат во последните денови од земната историја, исто како и за оние што живееле во деновите на Јована. Некои од настаните опишани во тоа пророштво му припаѓаат на минатото, некои се одигруваат сега, а некои ни го предочуваат крајот на големата борба меѓу силата на темнината и небесниот Кнез, додека некои го опишуваат триумфот и радоста на откупените на обновената земја“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 584 оригинал).

Текстовите што ги проучувавме оваа седмица, кои се наоѓаат и на почетокот и на крајот на Откровението, покажуваат дека голем дел од оваа книга зборува за Исуса. Дури и покрај сите старозаветни укажувања на историските настани, Книгата Откровение повеќе нè учи за Господа Исуса. Прочитајте уште некои текстови од Откровението кои зборуваат за Него: Откровение 3,14; 5,5.6; 7,14; 19,11-16. Кога ќе ги споиме сите овие текстови, добиваме силен опис на Исуса Христа и дознаваме што треба Тој да ни значи нам, кои тврдиме дека сме Негови следбеници.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Што значи за нас фактот дека во целиот Нов завет се јавуваат текстови кои упатуваат на Стариот завет? Што ни кажува ова сознание за тоа колку е важно Писмото да зазема централно место во нашата вера и колку сериозно треба да ја сфатиме Божјата реч? Како можеме да се заштитиме од секој обид да се намали авторитетот на Светото писмо во нашиот живот и во животот на Црквата?**

**2. Прочитајте го Откровението и пронајдете што е можно повеќе текстови кои се однесуваат посебно на Исуса. Прочитајте ги тие текстови во класата. Што друго ни откриваат за природата, работата, силата и карактерот на нашиот Господ? Каква утеха примате од она што го откриваат овие текстови?**

**3. Како во светот на смртта можеме да пронајдеме надеж и утеха во ветувањето за воскресението од мртвите?**

**Поука 4**
**21 - 27 април 2018**

# СПАСЕНИЕТО И ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 14,9; Софонија 3,17; Јован 1,1-3; Римјаните 8,38.39; Псалм 91,15.16; Откровение 14,6.7; Ефесјаните 1,4.5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во тоа ни се откри Божјата љубов, кон нас, што Бог Го испрати во светот Својот Единороден Син за да живееме преку Него“ (1. Јованово 4,10).**

Меѓу христијанските и нехристијанските религии постои интересна и важна разлика според која овие другите го нагласуваат она на што ги учеле нивните основачи, но не и *што направиле за нив*. И затоа, што и да направиле нивните водачи за нив, тоа не може да им донесе спасение. Сè што можат да прават овие водачи е да ги учат луѓето како да се „спасат“ самите себе.

Спротивно на ова, христијаните не го нагласуваат само учењето на Исус, туку и она што го направил, бидејќи тоа што Христос го направил претставува единствен начин на спасение. Христовото отелотворување (Римјаните 8,3), Неговата смрт на крстот (Римјаните 5,8), Неговото воскресение (1. Петрово 1,3) и Неговата служба на Небото (Евреите 7,25) – се единствени дела кои нè спасуваат. Нашите тоа сигурно не можат да го направат. „Ако се обедини сè што е добро, свето, благородно и убаво во човекот, а потоа тоа да им го претставиме на Божјите ангели како можност за учество во спасението на човечките души или дејствување во нивна полза, предлогот би бил одбиен како предавнички чин“ (Елен Вајт, *Faith and Works*, стр. 24).

Оваа возвишена вистина е особено важна за нас, кои сме опкружени со опасностите и измамите на последните денови.

## ТАТКОВАТА ЉУБОВ

Кратко време пред крстот, Исус разговарал со потесниот круг на своите следбеници за тоа како луѓето можат да дојдат кај Отецот преку Него. Филип тогаш рекол: „Господи, покажи ни Го Таткото, и доста ни е“ (Јован 14,8).

**Што му одговорил Исус на Филип? Јован 14,9. Што можеме да научиме за Отецот од неговиот одговор? Кои погрешни претстави за Бога треба да ни ги разјасни Неговиот одговор?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Некои луѓе велат дека Бог на Стариот Завет е Бог на правдата во споредба со Бога на Новиот завет, кој е полн со милост, благодат и проштавање. Разликата што тие ја прават е неоснована. Тоа е истиот Бог, со истите особини, и во Стариот и во Новиот завет.

Една од причините зошто Христос дошол на овој свет била за да ја открие вистината за Бог Отецот. Погрешните претстави за Него и за Неговиот карактер низ вековите се рашириле не само меѓу незнабошците, туку и меѓу Божјиот избран народ. „Земјата ја обвил мрак, зашто Бог е погрешно сфатен. За да се растераат мрачните сенки, за светот да може да се врати кај Бога, сатанската измамничка сила морала да биде скршена“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 22 оригинал). Ова биле некои од причините зошто Исус дошол на Земјата.

Бог не се менува. Ако ги знаеме сите факти во врска со настаните во Стариот завет, ќе сфатиме дека Бог во Стариот завет бил подеднакво милостив како и во Новиот. Писмото објавува: „Бог е љубов“ (1. Јованово 4,8) и Тој не се менува. „Исус Христос е ист вчера, и денес, и довека“ (Евреите 13,8).

Не заборавајте дека Бог на Стариот завет висел на крстот.

Овој Бог едновремено е и милосрден, долго трпи и има голема милост (Псалм 145,8). Бог ја објавува својата милост (Псалм 143,8) и се весели поради своите следбеници (Псалм 147,11). Божја намера е да направи Неговиот народ да напредува и да има надеж (Еремија 29,11). Тој со својата љубов ќе му се радува на својот народ пеејќи (Софонија 3,17). Овие текстови, и уште многу други, покажуваат каков е навистина Бог Отецот.

**Размислете за фактот дека Исус го претставува Бог Отецот. Зошто оваа прекрасна вистина е полна со надеж, особено за оние кои понекогаш можеби се плашат од Бога?**

## ХРИСТОВАТА ЉУБОВ

Гревот го одвоил човечкиот род од Бога; огромна бездна се отворила меѓу нив, и ако не е премостена, човештвото би било осудено на вечно уништување. Безднатa била длабока и страшна. Затоа било потребно да се случи нешто неверојатно за да се реши проблемот со гревот и грешниот човечки род повторно да се соедини со праведниот и свет Бог. Било потребно едно вечно Суштество, Бог лично, да стане човек, и Тој, во човечка природа, да се принесе себеси како жртва за нашите гревови.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 1,1-3.14; Филипјаните 2,5-8. Што можеме да научиме од овие стихови за тоа кој е Исус?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Христос е вечен и Неговото постоење не зависи од никого и од ништо. Тој е Бог – не само што бил во Божји лик, туку бил и Бог лично. Неговата суштинска природа е божествена и вечна. Исус ја сочувал таа божествена природа, но станал и човечко суштество за да го одржи законот во човечкото тело и да умре како Замена за сите оние кои го прекршиле Законот - а тоа сме сите ние (Римјаните 3,23).

Христос станал човек без да има некаква предност во однос на другите луѓе. Тој го одржал Божјиот закон, но не благодарение на својата внатрешна божествена сила, туку потпирајќи се на истата надворешна божествена сила која му е достапна и на секој човек.

Исус бил во потполност и Бог и човек. Тоа значи дека Оној, кој носи „сѐ со Своето силно Слово" (Евреите 1,3), бил истиот Оној кого како новороденче го пронашле „како лежи во јаслите" (Лука 2,16). Тоа значи дека Оној, кој „е пред сѐ и сѐ во Него има свое сплотување" (Колошаните 1,17), е истиот Оној кој како дете „напредуваше во мудроста, во растењето и во благодатта пред Бога и пред луѓето" (Лука 2,52). Тоа значи дека Оној без кого „ништо, што стана, не стана без Него" (Јован 1,3), бил истиот Оној кого „го обесивте на дрво и го убивте" (Дела 5,30).

Ако сево ова ја открива Христовата љубов кон нас, а Христовата љубов кон нас не е ништо друго туку приказ на љубовта на Отецот кон нас, тогаш не е ни чудно што имаме толку многу причини да се радуваме и да бидеме благодарни!

**Прочитајте го текстот во посланието до Римјаните 8,38.39. Кои силни докази ни се дадени во темата што ја проучуваме во денешната поука, за да веруваме во она што Павле го кажува во својот текст?**

## ЉУБОВТА НА СВЕТИОТ ДУХ

Светиот Дух е погрешно сфатен, речиси во иста мера како и Отецот. Некои теолози сметаат дека Духот е љубовта меѓу Таткото и Синот. Со други зборови, сметаат дека Духот е приврзаноста меѓу Таткото и Синот. Тоа значи дека Тој е сведен на односот меѓу двете лица на Божеството и дека не е личност.

Меѓутоа, според Светото писмо, Светиот Дух е личност. Христијаните се крштаваат во Неговo име, исто како и во името на Отецот и во името на Синот (Матеј 28,19). Духот го прославува Христа (Јован 16,14). Духот ги осведочува луѓето (Јован 16,8). Може да се ожалости (Ефесјаните 4,30). Тој е Утешител (Јован 14,16), Помошник, Советник. Тој поучува (Лука 12,12), посредува (Римјаните 8,26) и посветува (1. Петрово 1,2). Христос рекол дека Духот ги упатува луѓето на вистината (Јован 16,13).

Накратко речено, Светиот Дух е Бог, како што се и Отецот и Синот. Заедно, тие се еден Бог.

**Во сè што прави Духот, ја открива божествената љубов. Што прави Тој? Лука 12,12; Јован 16,8-13; Дела 13,2.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Најголем доказ дека Светиот Дух е Бог е Христовото отелотворување. Исус бил роден од Светиот Дух (Матеј 1,20). Само Бог можел „да создава“ на тој начин.

Светиот Дух изнел две спротивни чуда за Христа. Прво, Тој направил сеприсутниот Христос да се најде во утробата на Марија. Христос се вознел телесно на Небото во човечко тело, ограничен во рамките на тоа тело. Второ, Духот направил уште едно необјасниво чудо, Христос, кој е ограничен со својата човечка природа, да биде присутен меѓу христијаните насекаде во светот.

Според тоа, Светиот Дух, заедно со Отецот и Синот, работи во наша полза. „Божеството било поттикнато од сомилост кон човечкиот род, а Отецот, Синот и Светиот Дух се предале себеси за извршување на планот на спасението“ (Елена Вајт, *Counsels on Health,* стр. 22).

Отецот, Синот и Светиот Дух нè сакаат сите нас подеднакво и дејствуваат за да нè спасат и да нè воведат во Божјото вечно царство. Како тогаш можеме да го занемариме таквото возвишено спасение?

**Во колкава мера можеме да примиме утеха од фактот дека Отецот, Синот и Светиот Дух работат за нашето вечно добро?**

## СИГУРНОСТА НА СПАСЕНИЕТО

Некои христијани адвентисти се прашуваат дали ќе бидат спасени. Им недостасува сигурност и копнеат да ја дознаат својата иднина во врска со вечниот живот. Тие вложуваат напори за да бидат доволно добри, а сепак знаат дека не успеваат во тоа. Гледајќи во себе, наоѓаат многу малку од она што може да ги охрабри на нивниот животен пат.

Кога ќе ја увидиме огромната бездна меѓу Исусовиот карактер и нас самите, или кога ќе прочитаме текст сличен на овој: „Зашто тесна е вратата и тесен е патот, што водат во живот, и малцина се кои го наоѓаат“ (Матеј 7,14), кој од нас не се прашува дали ќе успее?

За да бидат подготвени за последното време, луѓето мораат да ја имаат сигурноста на спасението во сегашниов момент. Тие мораат да се радуваат на вистинитоста на спасението за да можат без страв да се соочат со иднината. Како што видовме, сите три лица на Божеството настојуваат да нè спасат. Според тоа, ние можеме и треба да живееме со сигурноста во спасението.

**Прочитајте ги следните текстови. Каква надеж и сигурност пронаоѓаме во нив во врска со спасението и со она што Бог го направил за нас и што ветува дека ќе го направи?**

**Псалм 91,15.16.** ______________________________________________

______________________________________________________________

**Јоил 2,31.32.** ______________________________________________

______________________________________________________________

**Јован 10,28.** ______________________________________________

______________________________________________________________

**Римјаните 10,9-13.** ______________________________________________

______________________________________________________________

**1. Јованово 5,11-13.** ______________________________________________

______________________________________________________________

Повикани сме, дури и ни е наложено, да живееме свет живот, но ваквиот живот не е средство со кое го постигнуваме спасението, туку последица на спасението кое Христос ни го овозможил. Иако мораме да бидеме верни, дури и до самата смрт, секогаш мораме да се потпираме на тој дар како на единствена надеж на спасението. Божјиот народ ќе биде верен и послушен во последните денови. Нивната верност и послушност потекнува од сигурноста во она што Христос го направил за нив.

## ВЕЧНО ЕВАНГЕЛИЕ

**Прочитајте го текстот во Откровение 14,6.7. Што е „вечно Евангелие“?**

___

Евангелието во овој текст се нарекува вечно. Тоа е уште еден доказ дека Бог не се менува. Непроменливиот Бог има непроменливо Евангелие. Тоа им обезбедува сигурност на сите кои се подготвени да го прифатат. Евангелието ја открива Божјата непроменлива љубов, и токму оваа порака треба да му се објави на светот. Секому му е потребна прилика да го слушне. Затоа Бог го повикал својот народ да ја рашири.

**„Зашто нѐ избра во Него, пред создавањето на светот, за да бидеме свети и непорочни пред Него во љубов. Како што нѐ и определи однапред за да нѐ посини преку Исуса Христа, по благоволение на својата волја“ (Ефесјаните 1,4.5). Што ни кажува овој текст за тоа колку Евангелието е навистина „вечно“?**

___

___

Избрани во Него „пред постанокот на светот“. Разговарајте за ова „вечно“ Евангелие! Дури и пред создавањето на овој свет, Божјиот план бил да имаме спасение во Него.

Обратете внимание на некои од споменатите зборови „избра“, „нѐ определи однапред“, „по благоволение на својата волја“, „нѐ посини“. Забележете колку овие два стиха укажуваат на Божјата желба да имаме вечен живот „во Него“. Фактот дека Бог сето тоа го направил пред вечните времиња (види: 2. Солуњаните 2,13; 2. Тимотеј 1,9) јасно укажува на неговата благодат, покажувајќи дека нашето спасение не зависи од нашите дела, ниту од заслугите на кое било создадено суштество, туку во потполност произлегува од Божјиот возвишен карактер. Како спасението може да произлегува од она што ние го правиме, ако сме избрани да го примиме тоа спасение во Него пред нашето постоење? Дали сето тоа ќе го прифатиме или ќе го отфрлиме, изборот е наш.

Како овој извор се покажува во животот на избраните? „За да бидеме свети и непорочни пред Него во љубовта“ (Ефесјаните 1,4). Исто така, и за ова сме избрани.

**Повикани сме да го шириме „вечното Евангелие“ на светот како дел од пораката за последното време пред Христовото доаѓање. Зошто мораме да ја знаеме и да ја искусиме стварноста на „вечното Евангелие“ во својот живот пред да можеме да им го објавиме на другите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Можеме да ја имаме сигурноста на спасението, но не смееме да негуваме вообразеност во врска со тоа. Дали постои лажна сигурност на спасението? Секако. Исус, исто така, нѐ предупредил во врска со тоа со следните зборови: „Не секој, што Ми вели: 'Господи, Господи!' ќе влезе во царството небесно, а оној, кој ја врши волјата на Мојот Татко, Кој е во небесата. Мнозина ќе Ми речат во оној ден: 'Господи, Господи, не пророкувавме ли во Твое име; не изгонувавме ли бесови во Твое име; и не правевме ли многу чуда во Твое име?' И тогаш Јас ќе им изјавам: 'Никогаш Јас не сум ве познавал; одете си од Мене вие, кои правите беззаконие!'" (Матеј 7,21-23)

Овие луѓе направиле две пресудни грешки. Прво, и покрај сите големи дела кои ги правеле во името Господово, тие не ја твореле Божјата волја, односно не го држеле Неговиот закон. Исус не рекол: „Одете си од Мене" вие, кои „не сте безгрешни" или вие кои „не сте без вина" или вие кои „не сте совршени". Наместо тоа, ги опишал како „беззаконици" – превод на зборот *anomian*, „без закон". Второ, забележете дека се истакнувале себеси и она што го постигнале: *Не правевме ли ова во Твое име?* Или, *Не правевме ли она во Твое име?* Или, *Зар не го правевме и она во Твое име?* Ве молам! Колку далеку мораат да бидат од Христа за, со укажување на своите дела, да се обидат да се оправдаат себеси пред Бога? Единствените дела кои ќе нѐ спасат се Христовите, кои нам ни се припишуваат преку верата. Во тоа лежи нашата сигурност – не во нас самите или во нашите дела, туку само во она што Христос го направил за нас. Сакате сигурност? Почитувајте го Божјиот закон и почивајте само во заслугите на Христовата правда, и ќе ја имате сигурноста која ви е потребна.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Мартин Лутер изјавил: „Кога ќе погледнам во себе, не знам како можам да бидам спасен. Кога ќе погледнам во Исуса, не знам како можам да бидам изгубен". Колку голема мудрост пронаоѓаме во овие зборови? Зошто е важно постојано да ја имаме на ум оваа мисла?**

**2. Размислувајте повеќе за идејата дека сме избрани за спасение уште пред основањето на светот. Зошто тоа не значи дека сите ќе бидат спасени? Ако некои луѓе не бидат спасени, дали тоа ќе биде затоа што Бог не ги избрал или поради одлуките кои ги донеле?**

**3. Како стварноста на големата борба ни помага подобро да излеземе на крај со постоењето на злото во светот кој Отецот, Синот и Светиот Дух го сакаат?**

**Поука 5**
**Од 28 април до 4 мај 2018**

# ПОВЕРЕНИЦИТЕ ПО ЕДЕМСКАТА ГРАДИНА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 8,3; Јован 1,29; Откровение 5,12; Евреите 7,1-28; 9,11-15; 3. Мојсеева 16,13; Евреите 9,20-23.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Па затоа и Бог го превозвиши и му даде име што е над секое име, та во името на Исус да се поклони секое колено на сѐ што е небесно, земно и подземно“ (Филипјаните 2,9.10).**

Во Посланието до Евреите забележано е следното во врска со Исуса во небесното Светилиште: „Каде што Исус за нас влезе најнапред, откако стана вечен Првосвештеник по чинот Мелхиседеков“ (Евреите 6,20).

Светото писмо, посебно Новиот завет, многу јасно ни зборува за Христовата улога како Поглавар свештенички во небесното Светилиште – улога која ја презел откако ја завршил задачата на Земјата принесувајќи се Себеси како жртва (види: Евреите 10,12).

Оваа седмица ќе проучуваме за Христовата служба во небесното Светилиште. Неговата посредничка улога е важна за подготовката на Неговиот народ за последното време. Дадена ни е следната клучна опомена: „Предметот на Светилиштето и на истражниот суд Божјиот народ треба да го разбере јасно и правилно. Сите би требало да стекнат лично познавање за положбата и за делото на нашиот голем Поглавар свештенички; инаку ќе им биде неможно во ова време да имаат вистинска вера или да заземаат положба што Бог сака да ја имаат“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 488 оригинал).

Што прави Христос за нас во небесното Светилиште, и зошто е толку важно тоа да го сфатиме, особено во овие последни денови?

## НАЈГОЛЕМАТА ЖРТВА

Проучувањето за најголемата Христова жртва им помага на верниците да се подготват за последното време. Често луѓето гледаат на целта пред себе и тоа има смисла. Меѓутоа, исто така, добро е да сфатат дека целта се наоѓа и зад нив. Станува збор за Голгота. Целта, која Исус ја остварил за нас, е непроменлива, конечна и дава сигурност на целта која е пред нас.

**Прочитајте ги следните текстови: Римјаните 8,3; 1. Тимотеј 1,17;6,16; 1. Коринќаните 15,53. Зошто Бог го испратил својот Син на овој свет?**

___

___

___

Бог го испратил Христа да стане жртва за гревот, да го осуди гревот во телото. Што значи тоа? Како бесмртно битие, Христос не можел да умре. Затоа Господ станал човек, земајќи ја на Себе нашата смртна природа за да може да умре како наша замена.

Иако бил божествено битие, иако имал божествена природа, Исус зел лик на „човек“ и се понизил и станал „послушен до смрт, дури и до смрт на крст“ (Филипјаните 2,6-8). Христовата божествена природа, само Бог знае како, не умрела кога Исус умрел на крстот. На начин кој ја надминува човечката моќ на сфаќање, Исусовата божествена природа мирувала девет месеци во утробата и неколку дена во гробницата, и Исус никогаш не ја употребил за да ѝ помогне на својата човечка природа во текот на овоземниот живот и служба.

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Лука 9,22. Што кажува овој стих за извесноста на Христовата смрт?**

___

___

___

Христос се родил за да умре. Можеме да претпоставиме дека не постоел ниту еден момент во вечноста кога не размислувал за потсмевањето, камшикувањето, мачењето и болното распетие со кое ќе соочи. Ова е пример на неспоредлива љубов, никогаш порано видена и никогаш во потполност сфатена.

**Што можеме ние луѓето да направиме пред ваквата љубов, освен да паднеме на своите колена и на Бога да му служиме со вера и послушност? Што ни кажува крстот за безвредноста на човечките заслуги?**

## БОЖЈО ЈАГНЕ

**Прочитајте ги текстовите во Евангелието според Јован 1,29 и Откровение 5,12; 13,8. Која слика е заедничка во овие текстови и зошто таа е важна за сфаќањето на планот на спасение?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Кога Јован Крстител го нарекол Исуса „Божјо јагне“, тој непогрешливо укажал на Светилиштето. Уште понепосредно укажал на Христовата смрт за гревот како единствено исполнување на сите некогаш убиени јагниња (и други жртвени животни принесени во еврејското Светилиште) како жртви за грев. Четирите Евангелија, покрај останатото што го учат, на крајот опишуваат што правел Исус како Божјо јагне кое ги презело гревовите на светот.

Меѓутоа, извештајот за Исус и за Неговите дела околу нашето спасение не се завршува со Евангелието, дури ни со Неговата смрт и воскресение.

Посланието до Евреите уште од самиот почеток се занимава со темата за Христос како Поглавар свештенички во небесното Светилиште по Неговата улога на жртвено Јагне. Откако за прв пат е споменат во оваа улога по крстот (Евреите 1,3), наредните глави во Книгата укажуваат на Исуса како Првосвештеник. Неговиот пад во небесното Светилиште детално е опишан во Посланието до Евреите 7,1-28.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Евреите 7,1-28. Што кажува писателот за Исус овде?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Иако значењето на овие стихови е длабоко и богато, во суштина, зборуваат дека Исус Христос има подобро свештенство од свештенството одАроновиот ред кое служело во овоземното Светилиште. Меѓутоа, сега, наместо свештеник во овоземното Светилиште, имаме небесен Првосвештеник кој служи во наша полза во Светилиштето на Небото. Затоа, кога го насочуваме сега својот поглед на Исуса, го насочуваме кон Него како наш свештенички Поглавар во небесното Светилиште.

## НАШИОТ ПРВОСВЕШТЕНИК

**Прочитајте го текстот во Посланието до Евреите 7,24-27; 8,6. Каква возвишена надеж ни се нуди во овие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Христос може да пружи потполно спасение благодарение на одлуките кои ниеден друг свештеник никогаш ги немал. Тој е Бог, кој има власт да простува гревови. Тој има вечно свештенство. Во текот на христијанската ера Тој сето време посредува за својот народ, со истото грижливо сочувство како кога ги лечел болните и ги тешел осамените. Тој, исто така, е и човек, но е роден без грев и останал без грев. И како Безгрешен, умрел под тешкиот товар на целокупниот човечки грев. Само Тој, како Богочовек, може да посредува за грешниците во небесното Светилиште.

Овие текстови, исто така, покажуваат дека Христовата жртва е принесена еднаш засекогаш. Доволно било еднаш да биде принесена и да донесе спасение на секое човечко суштество.

Имајќи предвид кој умрел на крстот, како таков дар да не биде доволен за секој човек?

**Прочитајте го текстот во Посланието до Евреите 9,11-15. Што остварил Христос за нас со својата смрт и што остварува сега со својата служба на Небото?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во текстот во Посланието до Евреите 9,12 забележано е дека Христос „ни прибави вечен откуп“. Грчкиот збор преведен како „откуп“ исто така значи и „откупување“, „ослободување“ и „избавување“. Истиот збор употребен е и во Евангелието според Лука 1,68 кога Захарија објавил дека Бог „го посети и го искупи својот народ“. Укажувањето на Христовата крв – крвта на единствената доволна жртва – значи дека Христос, како жртвено Јагне, го извршил ова откупување, ова спасение. Радосната вест на Евангелието гласи дека Христос тоа не го остварил за Себе, туку за нас и дека се однесува на сите кои ќе ја прифатат Христовата жртва.

**Размислувајте за тоа дека Христос „ни прибави вечен откуп“ за нас и дека го започнал своето дело во небесното Светилиште во наша полза откако сето ова го остварил. Каква надеж ни влева тоа што Христос го прави за нас во небесното Светилиште?**

## НАШ ПОСРЕДНИК

Иако гревот внел страшен раздор меѓу Бога и човечкиот род, со Христовата смрт, ние, како човечки суштества, сме доведени пред Бога и можеме да имаме натамошен пристап до Него. Види: Ефесјаните 2,18; 1. Петрово 3,18.

**„Неа ја имаме како безбедна и цврста котва на душата, која навлегува и зад завесата, каде што Исус влезе за нас како претходник, откако стана вечен Првосвештеник по редот Мелхиседеков“ (Евреите 6,19.20). Според овие стихови, што сторил Исус за нас?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Прочитајте го текстот во Посланието до Евреите 9,24. Според овој текст, што опфаќа Христовата дело?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус влегол пред нас во самото Божјо присуство, стапувајќи како наш Претставник во небесното Светилиште. Односно, Исус стои пред Отецот, изнесувајќи ги заслугите на својата помирителска жртва, „вечниот откуп што го „прибави“ во наша корист.

Да, кога ќе го прифатиме Исуса, нашите гревови се простени, и пред Бог стоиме очистени. Меѓутоа, останува фактот дека, и откако сме станале христијани, ние и понатаму грешиме, и покрај сите прекрасни ветувања за победа. Во тој случај, Исус, посредува како наш Првосвештеник на Небото. Тој го претставува грешникот кој се кае, не изнесувајќи ги нашите заслуги пред Бога (бидејќи ги немаме), туку своите.

„Затоа и може наполно да ги спасува оние, кои преку Него доаѓаат при Бога, зашто секогаш живее, за да посредува за нив“ (Евреите 7,25).

**Зар новородените христијани не чувствуваат постојана потреба за Христовата милост и благодат? Односно, и покрај новиот живот што го имаме во Исуса, и покрај прекрасните промени во нашиот живот, кој не ја увидува постојаната потреба за проштавање? Зошто тогаш, фактот за Христа како наш Првосвештеник е толку драгоцен за нас?**

## ДЕНОТ НА ПОМИРУВАЊЕ

Посланието до Евреите нѐ учи дека службата во земното еврејско Светилиште била воспоставена според примерот на небесното Светилиште, она во кое Христос влегол и во кое бил поставен за наш Првосвештеник. Земната служба, со своите две одделенија и обредите на принесување жртва и чистење, „им служат на сликата и на сенката на небесните нешта, како што му беше речено на Мојсеја, кога требаше да го направи Шаторот" (Евреите 8,5).

Како што вршењето на обредот во земното Светилиште ја опфаќало службата во двете одделенија - Светињата и Светињата над светињите, таква била и Христовата служба во небесното Светилиште. Во земното Светилиште поимот суд бил претставен со Денот на помирување, кој се завршувал со чистење на Светилиштето, како што е опишано во 3. Мојсеева 16 глава. Таа служба се вршела еднаш годишно кога Првосвештеникот влегувал во второто одделение, во Светињата над светињите (3. Мојсеева 16,12-14) и го извршувал делото на очистување и помирување во полза на народот.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Евреите 9,20-23. Што треба да биде очистено и зошто оваа слика јасно укажува на Христовата служба во Денот на помирувањето?**

Проучувачите на Библијата биле изненадени од изјавата дека и небесното Светилиште треба да биде исчистено. Меѓутоа, кога ќе сфатиме дека тоа упатува на Денот на помирувањето, проблемот исчезнува. Текстот во Посланието до Евреите 9,23 покажува дека делото кое Христос го врши во небесното Светилиште е токму она кое и земниот првосвештеник го извршувал на годишната служба на Денот на очистувањето во израелското Светилиште. Службата на свештеникот за време на чистењето на земното Светилиште го навестувало делото кое еден ден Христос ќе го извршува во небесното. Текстот не кажува дека ова чистење на Небото ќе се случува веднаш по Христовото вознесение. Врз основа на проучување на Книгата на пророкот Даниел гледаме дека оваа фаза од службата започнала во 1844 година. Додека христијаните се соочуваат со последните денови, треба да сфатиме во колку свечено време живееме, но и да почиваме во сигурноста на она што Христос го направил за нас во минатото и она што го прави сега во Светињата над светињите во небесното светилиште.

**Првата ангелска порака гласи: „Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд" (Откровение 14,7). Стварноста на судот укажува на близината на крајот. Како треба оваа реалност да влијае на нашиот живот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Посланието до Евреите нѐ упатува на земното Светилиште како на модел, тип, на она што Христос ќе го направи за нас и на Земјата, како жртва принесена за нас, и на Небото, како наш свештенички Поглавар. Израелското Светилиште отсекогаш требало да биде очигледна поука на Евангелието. Требало да ги научи Евреите за планот на спасението, кој ги опфаќал жртвата, посредувањето, судот и конечниот крај на гревот. Книгата на пророкот Даниел им помага на читателите да ја сфатат апокалиптичката (последното време) страна на Христовото конечно дело во небесното Светилиште. „Со нагласување на чистењето, судот и казната, апокалиптичните видувања на Даниел ја пренесуваат сликата на Денот на помирувањето на самиот крај од земната историја. Чистењето е непосредно поврзано со небесното Светилиште и работата на Месија како цар и свештеник. Виденијата го воведуваат елементот на времето, овозможувајќи му на читателот да ги препознае оние посебни мигови од историјата на спасението кога Месија ќе го започне делото на конечно чистење, суд и казна во Божјото небесно престојувалиште“. (*Handbook of Seventh-day Adventist Theology* [Hagerstown, Md.: Review and Herald Publishing Association, 2000], стр. 394).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте го следниот цитат на Елена Вајт: „Во старо време гревовите на народот со вера биле пренесувани прво врз жртвата за грев, а потоа со нејзината крв, симболички, во земното Светилиште; така и во новиот завет гревовите на оние што се каат, со вера се пренесени врз Христа и со него, вистински, во небесното Светилиште. Во земното Светилиште е извршено отстранување на гревовите што го сквернавеле него; сега на ист начин мора да биде извршено и вистинско чистење на небесното Светилиште, да се отстранат или да се избришат гревовите што се запишани таму. Но, пред да може да се изврши тоа, мора да се испитаат книгите за да се утврди кој стекнал право со покајание и со вера во Христа да биде учесник во милоста на чистењето“ (*Големата борба,* стр. 421.422 оригинал). Според нејзините зборови, кои две подробности ги откриваат оние кои стекнале право да бидат учесници „во милоста на чистењето“? Зошто е важно Божјиот народ да сфати кои се тие две подробности, посебно во искушенијата на последните денови?**

**2. Прочитајте го текстот во 3. Мојсеева 16,15.16. Какво значење има крвта? Што претставува крвта? Зошто крвта имала клучна улога во Денот на очистувањето и што значи тоа за нас денес?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 6**
**5 - 11 мај 2018**

# „ПРОМЕНА“ НА ЗАКОНОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 8,1; 7,15-25; Римјаните 7,1-14; Јован 20,19-23; Дела 20,6.7; Даниел 7,23-25; Откровение 13,1-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тој ќе хули на Сѐвишниот, ќе ги сотрува Светите на Сѐвишниот; ќе помислува да ги измени времињата и Законот, и Светите ќе бидат предадени во негови раце за едно време и за две времиња и за половина време“** (Даниел 7,25).

Во центарот на нашето разбирање на настаните во последните денови е прашањето за Божјиот закон. Да бидеме поодредени, тоа е прашањето за четвртата заповед, празнувањето на седмиот ден, саботата. Иако знаеме дека спасението се стекнува само со вера и дека држењето на Законот, вклучувајќи го и празнувањето на саботата, никогаш не може да донесе спасение, исто така знаеме дека во последните денови послушноста кон Божјиот закон, вклучувајќи ја и заповеда за седмиот ден, саботата, ќе биде надворешен знак, обележје за тоа кому сме му верни.

Оваа разлика ќе дојде до посебен израз среде пресудните настани на последните денови опишани во Откровението, во 13. и 14. глава, кога моќниот спој на верски и политички сили ќе се обедини за им наметне на жителите на овој свет лажен облик на служба на Бога. Ова е спротивно на текстот во кој Божјиот народ е повикан да му се поклони „на Оној, кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,7); односно да се поклонат единствено на Создателот и на никој друг.

Оваа седмица ќе се осврнеме на Божјиот закон, посебно на саботата, и ќе се занимаваме со прашањето за промена на Законот и што значи тоа за нас, кои очекуваме крајот да настапи скоро.

## ВЕТУВАЊЕ

Едно од највозвишените ветувања во Библијата го наоѓаме во Посланието до Римјаните 8,1: „Сега нема осудување за оние, кои се во Христа Исуса, и одат не по телото, а по Духот." Овие зборови се како врв, заклучок од претходните мисли. Само со проучувањето на Павловите зборови, кои му претходат на овој стих, можеме подобро да ја сфатиме надежта, како и ветувањата дадени во овој текст.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Римјаните 7,15-25. Која е суштината на она што Павле го кажува во овие стихови и неговите зборови во Римјаните 8,1 ги прави толку уверливи?**

___

___

___

Иако во христијанството се воделе големи расправи за тоа дали Павле овде зборувал за себе како верник или не, едно е јасно: Павле зборувал за реалноста на гревот. Сите, па дури и христијаните, можат да се поистоветат со борбата на која Павле овде укажува. Кој во својот живот не го почувствувал влијанието на телото и „гревот кој живее во" нас, кој нè тера да го правиме она за кое знаеме дека не би требало, или да не го правиме она за кое знаеме дека би требало? Според Павле, проблемот не е во Законот, туку нашето тело.

Кој не се нашол во прилика да сака да го направи она што е правилно, а го прави она што е погрешно? Иако Павле не зборува за неизбежноста на гревот во животот на новородениот христијанин, тој со сигурност ја потврдува секогаш присутната борба со која се соочува секој оној кој тежнее да му биде послушен на Бога.

Така, тој ги изговара познатите зборови: „Беден човек сум јас! Кој ќе ме спаси од ова смртоносно тело" (Римјаните 7,24). Павле одговор пронаоѓа во Исуса, во големото ветување за тоа дека „нема осудување" за оние кои веруваат во Исуса, кои со благодат одат по Духот. Да, верниците се борат; се соочуваат со искушенија; гревот е реален. Меѓутоа, со вера во Исуса, оние кои веруваат повеќе не се осудени од страна на Законот; тие го држат. Според тоа, тие учат да одат по Духот а не „по тело".

**Повторно прочитајте го денешниот библиски текст. На кои начини можете да се поистоветите со она што го кажува Павле овде? Зошто тогаш, текстот во Римјаните 8,1 претставува толку прекрасно ветување?**

___

## ЗАКОНОТ И ГРЕВОТ

Во отсекот од неделата ги читавме стиховите (Римјаните 7,15-25) во кои се спомнува дека гревот постои во животот на секој човек, дури и во животот на христијаните. Меѓутоа, во стиховите што им претходат на овие, Павле зборува за Законот кој покажува колку гревот е распространет и погубен.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Римјаните 7,1-14. Каков однос владее меѓу законот и гревот? Што ни кажуваат овие стихови за неможноста да бидеме спасени со Законот?**

___

Две клучни работи произлегуваат од учењето на Павле. Прво, тој покажува дека Законот не претставува проблем. Законот е „свет и праведен и добар". Проблемот лежи во гревот, кој води во смрт. Втората подробност е дека Законот е немоќен да нè спаси од гревот и смртта. Тој укажува на проблемот на гревот и смртта. Ако ништо друго, Законот го прави проблемот на гревот и смртта уште поочигледен, но не нуди никакво решение.

Само површниот читател, врз основа на овие стихови, би можел да тврди дека Законот, Десетте заповеди се укинати, занемарувајќи ги бројните други стихови кои покажуваат дека Законот важи и денес. Таквиот став е спротивен на Павловите зборови. Ништо од тоа што Павле овде го бележи, нема смисла ако Законот е укинат. Неговото тврдење се темели на претпоставката дека Законот и понатаму е задолжителен, бидејќи Законот е тој кој укажува на стварноста на гревот и на потребата за Евангелието. „И така, што да речеме? Дали е Законот грев? Далеку од тоа! Сепак, јас го запознав гревот само преку Законот, зашто не би ја запознал страсната желба, ако Законот не рече: 'Не ќе пожелуваш'" (Римјаните 7,7).

**Прочитајте го внимателно текстот во Посланието до Римјаните 7,13. Што кажува Павле овде не само за Законот, туку и за тоа зошто сè уште е неопходен?**

Законот не ја донесува смртта, туку гревот. Законот само покажува колку гревот е погубен; Законот е добар бидејќи укажува на гревот. Тој само нема решение за него, но Евангелието има. Павле сака да нагласи дека, како христијани, како оние кои се спасени во Христа, треба да служиме „со обновен дух" (Римјаните 7,6); односно да живееме со Исуса во заедница заснована на верата, потпирајќи се на Неговите заслуги и на Неговата праведност кога е во прашање спасението (тема за која многу се зборува во Посланието до Римјаните).

**Како личното искуство во држењето на Законот ви ја покажало потребата за Божјата благодат?**

## ОД САБОТА ДО НЕДЕЛА

Како христијани адвентисти често ги слушаме браќата и сестрите христијани од другите верски заедници дека Законот е укинат или дека повеќе не сме под Законот туку под благодатта. Меѓутоа, тие, всушност, велат дека е укината само четвртата заповед. Но, некои не мислат така. Тие сметаат дека седмиот ден, саботата, е заменет со првиот ден, недела, во знак на сеќавање на Исусовото воскресение.

Тие веруваат дека тоа можат да го докажат со библиски текстови.

Следат новозаветни текстови кои многу христијани обично ги цитираат со намера да покажат дека седмиот ден, сабота, од Стариот завет во Новиот завет е заменет со првиот ден. Додека ги читаме, се прашуваме дали тие навистина зборуваат за промена на денот или само ги опишуваат тогашните настани, не издигнувајќи ги на ниво на воспоставување на промени.

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Јован 20,19-23. Каква е причината што учениците се собрале во таа соба? Дали во прашање било богослужението во чест на Христовото воскресение, како што некои тврдат?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Прочитајте го текстот во Дела апостолски 20,6.7. Што е тоа, ако постои нешто, што укажува дека саботата е променета во недела, првиот ден од седмицата? Види: Дела 2,46.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 16,1-4. Покрај фактот што требало да собираат милостина по куќите во првиот ден од седмицата, што можеме да научиме од овој текст за промената од сабота во недела?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Овие текстови ја претставуваат срцевината на „доказите“ кои се користат во ширењето на учењето дека првиот ден во седмицата го заменил седмиот ден, саботата. Освен што неколку пати е опишано дека верниците се собрале од различни причини, ниту еден текст не укажува дека овие собирања претставувале богослуженија кои се одржани првиот ден како замена за седмиот ден, саботата. Поединци на овие стихови им припишуваат значење какво никогаш не го имале.

## СЕДМИОТ ДЕН ВО НОВИОТ ЗАВЕТ

Како што видовме во отсекот од вторникот, текстовите кои обично се користат за ширење на идејата дека неделата ја заменила саботата, всушност, и не зборуваат за тоа. Впрочем, секое укажување во Новиот завет дека седмиот ден е сабота, открива дека таа и понатаму била празнувана како една од Божјите заповеди.

**Прочитајте Евангелие според Лука 4,4-16; 23,55.56. Што ни кажуваат овие текстови за седмиот ден, саботата, пред и по Христовата смрт?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Забележете дека жените, кои го поминувале времето со Христа, „почиваа, според заповедта“ (Лука 23,56). Очигледно е дека Законот се однесувал на четвртата заповед, напишана на камените плочи на Синај. Нема знаци дека од времето поминато со Исус научиле нешто друго освен да ги држат Божјите заповеди, вклучувајќи ја и заповедта за саботата. Всушност, Христос им рекол на своите ученици: „Ако Ме љубите, ќе ги пазите Моите заповеди“ (Јован 14,15). Неговите заповеди, кои Тој лично ги држел, го опфаќале и седмиот ден, саботата. Ако требало неделата да ја замени саботата, тогаш овие жени тоа би го знаеле.

**Прочитајте ги следните текстови: Дела апостолски 13,14.42-44; 16,12.13. Какви докази ни пружаат овие стихови во врска со празнувањето на седмиот ден, саботата? Каков доказ ни даваат за празнувањето на првиот ден во седмицата?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во овие текстови не наоѓаме доказ за промена на саботата во недела. Наместо тоа, тие јасно укажуваат на обичајот да се држи саботата меѓу првите христијани.

Текстот од Дела апостолски 16,13 е посебно интересен, затоа што дејството се одвива надвор од синагогата. Верниците се собрале на брегот на реката, каде некои „имаа обичај“ да се молат. Тоа го правеле седмиот ден, во сабота, и многу години по Исусовата смрт. Ако се случила промена во недела, ништо во овие текстови не упатува на тоа.

**Како на ненаметлив начин и без осудување, можете да им сведочите за седмиот ден, саботата, на оние кои ја празнуваат неделата?**

## ОБИД ЗА ПРОМЕНА НА САБОТАТА

Божјиот закон, Десетте заповеди, и понатаму важат (види: Јаков 2,10-12), а тој Закон го опфаќа и седмиот ден, Саботата. Зошто тогаш толку многу христијани ја празнуваат неделата, иако не постои библиска оправданост за тоа?

Во 7. глава во Книгата на пророк Даниел се зборува за четири големи царства: Вавилон, Медо-Персија, Грчко-македонското царство и потоа Рим, кој е четврто и последно земно царство. Во подоцнежниот период од Римското царство е прикажано како од него излегува силата на малиот рог (Даниел 7,8). И понатаму станува збор за Римското царство, само што е во прашање неговиот подоцнежен облик. Што друго би можела да биде оваа сила, освен папството, кое се издигнало непосредно од Рим и до ден-денес е негов дел? Томас Хобс околу 1600. година забележал „Ако го разгледаме потеклото на оваа голема црковна власт, лесно ќе забележиме дека папството не е ништо друго туку духот на мртвото Римско царство, кој седи крунисан на неговиот гроб“ (*Leviathan* [Oxford: Oxford University Press, 1996] стр. 463).

**Прочитајте го текстот во Книгата на пророкот Даниел 7,23-25. Што учат овие стихови, а може да ни помогне да го сфатиме потеклото на празнувањето на неделата?**

Во оригиналниот арамејски јазик, во 25 стих, се истакнува дека силата на малиот рог „имала намера“ да го промени Законот. Која земна сила смее да го менува Божјиот закон? Иако одредени подробности не ни се познати, знаеме дека под папскиот Рим седмиот ден, саботата, била заменета со обичајот да се празнува неделата, обичај кој толку цврсто се вкоренил што протестантската реформација го одржала сè до 21 век. Денес повеќето протестанти и понатаму го празнуваат првиот ден од седмицата, наместо да го следат библискиот налог за седмиот ден.

**Прочитајте го текстот во Откровение 13,1-7 и споредете го со стиховите од Книгата на пророкот Даниел 7,1-8.21.24.25. Каква слична слика е употребена во овие текстови која ни помага да ги сфатиме настаните на последните денови?**

Користејќи ја сликата непосредно од Книгата на пророкот Даниел, која ја опфаќа сликата за подоцнежниот (папскиот) период на Рим, Откровението ни укажува на прогонството во последното време кое ќе биде насочено кон оние кои одбиваат да се „поклонат“ според налогот на силите кои ги забележуваме во Откровението.

**Како текстот од Откровение 14,6.7, особено 7 стих, кој го одразува јазикот на четвртата заповед (2. Мојсеева 20,11), покажува дека прашањето за саботата ќе биде клучно во кризата на последното време во врска со тоа на кого му се поклонуваме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Истиот змев, сатаната, кој војувал против Бога на небото (Откровение 12,7) војува и против Божјиот народ на Земјата, со оние „кои ги пазат Божјите заповеди“ (Откровение 12,17; види: 13,2.4). Всушност, сатаната лично станал предмет на обожавање (Откровение 13,4). Така, борбата против Бога, која започнала на Небото, сатаната настојува да ја продолжи на Земјата. Суштината на неговиот напад на Бога е неговиот напад на Божјиот закон.

„Во четвртата заповед Бог се открива како Творец на небото и земјата, со што се разликува од сите лажни богови. Како спомен на создавањето, седмиот ден е посветен како ден за одмор на целото човештво. Бил одреден постојано да ги потсетува луѓето на Бога како извор на животот, на кого единствено сме должни да му се молиме и да го обожаваме. Сатаната се бори луѓето да ги стори неверни кон Бога и непослушни кон неговиот закон; затоа своите напори ги насочил особено против онаа заповед која го истакнува Бога како Творец“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 53.54 оригинал).

Ние го славиме Бога бидејќи Тој е Создател на „небото и на Земјата“, а седмиот ден, саботата, е основен знак на Неговото творење, знак кој допира до самата седмица на создавањето (види: 1. Мојсеева 2,1-3). Не нè чуди што во својот напад на Божјиот авторитет, сатаната се насочил на главниот основен знак на тој авторитет: седмиот ден, саботата.

Во последните денови Бог ќе има на земјата луѓе кои ќе останат цврсти и постојани во својата верност кон Него, верност која ќе ја покажат преку послушноста кон Неговите заповеди – сите заповеди, вклучувајќи ја и онаа која посебно укажува на Господа како Творец, кој е единствениот достоен за наша пофалба.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Каков проблем се јавува кога оние кои зборуваат за реалноста на гревот тврдат дека Божјиот закон е укинат? Каква недоследност увидувате во таквиот начин на размислување?**

**2. Какво е вашето искуство со оние кои го изнесувале тврдењето во полза на неделата наместо на саботата? Какви факти сте користеле, и колку сте биле успешни во тоа? Како излегувате на крај со вообичаеното тврдење дека празнувањето на саботата е обид на спасение со дела?**

**3. Додека на другите им зборуваме за саботата и додека се подготвуваме за настаните на последното време, зошто е важно да сфатиме дека предизвиците кои се поврзани со „жигот на ѕверот“ сè уште не се случиле?**

**Поука 7**
**12 - 18 мај 2018**

# ЕВАНГЕЛИЕТО СПОРЕД МАТЕЈ, 24. И 25. ГЛАВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 24,1-25; Откровение 13,11-17; Матеј 7,24-27; Лука 21,20; Матеј 25,1-30.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто ќе се појават лажни христоси и лажни пророци, па ќе прават големи знаци и чуда, за да ги заблудат, ако е можно, и избраните“ (Матеј 24,24).**

Исус во 24. и 25. глава од Евангелието според Матеј ни открива важни вистини за крајот на времето и за тоа како да се биде подготвен. Во одредена смисла, овие глави го претставуваат Христовото учење за настаните на последното време. Истовремено, гледајќи во блиска иднина, Тој го гледа претстоечкото уништување на Ерусалим, трагедија со страшни размери, која ќе го погоди Неговиот народ.

Меѓутоа, обраќајќи им се на своите ученици, Исус, им се обраќа и на своите следбеници од идните поколенија, вклучувајќи го посебно последното поколение, чиишто припадници ќе бидат живи кога Тој ќе се врати. Исус не прикажува убава слика. Војни, вести за војни, болести, лажни христоси и прогонства – тоа ќе биде судбината на светот и судбината на Неговата црква. Кога ќе погледнеме наназад, восхитува фактот колку Неговите пророштва биле точни. Затоа можеме да Му веруваме во врска со пророштвата кои сè уште не се исполниле.

Меѓутоа, Исус не предупредувал само за она што ќе се случи. Во 25. глава од Евангелието според Матеј раскажал параболи кои, доколку обратиме внимание на нив, Тој ќе го подготви својот народ за враќањето на „Синот Човечки“. Да, ќе настапат тешки времиња, но Тој ќе го подготви народот за средбата со Него при повторното доаѓање.

## СИЛНА ПОТВРДА ЗА ПРОРОШТВАТА

Во завршните денови пред Исусовото распнување на крстот, учениците разговарале со него на Маслинската гора. Замислете дека сте слушнале како Исус вели дека Храмот ќе биде уништен. Никој не знае што точно размислувале учениците во тој момент, но прашањето што го поставиле подоцна укажува дека уништувањето на Храмот го поврзале со „крајот на светот“ (Матеј 24,3).

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Матеј 24,1-25. Која општа порака Исус им ја упатил на своите следбеници за последните денови?**

________________________________________________________________________

Текстот во Евангелието според Матеј 24,1-25 јасно покажува дека Христос, меѓу останатото, е загрижен поради лагите кои со векови ќе го збунуваат Неговиот народ, сè до последните денови. Меѓу тие лаги ќе се најдат и лажните пророци и лажните христоси. Поединци ќе се појават тврдејќи дека го претставуваат Христа (лажни пророци), додека други ќе тврдат дека се лично Христос. Најстрашно е тоа што луѓето ќе им поверуваат.

Сведоци сме за непријатната и силна потврда на Божјата реч. Низ историјата, дури и денес, измамници навистина доаѓаат и зборуваат: „Јас сум Христос“. Какво извонредно пророштво! Живеејќи во времето во коешто живееме, можеме да ја согледаме со векови долгата историја и да видиме (на начин на кој не можеле оние што живееле во Христовото време) колку е вистинито тоа пророштво. Не треба да бидеме изненадени ако ваквите измами почнат да заземаат уште поголем замав додека се приближуваме кон конечната криза.

Исто така, во рамките на потврдувањето на верата, обрнете внимание како Исус ја опишал состојбата во светот. Од Христовото време, во различни периоди од земната историја, луѓето својата надеж ја полагале во она за кое верувале дека ќе го отстрани или барем во голема мера ќе го намали страдањето и маката на човечкиот род. Било да е во прашање политичко движење, технологијата, науката или разумот – луѓето полагале големи надежи дека сите овие нешта ќе создадат утопија на Земјата. Како што мачното сведоштво на историјата одново и одново покажувало, овие надежи секогаш биле неосновани. Денешниот свет е токму онаков каков што Исус рекол дека ќе биде. Христовите зборови, изговорени пред речиси две илјади години, покажуваат во колкава мера овие надежи навистина биле неразумни.

**Прочитајте Матеј 24,25. Каква поука ни дава овој стих и на кои начини може да ни помогне да се утврдиме во својата вера?**

## ДА СЕ ИСТРАЕ ДО КРАЈ

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 24,9; Откровение 13,11-17. Какви сличности постојат меѓу Исусовите зборови во Евангелието според Матеј и она што Јован бил вдахнат да го напише во Откровението?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Христос изразува загриженост за својот народ во последното време поради општата заблуда која ќе ги поттикне сите народи да се спротивстават на вистинската вера и да наметнат лажен облик на богослужение во светот. Оние кои ќе останат цврсти, ќе се соочат со омрази, неволји, па дури и со смрт.

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Матеј 24,13. Што е клучно за да бидеме спасени, да бидеме верни, дури и среде сеопштото противење?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Последната голема битка ќе можат да ја издржат само оние кои своите души ги засилиле со вистините на Библијата“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 593 оригинал). Според оваа изјава, сите кои ќе го зацврстат својот ум со библиските вистини нема да бидат заведени од измамите на последното време. Тие мораат да бидат втемелени во вистината за ова време, во спротивно, измамите ќе ги надвладеат.

**Прочитајте Евангелие според Матеј 7,24-27. Што друго е важно за да му останеме верни на Бога?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Колку и да е важно интелектуално да бидеме втемелени во Божјата реч, според Исусовите зборови тоа сè уште не е доволно да нè оспособи цврсто да стоиме среде искушенијата со кои ќе се соочиме. Ние мораме да постапуваме во согласност со она што го знаеме; односно мораме да бидеме послушни на вистината каква што е во Исуса. Во претходната парабола, двајца градители ги слушнале Исусовите зборови. Разликата меѓу нив, меѓу истрајноста и неистрајноста, претставува послушноста на Исусовите поуки.

**Зошто оној кој е послушен останува да стои, а оној кој не е послушен паѓа? Како послушноста влијае на човековата истрајност во верата?**

## „ОДВРАТНОСТА НА ЗАПУСТУВАЊЕТО“

Во својот важен говор за последното време, Христос укажува на „одвратноста на запустувањето“ (Матеј 24,15), слика од Книгата на пророкот Даниел (Даниел 9,27; 11,31; 12,11)

Бог го нарекува „одвратно“ она што претставува сериозно кршење на Неговиот закон, како што е идолопоклонството (5. Мојсеева 27,15) или развратните сексуални односи (3. Мојс. 18,22). Според тоа, „одвратноста на запустувањето“ опфаќала некој вид на верско отпадништво.

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Матеј 24,15 и Лука 21,10. Како овие текстови ни помагаат подобро да сфатиме што зборувал Исус во врска со „одвратноста на запустувањето“?**

______________________________________________________________________

Овие два текста јасно покажуваат дека Исусовите пророштва, во поконкретна смисла, го вклучуваат страшното уништување кое ќе го погоди Ерусалим во 70 години од новата ера, кога незнабожечкиот Рим нема да го уништи само градот туку и светиот Храм.

Меѓутоа, постои и друго исполнување на ова пророштво во кое непосредните настани, како што е разорувањето на Ерусалим, укажувале на иднината, на настаните од последните денови. „Исус во Ерусалим гледал симбол на светот окоравен во неверство и бунт, кој бргу се приближува кон Божјите одмаздлнички судови“ (Е. Вајт, *Големата борба,* стр. 22 ориг.).

Во текстовите на Даниел 12,11 и 11,31 „одвратноста на запустувањето“ се спомнува со подоцнежниот период на Рим, времето на папската власт, во која е воспоставен нов систем на посредување и спасение, кој настојувал да го присвои она што Христос го направил за нас и што сега го прави во небесното Светилиште.

Осмата глава од Книгата на пророк Даниел, особено од 9. до 12. стих ни помага да ги сместиме овие настани во нивната историска рамка, врзана за двата периода на Римската власт. Првиот период, кој се огледува во брзото хоризонтално ширење на малиот рог (Даниел 8,9), го покажува огромното царство на незнабожечкиот Рим. Во другиот период, (Даниел 8,10-12) малиот рог расте исправено, исфрлувајќи ги ѕвездите (прогонството на Божјиот народ) и издигнувајќи се себеси до „Заповедникот на Војската“ (Даниел 8,11), Исус. Ова го претставува папскиот период, кој настапил по падот на паганското Римско царство, но и понатаму останува Рим. (Затоа, еден симбол, малиот рог, ги претставува двата периоди на истата сила). Судот и чистењето на Светилиштето во Книгата на пророк Даниел (Даниел 7,9.10; 8,14), и знаците на небото во Евангелието според Матеј (Матеј 24,29) го објавуваат Божјото залагање за Неговиот народ во последните денови.

## ДЕСЕТТЕ ДЕВОЈКИ

Откако дава опис на знаците на своето доаѓање во Евангелието според Матеј 24 глава, Исус во 25. глава зборува за подготовката за тој настан. **Прочитајте ја параболата за десетте девојки во Матеј 25,1-13. Како Исусовите зборови, забележани во овие стихови, можат да ни помогнат да сфатиме како можеме да се подготвиме за Неговото доаѓање?**

____________________________________________________________

Исус го започнува овој дел од разговорот со параболата за десетте девојки. Фактот дека се наречени девојки укажува дека ги претставувале оние кои се изјаснуваат како христијани. Тие во борбата не се наоѓале на страна на сатаната. Споредени се со небесното царство (Матеј 25,1). Меѓутоа, на крајот од времето, сите заспале (Матеј 25,5). Христос веќе ги предупредил дека треба да стражарат (Матеј 24,42) и да останат будни за да не бидат неподготвени кога Тој ќе се врати.

Сите десет девојки имале светилки и сите излегле во пресрет на младоженецот, што значи дека сите го очекувале Неговото доаѓање. Бидејќи доцнел, сите оние кои верувале во Неговото доаѓање - заспале. Одеднаш. Среде ноќ, ги разбудила веста дека доаѓа младоженецот (Матеј 25,1-6).

Неразумните девојки биле запрепастени, неподготвени. Зошто? Во некои преводи стои забележано: „Зашто нашите светилници ни гаснат". Во други преводи, верни на грчкиот оригинал, пишува „ќе се угасат" (Матеј 25,8). Сѐ уште горел мал пламен. Сѐ уште имале масло, но не доволно за да бидат подготвени да го сретнат Христа.

Но, во што бил проблемот?

Овие девојки ги претставуваат христијаните кои чекаат Христос да се врати, но кои имаат површно искуство со Него. Тие имаат малку масло, што претставува слабо дејствување на Духот во нивниот живот, кое овозможувало само слабо треперење на светлината; биле задоволни со малку кога им било потребно многу.

„Светиот Дух дејствува врз срцето, и по желба и со дозвола од човекот Тој во него всадува нова природа; но групата, претставена со неразумните девојки, е задоволна со површна работа. Тие не го познаваат Бога, не го проучуваат неговиот карактер, не одржуваат постојана заедница со него и затоа не знаат како да му се доверат, како да живеат гледајќи во него. Нивната служба на Бога преминала во формализам" (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 411 оригинал).

**Како можеме да се преиспитаме себеси и да бидеме сигурни дека не ја правиме истата грешка како овие луѓе? Ако себеси се препознаеме во таа улога, како можеме да се промениме?**

## УПОТРЕБА НА ДАРОВИТЕ

**Прочитајте Евангелие според Матеј 25,13-30. Каква улога има употребата на даровите во подготовката за Христовото доаѓање?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Иако Исус во овој текст раскажал поинаква приказна од претходната, и двете зборуваат за подготвеноста за Христовото доаѓање. И двете се занимаваат со оние кои биле подготвени и кои не биле. И двете ја прикажуваат судбината на оние кои, поради занемарување на духовниот живот, се соочиле со вечната смрт.

Како што маслото во параболата за десетте девојки го претставува Светиот Дух, така „вреќата“ или „вреќите со злато“, односно талантите (Матеј 25,15), од грчкиот збор *talanta,* претставуваат дарови. „Талантите ги претставуваат посебните дарови на Духот, заедно со сите природни способности“ (*The SDA Bible Commentary*, 5. книга, стр. 510).

Сите слуги во параболата примиле одредени добра од својот господар. Забележете дека тоа било богатство на господарот (Матеј 25,14), кое било доверено „секому според неговата способност“ (Матеј 25,15). Даровите им биле доверени; слугите, всушност, биле повереници на она што не го поседувале, но за тоа биле одговорни. Затоа, господарот, кога се врати, „ја прегледа сметката со нив“ (Матеј 25,19).

Духовните дарови потекнуваат од Светиот Дух (види: 1. Коринќаните 12,1-11.28-31; Ефесјаните 4,11). Постои радосна вест за оние кои сметаат дека го имаат најмалиот дар. Даровите никогаш не се примаат без Дарителот. Според тоа, примајќи го својот дар, тие го примаат најголемиот дар – Светиот Дух.

Даровите се веќе наши во Христа, но она што навистина го поседуваме зависи од нашето прифаќање на Светиот Дух и од нашето предавање Нему. Во тоа згрешил некорисниот слуга. Нему му бил даден дар, но тој не сторил ништо во врска со него. Не го унапредил. Не вложил напор да го земе она што милостиво му е дадено и да направи нешто со него. Затоа, Исус го нарекол „зол и мрзлив“ (Матеј 25,26) – силна осуда.

**Исус ја раскажал оваа парабола во рамките на последните денови и своето доаѓање. Што можеме да научиме за тоа колку е важно да ги употребуваме нашите дарови во подготовката за последното време?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Човекот што примил еден талант ’отиде, ископа дупка во земјата, и го скри среброто на својот господар’.

Токму слугата со најмалечок дар го закопал својот талант. Тоа е опомена за сите што мислат дека затоа што немаат некои посебни природни дарби се ослободени од учество во Христовата служба. Кога би можеле да сторат нешто големо, велат тие, со радост би го сториле тоа! Но, бидејќи им се доделени само незначителни служби, тие мислат дека не ќе бидат виновни ако не сторат ништо. Во тоа грешат. Делејќи ги своите дарови, Господ всушност го става на проверка карактерот на човекот. Слугата кој одбил да го употреби тој еден талант со тоа го изневерил својот господар. Да примил пет таланти, тој би ги закопал и нив како што го закопал и оној еден. Отфрлајќи го својот еден талант, покажал дека ги презира небесните дарови.

’Оној што е верен во најмалото - верен е и во многу’ (Лука 16,10). Важноста на малечките работи често се потценува само затоа што се малечки; но вистинската дисциплина во животот во најголема можна мера се учи преку малечките работи. Всушност, во христијанскиот живот ништо не е неважно. Ние во голема мера го загрозуваме изградувањето на својот карактер ако ја потценуваме важноста на малечките работи“ (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 355.356 оригинал).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. За кои идеологии и идеали луѓето верувале дека ќе донесат утопија на Земјата? Кои идеи се во прашање и зошто без исклучок сите пропаднале?**

**2. Зошто послушноста кон она што Бог вели да го правиме ја јакне нашата вера? Односно, зошто верата без соодветни дела е мртва (Јаков 2,26)? Земајќи ги предвид неволјите што ги очекуваат оние „кои ги држат Божјите заповеди“ (Откровение 14,12), зошто е важно уште сега да се подготвуваме за она што ќе дојде кога најмалку ќе се надеваме?**

**3. Размислувајте повеќе за десетте девојки. Зошто параболата за нив претставува предупредување за нас, со оглед на тоа дека сите, гледано однадвор, изгледале слично и се однесувале слично. Како можеме да бидеме сигурни дека не сме во заблуда како неразумните девојки?**

**4. Што значи тоа дека, ако е можно, и „избраните“ ќе бидат измамени? Како го сфаќаме зборот „избрани“? (види: Матеј 24,31; Римјаните 8,33; Колошаните 3,12) што ни кажува тоа за големината на измамата?**

Поука 8
19 - 25 мај 2018

# ПОКЛОНЕТЕ СЕ НА СОЗДАТЕЛОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 14,6.7; Матеј 24,14; Галатјаните 3,22; Лука 23,32-43; 1. Мојсеева 22,12; Откровение 14,8-2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И видов друг ангел како лета посреде небото, имајќи вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата: и на секоја народност и на секое племе и јазик и народ“ (Откровение 14,6).**

Како христијани адвентисти веруваме во библискиот поим „сегашна вистина“ (2. Петрово 1,12). Всушност, станува збор за идејата дека Бог на луѓето им ја открива вистината во време кога тоа е потребно, односно, со текот на времето, Господ на луѓето им дава сè поголема светлина. Првото евангелско ветување (1. Мојсеева 3,15), на паднатата брачна двојка ѝ открило дека надежта ќе се открие преку семето на жената. Ветувањето дадено на Аврам дека од него „ќе стане голем и броен народ“ и дека во него ќе „бидат благословени сите народи на земјата“ (1. Мојсеева 18,18) е попотполно откровение на евангелското ветување. Доаѓањето на Исус, кој објавил дека „Човечкиот Син не дојде да Му служат, туку да служи и да ја даде својата душа за откуп на мнозина“ (Марко 10,45), секако претставува уште поголемо откровение на евангелската вистина.

Денес веруваме дека Тројната ангелска вест од Откровение 14,6-12 е „сегашна вистина“ за оние кои живеат во последните денови пред второто Христово доаѓање и исполнување на сите наши христијански надежи.

Оваа седмица посебно ќе се сосредоточиме на првата ангелска вест бидејќи содржи вистини кои се важни за оние кои настојуваат да останат верни среде опасностите на последното време.

## СЕОПШТИОТ КАРАКТЕР НА ЕВАНГЕЛИЕТО

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 14,6; Матеј 24,14; 28,19. Која слична тема ја наоѓаме во овие стихови? Како тие ни помагаат да сфатиме колку мисионската работа и сведочење се важни во остварувањето на нашата цел како Црква?**

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Во одредена смисла, би можеле да кажеме дека првата ангелска вест за Големиот налог (Матеј 28,19) е дадена во рамките на последните денови. Тоа, всушност, е „сегашната вистина“.

Забележете дека во сите три текстови е нагласено објавувањето на Евангелието на целиот свет, на „сите народи“, „на секоја народност и на секое племе и јазик и народ“. Со други зборови, оваа порака има сеопшт карактер. Секоја душа треба да ја слушне.

**Прочитајте го текстот во Посланието до Галатјаните 3,22. За што се зборува во овој текст, а нам ни помага да сфатиме зошто целиот свет треба да ја слушне веста за Евангелието?**

________________________________________________

________________________________________________

Сеопштиот карактер на гревот го објаснува сеопштиот карактер на нашата мисија и повик. „Секое племе и колено, јазик и народ“ згрешиле и го прекршиле Божјиот закон и „сите ги затвори под грев“. Адамовиот пад во Едемската градина влијаел на секое човечко суштество; ниедно племе, колено или народ не се спротивставиле на тоа влијание. Сите се соочуваме со непосредните последици на гревот, и ако решението не е овозможено, сите би се соочиле со конечната последица - вечна смрт.

Тоа решение, секако, е обезбедено преку животот, смртта, воскресението и Исусовата служба во небесното Светилиште. Исус е единственото решение за проблемот на гревот. Секој треба да ја познава возвишената надеж за тоа што Бог им понудил на луѓето во Исуса Христа. Затоа адвентистичките христијани тргнале низ светот, настојувајќи да им ја однесат веста за Исуса на оние кои сè уште не слушнале за неа.

**Зошто ширењето на евангелската вест на другите им донесува толку духовни предности на оние кои ја шират? Односно, зошто, мисионската работа е еден од најдобрите начини да се подготвиме за Исусовото доаѓање?**

## РАЗБОЈНИКОТ НА КРСТОТ И „ВЕЧНОТО ЕВАНГЕЛИЕ“

Во Откровение 14,6 забележана е веста која треба да му се објави на светот – „вечното Евангелие“. Тоа е порака на надеж за луѓето во светот, кој сам по себе не нуди никаква надеж.

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Лука 23,32-43. Како овој извештај ни ја открива возвишената надеж во „вечното Евангелие“ за сите грешници?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Пишувајќи за разбојникот, Елена Вајт рекла дека, иако не бил некој закоравен злосторник, сакал да го „задуши осведочувањето“ за Исуса, и така „тонел сѐ подлабоко и подлабоко во гревот, додека не е фатен, обвинет како злосторник и осуден да умре на крст“ (*Копнежот на вековите*, стр. 749. оригинал).

Сепак, што се случило со него. Додека висел на крстот, разбојникот увидел кој е Исус, и запекал: „Исусе, спомни си за мене, кога ќе дојдеш во Твоето Царство!“ (Лука 23,42)

Што му одговорил Исус? Дали рекол: *Па, пријателе, би сакал да ти помогнам, но не требаше да ги задушуваш своите осведочувања тонејќи сѐ подлабоко и подлабоко во грев?* Дали Исус цитирал една од своите поранешни проповеди: „Ако вашата праведност не ја надмине праведноста на книжниците и фарисеите, нема да влезете во царството небесно“ (Матеј 5,20). Дали Исус на кој било друг начин ги изнел грешките на разбојникот што ги направил во минатото?

Не. Наместо тоа, Исус се свртел кон злосторникот, кон овој разбојник со расипан карактер, кој немал што да понуди, кога е во прашање праведноста, и кој порано Му се потсмевал (Матеј 27,44). Гледајќи го како нов човек, Исус рекол: *Ти велам сега, те уверувам сега, дека твоите гревови, твоите лоши дела, твоите грешки ти се простени и дека* „ќе бидеш со Мене во рајот“ (Лука 23,43).

Ова е „вечното Евангелие“; темелот на Првата ангелска вест. Без оваа вистина, ништо што учиме за Законот, за саботата или за состојбата на мртвите, не е важно. Какво добро претставуваат овие учења ако го немаат „вечното Евангелие“ за свој центар?

**Каква надеж можете да извлечете од овој извештај?**

____________________________________________________________

## „БОЈТЕ СЕ ОД БОГА И ПОДАЈТЕ МУ СЛАВА“

Откако зборувал за објавувањето на „вечното Евангелие“ во целиот свет, првата ангелска вест ја проширува оваа порака. Додека го објавуваме „вечното Евангелие“, мораме да ги вклучиме вистините кои се дел од оваа евангелска порака за ова време. Со други зборови „сегашната вистина“ за последното време, исто така го вклучува текстот од Откровение 14,7.

**Прочитајте го текстот во Откровение 14,7. Што значи да се боиме од Бога и да Му оддадеме слава? Како можеме тоа да го направиме? Како овие поими се согласуваат со Евангелието?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Да се боиме од Бога и да Му оддадеме слава, тоа не се неповрзани поими. Ако искрено се боиме од Бога во библиска смисла, ќе Му оддадеме слава. Едното треба непосредно да води кон другото.

**Прочитајте ги следните текстови. Како тие ни помагаат да сфатиме што значи „да се боиме од Бог“ и како тој страв е поврзан со оддавањето слава Нему? 1. Мојсеева 22,12; 2. Мојсеева 20,20; За Јов 1,9; Проповедник 12,13; Матеј 5,16.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Мислата дека човекот се бои од Бога, во овие стихови е поврзана со послушноста кон Него. Кога сме му послушни на Бога, кога го правиме она што е правилно, ние Му оддаваме слава. Иако често се вели дека, ако се боиме од Бога, тоа значи да имаме стравопочит кон Него или да Му укажуваме почитување, тоа сепак треба да биде подлабоко искуство. Кажано ни е дека треба да се *боиме* од Бога. Ние сме паднати суштества, грешници, суштества кои заслужуваат смрт. Кој во одредени моменти не ја увидел грдотијата на своите дела и што заслужил од раката на праведниот Бог поради тие дела? Тоа е *стравот Божји*. Тоа е стравот кој нè води прво до крстот за да побараме проштавање, а потоа да бараме Божјата сила да нè исчисти од злото кое, кога не би бил крстот, би направило да ја изгубиме својата душа (види: Матеј 10,28).

**Какво е вашето искуство кога е во прашање Божјиот страв? Како добрата мера на овој страв може да биде добра за нас во духовна смисла и како може да ни помогне посериозно да ја сфатиме верата и она што Бог го бара од нас?**

## „НАСТАПИ ЧАСОТ НА НЕГОВИОТ СУД“

Во првата ангелска вест, мислата да се боиме од Бога и дека треба да му оддадеме слава е поврзана со судот (Откровение 14,7). Ако Библијата е јасна, кога станува збор за секое учење, јасна е и кога истакнува дека Бог е Бог на правдата и на судот. Еден ден судот и правдата, кои толку многу му недостасуваат на овој свет, навистина ќе дојдат. Затоа не е чудно што луѓето треба да се бојат од Бога.

Од таа причина „вечното Евангелие“, исто така, ја опфаќа и реалноста на судот. Каков однос владее меѓу овие два поима? Ако Евангелието значи „Радосна вест“, тоа значи дека иако сите сме грешници и иако сите сме го прекршиле Божјиот закон, кога ќе дојде денот на судот, исто како и разбојникот на крстот, нема да се соочиме со казната која ја заслужуваме за своите гревови и за кршењето на Законот.

**Прочитајте ги следните текстови и запрашајте се во каква положба би се наоѓале ако се потпирате на своите заслуги? Матеј 12,36; Проповедник 12,14; Римјаните 2,6; 1. Коринќаните 4,5.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Бог, кој го знае бројот на влакната на нашата глава, ќе му суди на светот. Токму тоа е причината зошто „вечното Евангелие“ е радосна вест. Судот се ближи, но нема „осудување“ за верните Исусови следбеници, кои се очистени, посветени и оправдани во името на Господа Исуса (види: 1. Коринќаните 6,11), бидејќи Исус Христос е нивната правда, а со Неговата правда ќе поминат на судот.

„Човекот не може со своја сила да се одбрани од нападите на непријателот. Тој стои пред Бога во својата облека извалкана од гревот, признавајќи ја својата вина. Но, Исус е нашиот Застапник, кој се залага за сите кои со покајание и вера му ги довериле своите души Нему, Тој да се грижи за нив. Тој се застапува за нивниот случај и, со моќниот доказ од Голгота, го победува нивниот тужител. Неговата совршена послушност на Божјиот закон му ја дала сета власт и на Небото и на Земјата и Тој од својот Отец бара милост и помирување за грешниот човек“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 5. книга, стр. 471).

**Каква поука ни дава стварноста на судот за тоа дека имаме крајна потреба да ни биде простено? Како на другите, кои ви направиле нешто лошо, можете да им ја пружите милоста и проштавањето кое Бог ни го нуди преку Христа?**

## ДА СЕ ПОКЛОНИМЕ НА ОНОЈ КОЈ ГИ СОЗДАЛ НЕБОТО И ЗЕМЈАТА

**Прочитајте го повторно текстот во Откровение 14,6.7. Кои елементи ги наоѓаме во првата ангелска вест и каква е нивната меѓусебна поврзаност?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Заедно со Евангелието, повикот да му сведочиме на светот, да се боиме од Бога и да Му оддадеме слава, доаѓа и повикот да му се поклониме на Бога како на Создател. Тоа не треба да нè чуди. Овие други видови на „сегашната вистина“ – вечното Евангелие, повикот да сведочиме, судот – што значат тие одвоено од Бога како наш Создател? Овие вистини и сите други се издигнуваат од основната вистина дека Господ создал сè. Поклонувајќи му се на Господа како на Создател, се враќаме на суштината. Се враќаме на основата што значи да се биде човек, што значи да се биде жив и поинаков во однос на другите земни созданија, да се биде создаден според Божјиот лик. Славејќи го Господа како Создател, ја признаваме својата зависност од Него кога е во прашање нашиот живот и идната надеж. Затоа празнувањето на саботата е толку важно. Тоа е посебно признание дека само Бог е нашиот Создател и дека само Нему му служиме. Односно, покрај Евангелието, покрај судот, овде посебно се нагласува повикот да му служиме на Господа како на Создател.

**Прочитајте го текстот во Откровение 14,8-11. Како овие стихови можат да ни помогнат да ја сфатиме важноста да го прославуваме Господа како Создател?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Додека се одвиваат последните настани, низ светот ќе се шири притисокот да му се поклониме на ѕверот и на неговиот лик наместо на Создателот. Ако го разгледаме сериозното предупредување во врска со судбината на оние кои го обожаваат ѕверот и неговиот лик, можеме подобро да сфатиме зошто се нагласува славењето на Бога како Создател, како единствен кој е достоен за човечка пофалба. Во време на последната криза, оваа вистина ќе стане важна како никогаш досега.

**Посветете време на размислување за неверојатните чуда на создадениот свет. Што можеме да научиме од нив за Оној кој сето тоа го создал и зошто единствено Тој е достоен да му упатуваме похвала?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Проучувачите на Библијата долго време ја барале врската меѓу повикот од Откровение 14,7 да му се поклониме „на Оној, кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“, и четвртата заповед од 2. Мојсеева 20,11, во која саботата упатува на фактот дека за „шест денови Господ ги направи небото и земјата, морето и сѐ што е во нив“. Иако изразите се слични, постои една разлика, бидејќи текстот во Откровението укажува на Господа како Оној кој ги создал „водните извори“.

Писателот Џон Болдвин заклучува: „Претпоставувајќи дека зад изразот ’водните извори’ се крие одредена божествена намера, зошто Исус влијае на гласникот да го прекине напоредното набројување на споменатите подробности во стихот во 2. Мојсеева 20,11? Зошто ангелот ги споменува ’водните извори’, а не некое друго дело на создавањето, како што се дрвјата, птиците, рибите или планините?

Можеби со укажувањето на ’водните извори’ во рамките на божественото објавување дека се приближува единственото време на божествениот суд, се настојува да се насочи вниманието на читателот од претходниот период на божествениот суд... Можеби Бог има намера, преку можното навестување на потопот со зборовите ’водните извори’, да ја нагласи вистината дека Тој навистина е Бог на судот, како и Бог на вечната верност и добрина (двете прикажани во извештајот за потопот). Ако е така, личните и духовните импликации на значењето на потопот, на кого укажува изразот ’водните извори’, можеби треба да го охрабрат читателот сериозно да го сфати приближувањето на новиот процес на поединечен божествен суд на последното време објавен од страна на првиот гласник во 14 глава на книгата Откровение“ (*Creation, Catastrophe, and Calvary: Why a Global Flood Is Vital to the Doctrine of Atonement* [Hagerstown, Md.: Review and Herald Publishing Association, 2000], стр. 27).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во Книгата на пророкот Исаија 53,6 стои запишано: „Сите скитавме како овци“. Еврејскиот збор за „сите“ е *cullanu*. Во истиот стих Исаија вели дека Господ ги положил на Исуса „беззаконијата на сите нас“. Зборот преведен „сите нас“ исто така е *cullanu*. На кој начин ова покажува дека колку и да е голем проблемот на гревот, понуденото решение е и повеќе од доволно за да го реши?**

**2. Кои други поуки можеме да ги извлечеме од извештајот за разбојникот на крстот? Да претпоставиме дека разбојникот е помилуван, дека е симнат од крстот и оти преживеал. Дали сега неговиот начин на живот би бил поинаков? Што ни кажува одговорот за Христовата сила да го промени нашиот живот?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 9**
**Од 26 мај до 1 јуни 2018**

# ИЗМАМИТЕ НА ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 2,13.24; 2. Коринќаните 11,13-15; Псалм 146,4; 1. Мојсеева 1 - 2,3; Откровение 13,1-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И беше исфрлен големиот змев, старата змија, наречена ѓавол и сатана, која го заведува целиот свет; беше исфрлен на земјата, и неговите ангели беа исфрлени со него“ (Откровение 12,9).**

Сатаната, дури и на Небото, пред да биде исфрлен, настојувал да ги излаже ангелите. „Напуштајќи го своето место во непосредна Божја близина, Луцифер отишол меѓу ангелите да сее дух на незадоволство. Вршејќи ја својата работа потајно и криејќи ги своите вистински намери под плашт на стравопочит кон Бога, се трудел да предизвика незадоволство кон законите според кои се управуваат сите небесни суштества. Тврдел дека тие се непотребно ограничување“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 495 оригинал).

Тој во Едемската градина се престорил како змија и се послужил со измами против Ева. Во обид да ги оствари своите цели, тој во текот на целата историја, сè до денес, се служел со измами, а ќе се служи и по периодот од илјада години (Откровение 20,8).

За жал, тој е многу помудар, помоќен и повешт од нас. Тоа е причината зошто треба да се држиме за Исуса и за Неговите зборови за да се заштитиме од неговите измами. „А сите вие кои се држите цврсто за Господа, живи сте и денес“ (5. Мојсеева 4,4). Начелото изнесено во овој стих и денес е вистинито.

Оваа седмица ќе проучуваме за некои од сатанските најсилни измами и за тоа како можеме да се заштитиме од нив.

## НАЈГОЛЕМАТА ИЗМАМА

Првата лекција од ова тримесечје зборува за „космичката борба“, која, за жал, од вселената се проширила на Земјата.

Меѓутоа, проблемот е во тоа што многу луѓе, меѓу кои и христијаните, не веруваат во оваа голема борба затоа што не веруваат дека сатаната постои. Според нивното мислење, библиските текстови кои зборуваат за сатаната или за ѓаволот се само обид да се објасни злото и страдањето во светот. За голем број луѓе идејата за буквално, натприродно суштество кое има лоши намери кон човечкиот род е само дел од научната фантастика, како Дарт Вејдер во „Војна на ѕвездите“.

**Прочитајте ги следните текстови од Откровение. Што учат тие за постоењето на сатаната, а посебно за неговата улога во настаните на последните денови? Откровение 2,13.24; 12,3.7-9.12.17; 13,2; 20,2.7.10.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Откровението прикажува со колкава сила ќе располага сатаната во последните денови над многу жители на Земјата, не одвраќајќи ги само од спасението, туку наведувајќи ги да ги прогонуваат оние кои му се верни на Исуса.

Од сите „мисли“ на сатаната (2. Коринќаните 2,11) – превод на грчкиот збор *поетата,* „ум“ – можеби најголемата измама е таа да ги наведе луѓето да поверуваат дека тој не постои. Всушност, кој ќе побара засолниште од силниот непријател кого не го смета за реален? Интересно е што многу луѓе се изјаснуваат дека се христијани, а сепак идејата за буквалното постоење на ѓаволот не ја сфаќаат сериозно. Тие заземаат таков став затоа што го занемаруваат или коренито го менуваат толкувањето на многуте текстови од Божјата реч кои го откриваат дејствувањето на сатаната и работата во овој свет, особено како што се приближуваме кон крајот на времето. Фактот дека многу луѓе ќе го отфрлат постоењето на сатаната, и покрај големите библиски докази, треба да биде силен потсетник колку е важно да разбереме што, всушност, учи Библијата.

**Иако Откровението зборува за измамите на сатаната, посебно во последните денови, каква возвишена надеж наоѓаме во оваа Книга (Откровение 12,11)? Кој е нашиот извор на сила против сатаната?**

______________________________________________________________

## ДВЕ ГОЛЕМИ ГРЕШКИ

**Прочитајте ги следните стихови. Што ни зборуваат тие за силата на сатаната да мами?**

**2. Коринќаните 11,13-15.** ________________________________________

________________________________________________________________

**2. Солуњани 2,9.10.** ________________________________________

________________________________________________________________

**Откровение 12,9.** ________________________________________

________________________________________________________________

**Откровение 20,10.** ________________________________________

________________________________________________________________

Како што забележавме во претходната лекција, Исус ги предупредил своите следбеници за измамите на последното време. Посебно предупредил во врска со појавата на лажни христоси и лажни пророци кои „ќе заблудат мнозина“ (Матеј 24,5).

Меѓутоа, лажните христоси и лажните пророци не се единствената измама на последното време за кои треба да бидеме свесни. Нашиот непријател во големата борба осмислил бројни заблуди за да ги измами сите кои може. Како христијани треба да бидеме свесни за овие лукавства, а тоа можеме да го направиме само со познавањето на Библијата и со послушноста кон нејзините учења.

Елена Вајт објаснува кои се тие две големи измами: „Со две големи заблуди, со заблудата за бесмртност на душата и со заблудата за празнување на неделата, сатаната ќе успее да ги прелаже луѓето. Додека првата заблуда поставува темели за спиритизмот, втората создава врска на пријателство со Рим. Протестантите во Соединетите Држави први ќе подадат рака преку понорот за да ја прифатат раката на спиритизмот; тие ќе го премостат и амбисот за да се ракуваат со римската сила и под влијание на овој трикратен сојуз, оваа земја ќе појде по стапките на Рим и ќе ги погази правата на совеста“ (*Големата борба*, стр 588 оригинал).

Неверојатно е што, по толку многу години откако овие зборови биле забележани, увидуваме колку се распространети овие „две големи заблуди“ во христијанскиот свет.

**Зошто познавањето на библиските вистини и подготвеноста да се држиме до овие вистини како најмоќно оружје против измамите на сатаната, особено во последните денови?**

## БЕСМРТНОСТ НА ДУШАТА

**Што можеме да научиме од следните текстови за „состојбата на мртвите“? Како тие можат да нѐ заштитат од „двете големи заблуди“? Проповедник 9,5.6.10; Псалм 115,17; 146,4; 1. Коринќаните 15,16-18; Даниел 12,2.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Во последните децении многу внимание се посветува на извештаите за луѓето кои „умреле“ – нивното срце престанало да чука, престанале да дишат – но оживеале, и свеста им се вратила. Во бројни случи многу од овие луѓе раскажале неверојатни искуства за свесното постоење откако, наводно, „умреле“. Некои лебделе во воздухот и одозгора го виделе своето тело. Други известиле дека излегле од своето тело и сретнале прекрасни суштества исполнети со светлина и топлина, кои ја изнесувале вистината за љубезноста и љубовта. Други зборувале дека се сретнале и разговарале со мртвите роднини.

Оваа појава станала толку вообичаена што дури и добила дури и научно име, искуство на блиска смрт. Иако овие искуства се спорни, многу христијани ги користат како доказ за бесмртност на душата и идејата дека душата за време на смртта заминува во друга област на свесно постоење.

Искуствата на блиска смрт, секако, сѐ уште еден вид на „двете големи заблуди“. Сѐ додека личноста верува оти при смртта душата продолжува да живее во еден или во друг облик, таа во голема мера е подложна на повеќе окултни и спиритистички измами, кои лесно, на посреден или на непосреден начин, ја шират идејата дека вам не ви е потребен Исус. Всушност, повеќето луѓе кои доживеале искуство на блиска смрт, објасниле дека духовните суштества со кои се сретнале, па дури и нивни мртви роднини, им упатиле утешни зборови на љубов, мир и добрина, но ништо не им кажале за спасението во Христа, за гревот, за судот кој наближува– за најосновните библиски гледишта. Би помислиле дека би требало, додека наводно го доживуваат претвкусот на христијанскиот живот по смртта, да ги искусат најосновните христијански учења. Сепак, најчесто, она за што зборуваат повеќе личи на учењата на движењето Њу ејџ, а тоа објаснува зошто многу од овие луѓе стануваат помалку наклонети кон христијанството отколку што биле пред „смртта“.

**Зошто, како христијани, мораме да се држиме за Божјата реч, дури и тогаш кога нашите сетила ни зборуваат поинаку?**

## САБОТАТА И ТЕОРИЈАТА НА ЕВОЛУЦИЈАТА

Колку сатаната е успешен во залажувањето на светот кога станува збор за бесмртноста на душата, исто толку е успешен, ако не и во поголема мера, во настојувањето библиската сабота да ја замени со недела (потсетете се на 6. и 8. лекција). Така постапувал во најголем дел од христијанската историја. Во последниве години сатаната посебно дејствува преку уште една измама која го намалува значењето на седмиот ден, саботата: теоријата на еволуцијата.

**Прочитајте го текстот во 1. Мојсеева 1-2,3. Што учиме од овој текст за тоа како Господ го создал нашиот свет и колку време Му требало за да го направи тоа?**

Дури и површното читање на овие стихови открива две подробности за библискиот извештај за создавањето. Прво, сè било испланирано и одредено; ништо не било направено необмислено, произволно или случајно. Писмото не остава простор за случајност во процесот на создавањето.

Второ, текстот јасно открива дека секое суштество било создадено според својот вид; односно секое е создадено посебно и поинакво од останатите. Библијата не учи ништо за заедничкото природно потекло (како што е првобитната едноставна клетка) на животот на Земјата.

Дури и ако овој текст од 1. Мојсеева не го толкуваме буквално, овие две точки се очевидни: ништо не било случајно во чинот на создавање, и не постоел заеднички природен предок на сите видови.

Меѓутоа, напоредно се јавува и Дарвиновата еволуција, која во своите различни облици укажува на две подробности: случајноста и заедничкото природно потекло на сите видови.

Зошто тогаш голем број луѓе 1. Мојсеева ја толкуваат преку очилата на теоријата која, во својата основа, се спротивставува на создавањето? Навистина, не само што заблудата на еволуцијата зафатила милиони световни луѓе, туку многу таканаречени христијани веруваат дека можат да ја усогласат со својата христијанска вера, наспроти споменатите упадливи спротивности.

Меѓутоа, присутноста на теоријата на еволуцијата во рамките на последните настани ја прави опасноста од измамата уште поочигледна. Зошто сериозно да се сфати еден ден, седмиот ден, сабота, како знак на сеќавање – не шестдневно создавање, туку создавање кое траело околу 3 милијарди години (последниот податок кога животот наводно за прв пат настанал на Земјата)? Еволуцијата му ја одзема вистинската важност на седмиот ден бидејќи шестдневното создавање се претвора во мит сличен на оној според кој Ромул и Рем ги доела волчица. Исто така, кој од оние што веруваат дека за создавањето биле потребни милијарди години наместо само шест буквални денови, впрочем би се изложил на прогонство или смрт, држејќи се до саботата наспроти неделата?

## ЛАЖНО ТРОЈСТВО

Поимот за триедна Божја природа ја среќаваме во целата Библија. Меѓутоа, во рамките на измамите и прогонствата на последното време, во 13. глава од Откровение прикажано е „лажно тројство", кое го сочинуваат змевот, ѕверот од морето и ѕверот од земјата.

**Прочитајте го текстот во Откровение 12,17; 13,1.2. Што е опишано во овие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Змевот овде претставува лажен отец бидејќи тој во потполност управува со сѐ. Тој, исто така му дава сила, власт и престолот на ѕверот од морето, лажниот Христос. Зошто другата сила се смета за лажен Христос?

**Какви особини поседува ѕверот од морето? Откровение 13,2-5.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Покрај тоа што власта ја прима од змевот, а тоа нѐ потсетува на она што Исус го рекол за примањето на власта од Отецот (Матеј 28,18), ѕверот од морето, како и Исус, доживеал смрт а потоа и воскреснение (Откровение 13,3). Исто така, за овој ѕвер е кажано дека му е дадена власт во временски период од „четириесет и два месеци" или три и пол години, пророчка злоупотреба на Христовата трииполгодишна служба врз осова на принципот ден за година.

**Како е опишан ѕверот од земјата? Откровение 13,11-17**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Ѕверот од земјата се залага за интересите на ѕверот од морето, онака како што Светиот Дух не се прославува себеси, туку Исуса (Јован 16,13.14). Исто така, како што Светиот Дух извршил силно дело кога се спуштил „оган" од небото (Дела 2,3), ѕверот од земјата прави нешто слично (види: Откровение 13,13).

„На крајот, ѕверот од земјата ќе го фалсификува Денот педесетница! Зошто? За да му докаже на светот дека е фалсификувано тројството на вистинскиот Бог" (Џон Полин, *What the Bible Says About the End-Time* [Hagerstown, Md.: Review and Herald Publishing Association, 1998], стр. 111).

**За кои други измами на последното време треба да бидеме свесни, и како можеме да им помогнеме на другите да ги препознаат овие измами?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ајде да размислуваме за последиците на теоријата на еволуцијата во рамките на последните денови, особено во врска со улогата на саботата. Една од причините зошто Чарлс Дарвин, зачетникот на оваа теорија, ја ширел идејата за еволуцијата била таа што, не сфаќајќи ја големата борба, имал потешкотии да ги помири злото и страдањето со добриот Создател полн со љубов. Поради оваа заблуда, одговори побарал во друга насока.

Исто така, не било случајно што во втората половина на деветнаесеттиот век, кога Дарвин ја ревидирал и ја преработувал својата теорија на еволуцијата, Бог подигнал едно движење, Христијанската адвентистичка црква, која се спротивставувала на сè она што го застапувала Дарвиновата теорија. Интересно е што Христијанската адвентистичка црква (Црквата на адвентистите на седмиот ден), чии основи на креационизмот биле откриени во самото име, почнала да расте и да се шири приближно во исто време кога и Дарвиновата теорија.

Кој знаел, ако Дарвин прочитал и поверувал во овие неколку кратки редови на Елена Вајт, светот можеби би бил поштеден од една од најголемите заблуди на човечката мисла уште од геоцентризмот и спонтаната генерација (хипотеза според која жив организам може да настане од нежива материја): „Иако Земјата сега станала расипана од проклетството, природата и понатаму би требала да биде учебник за човекот. Таа сега не можела да го претставува само доброто, бидејќи злото било присутно насекаде, расипувајќи ги земјата, морето и воздухот со својот нечист допир. Таму каде што некогаш бил напишан само Божјиот карактер – познавањето на доброто, сега е напишан и карактерот на сатаната – познавањето на злото. Природата која сега го откривала познавањето на доброто и злото, требала постојано да го предупредува човекот на последиците од гревот“ (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 26 оригинал).

Своите претпоставки за еволуцијата Дарвин ги развил поради погрешното разбирање на природата и Божјиот карактер и на паднатиот свет во кој живееме. За жал, неговата теорија ќе ги направи луѓето плен на измамите на сатаната, а посебно во конечната криза.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто толку многу христијани ја отфрлуваат идејата дека сатаната постои? Што можеме да научиме од ова гледиште за тоа колку е опасно да ги отфрлиме јасните библиски учења?**

**2. Што можете да кажете за личноста која, откако доживеала искуство на блиска смрт, тврди дека тоа искуство и покажува дека човекот продолжува да живее дури и откако ќе умре?**

**3. На која друга причина можете да се сетите зошто оние кои веруваат во еволуцијата ќе бидат многу поподложни на измамите во последните денови?**

Поука 10
2 - 8 јуни 2018

# АМЕРИКА И ВАВИЛОН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 13,1-12; 14,9-11; 16,2; 19,20; 20,4; Еремија 51,6.7.53.57; Откровение 18,1-4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во она време ќе стане Михаел, големиот кнез кој ги штити синовите на твојот народ. Тоа ќе биде време на страдање какво немаше откако се луѓето, па до тоа време. Во тоа време ќе се спаси твојот народ - сите кои ќе се најдат запишани во Книгата“ (Даниел 12,1).**

Минатата седмица проучувавме за „лажното тројство“, сатаната (змевот) и двете земни сили кои заедно ќе го прогонуваат Божјиот народ.

Една од тие сили, ѕверот од морето (Откровение 13,1-10) е опишана како склоп од рис, мечка и лав (Откровение 13,2) – слика преземена непосредно од Книгата на пророкот Даниел 7,4-6. Во 6-тата лекција видовме дека во 7. глава од Книгата на пророкот Даниел – по подемот на Вавилон (лав), Медо – Персија (мечка) и Грчко-македонското царство (рис) се појавила последната земна сила, Рим. Паганскиот Рим, каков што бил во почетокот, подоцна се претворил во папски Рим, силата на малиот рог од Книгата на пророкот Даниел 7,7.8; 19-21; 23-25; кој непосредно се издигнал од четвртиот ѕвер. Исто така, видовме дека многу особини од папскиот Рим, кои се опишани во овие стихови во 7. глава од Книгата на пророкот Даниел, ги поседува ѕверот од морето од Откровение 13, 1-10. Значи, проучувачите на Библијата го гледаат Рим како клучен непријател во настаните на последното време во 13. глава од Откровение.

Меѓутоа, овде не се спомнува само Рим. Опишана е уште една сила. Оваа седмица ќе се сосредоточиме главно на 13. глава од Откровението и на настаните и силата кои се прикажани тука. Како и секогаш, ќе го поставиме прашањето: Што значат овие настани и како можеме да се подготвиме за нив?

## СМРТНАТА РАНА Е ИСЦЕЛЕНА

**Прочитајте го текстот во Откровение 13,1-10 и потсетете се зошто овој текст се однесува на папството, на двете негови улоги, во минатото и во иднината. Посебно забележете како му е дадена истакнатата улога. Што значи тоа во поглед на настаните на последните денови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Иако Бог има верен народ во сите цркви, Писмото укажува на посебната улога која ја имала оваа установа во историјата и која ќе ја има во настаните на последните денови.

**Прочитајте го текстот во Откровение 13,3. Кој настан се споменува и каква поука ни дава тој за истакнатата улога на Рим?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Римската црква со векови била центар на религијата и, на многу начини, политички центар на Западниот свет. Пример за нејзината сила можеме да видиме во извештајот за Хенрик IV, царот на Светото римско царство, кој, разлутувајќи го папата Григур VII, дошол во посета на папата со желба да склопи мир. Римскиот цар морал да чека три дена пред дворот на студенилото, пред папата да му одобри да влезе. Грегур VII, одушевен од победата, се фалел дека негова должност била да ја собори гордоста на царевите.

Сепак, под влијание на реформацијата, просветителството и Француската револуција, римската политичка и верска превласт била разнишана кон крајот на 18 век. Еден од папите, Пие VI, всушност бил заробен од стана на француската војска во 1798 година. Умрел во прогонство во 1799 година.

Тринаесеттата глава на книгата Откровение, меѓутоа, зборува за враќањето, за зацелување на „смртната рана“ на Рим. Иако Рим денес нема политичка моќ каква што имал во времето на Грегур VII, сепак благодарение на тоа што последните неколку папи биле општоприфатени, неговото влијание јакне, и во верска и во политичка смисла (на пример, говорот на папата Фрањо во двата дома на Американскиот конгрес во 2015 година претставува историски настан). Според пророштвото, неговото влијание само уште повеќе ќе расте.

**Како можеме да бидеме верни на веста која сме повикани да ја проповедаме, но на начин кој нема да биде навредлив за другите? Зошто, сепак, не смееме да се покоруваме на „политичката коректност“ додека ја објавуваме сегашната вистина?**

## СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ВО ПРОРОШТВОТО

Луѓето се прашуваат, а се подразбира и зошто, *Како Рим, денес или во иднина, може да го врши влијанието опишано во 13. глава од Откровението?* Одамна поминале деновите кога можел да заповеда со војската, како што тоа го правел во минатото. Одговорот, исто така, го пронаоѓаме во Откровение 13 глава.

**Прочитајте го текстот во Откровение 13,11.12. Кои обележја ни помагаат да утврдиме кој ја претставува оваа сила?**

За ѕверот кој му претходи на овој, кој го претставува Рим според мислењето на протестантите, кажано е дека му е дадена власт во период од 42 месеци (Откровение 13,5). Овој период е исто што и „за едно време и за две времиња и за половина време" од Книгата на пророкот Даниел 7,25 или три и пол години (Откровение 12,14) или 1260 пророчки денови (Откровение 12,6). Тоа е време кога папската сила ќе ги угнетува своите неистомисленици. Овој пророчки временски период (користејќи го начелото ден за година) започнал со воспоставувањето на папската супремација во 538 г.н.е., и се завршил во 1798 година, кога папата бил одведен во заробеништво. Тогаш, папската сила се здобила со смртоносна рана, и пророштвото се исполнило.

Отприлика, во овој историски момент, пред крајот на истекот на „четириесет и два месеци" (1798), се јавува уште една сила (Откровение 13,11; Откровение 13,1), издигнувајќи се овој пат од земјата, што е спротивно на претходните сили, кои се издигнувале од водата (види: Даниел 7,2.3), која е симбол на мноштвото народи. „Водите што ги виде, каде што седи блудницата, тоа се луѓето и множествата, народите и јазиците" (Откровение 17,15). Од оваа и од други причини, оваа сила мора да ја претставуваат Соединетите Американски Држави, кои настанале во прилично ненаселениот дел на светот, така што не било потребно да се рушат големите царства за да ја оствари својата цел.

„Кој народ почнал да се јавува во 1798 година како сила во новиот дел на светот и станувал сѐ поголем и посилен, така што го привлекол на себе вниманието на светот? Примената на овој симбол не е никакво тешко прашање. Само еден единствен народ одговара на податоците на ова пророштво. Тоа јасно упатува на Соединетите Американски Држави " (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 440 оригинал).

Иако прво е прикажано дека оваа сила има два рога како на јагне, што е симбол на благост, таа ќе зборува „како змевот" (Откровение 13,11), укажувајќи со тоа на времето на прогонството слично на она што се случило под управа на претходната сила. Според тоа, стиховите во Откровение 13,11-17 даваат одговор на прашањето како Рим може да го врши влијанието за коешто зборува пророштвото. Ќе ја има поддршката на моќните Соединети Американски Држави – токму така.

## ПРАШАЊЕ НА БОГОСЛУЖЕНИЕТО

За време на целокупната света историја, Господ постојано морал да се занимава со оние кои паднале во идолопоклонство и други облици на лажно богослужение (види: Матеј 4,8-10). Во последната криза, како што е опишано во 13. глава на Откровението, повторно ќе се постави прашањето за богослужението. И во таа прилика Божјиот народ ќе мора да одлучи кому ќе се поклони и кому ќе му служи (види: Исус Навин 24,15).

Во втората лекција со наслов „Даниел и последното време“ проучувавме за извештајот за трите еврејски момчиња на кои им било наложено да се „поклонат на златниот лик“ (Даниел 3,5). Исто така, видовме дека во Откровение 13. глава, при опишувањето на прогонството со кое ќе се соочи Божјиот народ во последното време, се употребени одредени изрази од тоа глава. Односно, во 3. глава од Книгата на пророк Даниел забележуваме настани кои се претходница на она што ќе се случува во последните денови, што е и опишано во 13. глава на книгата Откровение во непосреден контекст на ѕверот и неговата сила. На сите им било наложено да се поклонат на златниот лик, или, во спротивно, ќе бидат усмртени во огнената печка. Слично на тоа, во 13 глава на Откровение се кажува „да направи да бидат убиени оние, кои нема да се поклонат на ликот на Ѕверот“ (Откровение 13,15).

**Прочитајте Откровение 14,9-11; 16,2; 19,20; 20,4. Што ни кажуваат овие стихови за тоа колку прашањето за службата ќе стане важно?**

Вавилон отсекогаш бил престолнина на лажно богослужение. Вавилонската кула сведочела за желбата на градителите, исто како Луцифер, да излезат „во облачните висини“ (Исаија 14,14), како и за напорите да се спасат во случај на уште еден сеопшт потоп. Значи, одбиле да поверуваат во Божјото ветување дека никогаш повеќе нема да дозволи потоп на Земјата (1. Мојсеева 9,8-11).

Неовавилонското царство исто така го издигнувало делото на човечките раце. Навуходоносор го величел „големиот Вавилон што јас го изградив“ (Даниел 4,30). Подоцна, царот Валтазар ги зел златните садови од храмот на Соломон за гозба и „пиеја вино и ги славеа своите богови од злато и сребро, од бронза и железо, од дрво и камен“ (Даниел 5,3.4). Забележете дека садовите од Храмот биле исполнети со опојно вино кое ги лишувале од сила оние кои пиеле од нив. Како последица на тоа, мнозина во градот го изгубиле својот живот за време на падот на Вавилон. Она што надворешно изгледа како вистина, може да нѐ измами прикривајќи го смртоносното „вавилонско вино“. Лажната служба и лажните идеи владеат во царството на сатаната.

**Како можеме да бидеме сигурни дека не учествуваме во некој облик на лажно богослужение?**

## „ГОЛЕМИОТ ВАВИЛОН“

**Прочитајте ги следните текстови: Еремија 51,6.7.53.57; Захарија 2,7: Откровение 17,5.6; 18,2.3. Што можеме да научиме од нив за Вавилон?**

______________________________________________________________________

Како што видовме во отсекот од вторникот, Вавилон има долга историја како престолнина на лажното богослужение; така што претставува соодветен симбол на сила на последното време која ги лаже народите.

**Споредете го змевот, ѕверот од морето и црвениот ѕвер (Откровение 12,3; 13,1-3; 17,3). Какви сличности и разлики постојат меѓу нив?**

______________________________________________________________________

Сите тие ѕверови имаат седум глави и десет рогови, што претставува вкупен број на глави и рогови на ѕверот од 7. глава од Книгата на пророкот Даниел. Секое наредно царство било изградено врз претходното. Слично на тоа, црвениот ѕвер поседува карактеристики на змевот и на ѕверот од морето (симболи на паганскиот и папскиот Рим), како и ѕверот од земјата (Откровение 13,11-14), групирајќи ги „сите три сили – сите Божји непријатели – во права коалиција“ (Жак Дукан, *Secrets of Revelation, The Apocalypse Through Hebrew Eyes* [Hagerstown, Md.: Review and Herald Publishing Association, 2002], стр. 162). Дополнителен елемент во 17. глава од Откровение е жената која јава на црвен ѕвер и претставува сојуз на верски и политички сили. Ова жена е во остра спротивност со чистата жена од 12. глава во книгата Откровение:

| Чиста жена (Откровение 12) | Блудница (Откровение 17) |
|---|---|
| На небото | На водата |
| Облечена во сонце | Облечена во порфир од скерлет |
| Венец од 12 ѕвезди | Накитена со злато, бесценети камења и бисери |
| Змевот ја напаѓа | Змевот ја поддржува |
| Мајка на Остатокот | Мајка на блудниците |

Како „мајка на блудниците“, Вавилон бил посветен на своето умножување. Отпаднатата мајка-црква има многу отпаднати ќерки. Меѓутоа, Бог не е одговорен за раширените заблуди и сторените злосторства од страна на отпаднатото христијанство. Неговиот вистински народ, иако сатаната се нафрлил на него, опстојува со векови.

Текстот во Откровение 14,8 веќе го предупредил народот на падот на Вавилон и отпадништвото од вистината, што на крајот води до последната измама која се завршува со примање на жигот (белегот) на ѕверот (Откр. 14,9-11). Оваа опомена ќе биде повторена со многу поголема сила, достигнувајќи го својот врв во последниот повик упатен до Божјиот народ, кој сè уште се наоѓа во Вавилон, да излезе од него и да се обедини со Божјата црква на остатокот, Црквата на последното време (Откр. 18,1-4).

## „ИЗЛЕЗЕТЕ ОД НЕА, НАРОДЕ МОЈ“

Со години, проучувачите на библиските пророштва со голем интерес ги следеле настаните во светот, посебно кога се чинело дека се поврзани со последното време. На пример, размислете за улогата на Соединетите Американски Држави. Некои христијани адвентисти уште во 1851. година ја препознале Америка како вториот ѕвер (Откровение 13,11-15), што било неверојатно, со оглед на тогашната положба на Соединетите Американски Држави. Во средината на 19 век големите сили и понатаму биле сили на Стариот свет: Прусија, Франција, Австро-Унгарија и Англија. Во тоа време, во периодот на мирот, Америка имала војска од околу дваесет илјади луѓе, а тоа е само една десетина од вкупниот број борци кои учествувале во битката кај Ватерло (1815). Во 1814 година Британија го нападнала и запалила Вашингтон. Индијанските војници на Бикот кој седи во 1867 година го збришале Седмиот американски коњички полк на генералот Кастер. Според тоа, кога некои коментатори ги препознале Соединетите Американски Држави како сила која еден ден ќе го наметне „жигот на ѕверот“ во светот, американскиот народ и понатаму се борел со американските домородци иако не победувал секогаш.

Несомнено е дека светските настани се одвиваа токму онака како што веруваме дека ќе се одвиваат. Меѓутоа, сѐ уште мора да се случат одредени подробности пред да дојде крајот. Затоа, на пример, кога зборуваме за „жигот на ѕверот“, важно е да нагласиме дека во моментов никој го нема, без оглед дали ја држат четвртата заповед или не.

Всушност, некои настани допрва треба да се одиграат.

**Прочитајте Откровение 18,1-4. Што се случува овде и зошто е важно тоа да го запомниме? Што нѐ учат овие стихови за нашата мисија во светот?**

____________________________________________________________

Овие стихови ја прикажуваат мрачната слика на светот во политичка, морална и духовна смисла. Го покажуваат штетно влијание на лажното верско учење во светот. Во исто време, тие нудат и возвишена надеж, затоа што друг ангел од небото го осветлува светот со својата слава. Потоа, Божјиот верен народ, кој сѐ уште не ја спознал вистината која треба да ја знае, е повикан да излезе од Вавилон. Тоа значи дека до самиот крај, Божјиот народ кој веќе излегол од Вавилон треба да работи за оние кои сѐ уште не се.

**Што значи за нас фактот дека Господ, оние кои сѐ уште се наоѓаат во Вавилон, ги нарекува „народе Мој“? Зошто е важно тоа да го запомниме во нашето однесување кон другите луѓе?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Нападот на сатаната врз Божјиот закон е напад лично на Бога, Неговиот авторитет и власт. Во последните денови, во завршните настани на конечната криза, сатаната ќе ги нападне оние „кои ги пазат Божјите заповеди“ (Откровение 12,17; 14,12), бидејќи само тие ќе одбијат да му укажат почит преку неговите застапници овде на Земјата. Битката која одамна ја повел против Бога на Небото, ќе продолжи и овде на Земјата, и како што бил поразен на небото, ќе биде поразен и на Земјата. „Уште од почеток на големата борба на небото постојана намера на сатаната била да го урне Божјиот закон. За да го постигне тоа, се побунил против Творецот и, иако бил исфрлен од небото, истата борба ја продолжил на земјата. Луѓето да ги измами и со тоа да ги наведе на престап на Божјиот закон, е цел кон која постојано се стремел. Било ова да го постигне со отфрлање на целиот Закон или со отстранување на одделни негови прописи, последиците на крај ќе бидат исти. Оној што ’ќе згреши во едно’, покажува презир кон целиот Закон; со своето влијание и пример тој е на страна на престапот, и затоа ’е виновен за сè’ (Јаков 2,10)“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 582 оригинал).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте во саботношколската класа за светските настани и за тоа на кои начини тие укажуваат на она за кое веруваме дека треба да се случи во последните денови. Кои настани сè уште треба да се случат? Како можеме будно да ги следиме знаците на времето, а притоа да го избегнеме фанатизмот, одредувањето на датумот и смелото предвидување на подробностите за кои Библијата и списите на Елена Вајт не зборуваат?**

**2. Размислете повеќе за прашањето на богослужбата. Што значи да се служи на некој или на нешто? Како се однесуваме ние кон тоа кому и на што му служиме?**

**3. Размислувајте повеќе за идејата дека Бог и понатаму има свој народ во Вавилон. Што сфаќаме под изразот „Вавилон“ (кој очигледно е симбол, и нема буквално значење). На што нè учи обврската да продолжиме да им ја проповедаме веста на другите, без оглед на нивната политичка определеност или верски ставови?**

**Поука 11**
**9 - 15 јуни 2018**

# БОЖЈИ ПЕЧАТ ИЛИ ЖИГ НА SВЕРОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 17,9-11; 2. Мојсеева 31,13.17; Откровение 13,17; Ефешаните 1,13.14; Евреите 4,9.10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Големи се и прекрасни Твоите дела Господи Боже, Сѐдржителу! Праведни и вистински се Твоите патишта - Цару на народите“ (Откровение 15,3).**

Песната за Мојсеј и за Јагнето почнува со зборовите на стихот што треба да се запомни за оваа седмица. Ја пеат оние „кои го победија Sверот и неговиот лик и бројот на неговото име“, додека стојат на стакленото море на Небото (Откровение 15,2). Како ние можеме да се најдеме меѓу нив?

Еден од највпечатливите знаци на Божјиот вистински народ на последното време е нивното објавување на третата ангелска вест, која предупредува за примањето на жигот (белегот) на sверот. И покрај тоа што во целата Библија не постои сериозно предупредување, со години се изнесуваат многу збунувачки идеи во врска со тоа што претставува овој жиг: код на челото, број на кредитна картичка или некој вид биометриска идентификација.

Не треба да бидеме изненадени со мноштвото збунувачки идеи во Вавилон. Всушност, неговото име значи „збрка“. Меѓутоа, Божјиот народ на остатокот треба јасно да ја разбере оваа тема за да може со сила да ја објави третата ангелска вест. Оваа седмица ќе се обидеме подобро да сфатиме што е жигот на sверот и како да го избегнеме - со примањето на Божјиот печат.

## БОЖЈИОТ ЗНАК СПОРЕД КОЈ СЕ ПРЕПОЗНАВА НЕГОВИОТ НАРОД

**Во старозаветно време постоеле два надворешни знаци според кои се препознавал Божјиот вистински народ. Еден од нив било обрежувањето. Кој прв го примил овој знак? 1. Мојсеева 17,9-11**.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Бог му наложил на Аврама и на неговите потомци да се обрежат како знак на заветот на спасението. Машките новороденчиња требало да се обрежат осмиот ден по раѓањето (3. Мојсеева 12,3). Меѓутоа, овој обред има и подлабоко значење. Требало да претставува потреба за „обрежување“ или обнова на срцето (види: 5. Мојсеева 30.6). Затоа Павле пишува: „Зашто не е Јудеец оној, кој е тоа надворешно, ниту е вистинско обрезание она, што е надворешно - врз телото - туку Јудеец е оној, кој е тоа во внатрешноста; а вистинското обрезание на срцето е по Дух, а не по буква. Неговата пофалба не е од луѓето, а од Бога“ (Римјаните 2,28.29).

Текстовите како што се 1. Коринќаните 7,19; Галатјаните 5,6 и 6,15 покажуваат дека обрежувањето во Новиот завет е заменето со крштавањето, кое претставува обратување, „ново создавање“, умирање за гревот и станување во нов живот (види: Римјаните 6,3.4). Од таа причина, Павле вели дека обрежувањето повеќе не е важно, „туку верата, која дејствува преку љубовта“ и „извршувањето на Божјите заповеди“.

**Кој друг надворешен знак го дал Бог според кој се препознавал неговиот народ и зошто бил даден? 2. Мојсеева 31,13.17; Езекил 20,12.20.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Забележете дека саботата како знак потекнува уште од времето на создавањето (види: 1. Мојсеева 2,2.3), додека обрежувањето почнало да се применува дури од Аврама. Од таа причина Исус, укажувајќи на создавањето, рекол дека „саботата е воспоставена заради човекот“ (Марко 2,27). По ова се гледа дека ние му припаѓаме на Бога - со создавањето, затоа што нè создал, и со откупувањето, бидејќи нè оправдува и нè посветува. Значи, иако Павле вели дека обрежувањето веќе не е важно, тој тврди дека држењето на Божјите заповеди (вклучувајќи го и празнувањето на саботата) и понатаму важи (види: Евреите 4,9).

**Како вашите мисли и намери откриваат дали вашето срце е навистина обрежано?**

## ЅВЕРОТ И ЛАЖНОТО БОГОСЛУЖЕНИЕ

**Што можеме да научиме од следните текстови за тоа колку е важно да го избегнеме „жигот на ѕверот“? Откровение 13,17; 14,9.10; 16,2.**

___

Ќе го примат непомешаниот Божји гнев, ќе бидат казнени со седумте последни зла, и на крај ќе бидат фрлени во огненото езеро. Каква спротивност од оние кои одбиле да го примат жигот на ѕверот и кои стојат на стакленото море и победоносно пеат песни во слава на Бога и Јагнето!

Што претставува овој жиг кој никој не би сакал да го прими? Претходните стихови јасно го поврзуваат со лажното богослужение. Исто така, како што видовме во претходната лекција, четвртиот ѕвер од 7. глава од Книгата на пророк Даниел, во својата подоцнежна фаза (опишана и како ѕверот од морето во 13 глава во Откровението), „ќе помислува да ги измени времињата и Законот“ (Даниел 7,25). Една заповед која помислувал да ја промени била четвртата заповед за саботата – единствена од сите десет која се однесува на времето и непосредно укажува на Бога како на Оној кој го создал „небото и земјата, морето и сè што е во нив, а на седмиот ден се одмори“ (2. Мојсеева 20,11).

Значајно е тоа што првата ангелска вест нè враќа на оваа заповед која ѕверот настојувал да ја промени и јасно гласи дека треба само на Господа да му се поклониме како на Создател. Всушност, од седум стихови во Откровение 12 - 14 глава, кои се однесуваат на тоа кому му се поклонуваме, единствено 7. стих од четиринаесетата глава зборува за вистинската служба на Бога; во останатите шест предупредува против лажното поклонување на ѕверот и на неговата икона (Откровение 13,4.8.12.15; 14,9.11). Веднаш по описот што го дава третиот ангел за судбината на оние кои се вклучени во лажното богослужение, опишани се вистинските Божји следбеници: „Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12).

Со други зборови, објавувањето на овие три вести го раздвојува целото човештво во две групи: оние кои му се поклонуваат на Создателот држејќи ги Неговите заповеди, вклучувајќи ја и заповедта за празнувањето на седмиот ден, саботата, и оние кои му се поклонуваат на ѕверот и на неговата икона. Овој лажен облик на богослужение, значи, ни нуди уште еден избор во поглед на служењето на Создателот и држењето на заповедта за саботата.

**Размислувајте за поврзаноста меѓу службата на Бога и верноста. Со кои важни видови на служба можеме да покажеме верност кон Бога?**

## БОЖЈИ ПЕЧАТ

Печатот, исто како и потписот, се користи за заверување на документи. Во дамнешни времиња веродостојноста или сопственоштвото се потврдувало со втиснување на печат врз мек восок или глина, кој го претставувал авторитет на сопственикот во чија сопственост бил.

**Што е Божји печат, како се дава и кога? Ефесјани 1,13.14; 4.30; 2. Тимотеј 2,19; Откровение 7,1-4; 14,1.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Божјиот печат е знак за Божјо сопственоштво и заштита на Неговиот народ. Павле го опишува запечатувањето во врска со обраќањето и примањето на дарот на Светиот Дух. Тој овој дар го нарекува „залог“ кој им е даден на сите верници како сигурност за комплетното откупување и идното наследство кое ќе го примат кога Исус ќе дојде.

Во Откровение е прикажано уште едно запечатување токму пред второто Христово доаѓање. Со овој последен печат запечатени се 144,000 при излевање на Светиот Дух во време на позниот дожд. Тие на своето чело го имаат запишано Божјото име (или потпис). Со дејствувањето на Светиот Дух во нивниот живот тие го одразуваат Божјиот карактер.

**Споредете го Божјиот печат со жигот (белегот) на ѕверот. Кои разлики меѓу нив се споменуваат овде? Откровение 7,3; 14,9.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Печат им се дава на вистинските Божји следбеници, а жиг на оние кои му се поклонуваат на ѕверот. Печатот се става само на челото, што упатува на конечната одлука на умот да му служи на Бога на начин како што Тој заповедал. Жигот, од друга страна, се става на челото или на раката. Тоа значи дека луѓето можат да се поклонуваат на ѕверот од две причини. Или се согласуваат со тоа, мислејќи дека вистински му служат на Бога, или не се согласуваат со тоа, но и понатаму постапуваат така бидејќи се плашат од сериозни последици доколку не се потчинуваат: нема да можат да купуваат, ниту да продаваат или на крајот ќе бидат убиени (Откр. 13,17.15).

**„Оние кои се соединуваат со светот стануваат слични на него и се подготвуваат да го примат жигот на ѕверот. Оние, пак, кои не се надеваат во себе, кои се понизни пред Бога и ја чистат својата душа преку послушност на вистината, тие попримаат небесен карактер и се подготвуваат да го примат Божјиот печат на своето чело“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 5 книга, стр. 216).**

## ЖИГ НА ЅВЕРОТ

Што претставува овој жиг чие примање треба да го избегнеме? Како што забележавме во една од претходните лекции, четвртиот ѕвер од 7 глава од Книгата на пророк Даниел, во својата подоцнежна фаза (исто така опишан како ѕвер од морето во Откровение 13 глава), „ќе помислува да ги измени времињата и Законот“ (Даниел 7,25). Една заповед која помислувал да ја промени била четвртата заповед за саботата – единствената од сите десет која се однесува на времето и непосредно укажува на Бога како на Оној кој го создал „небото и земјата, морето и сè што е во нив, а на седмиот ден се одмори“ (2. Мојсеева 20,11).

Првата ангелска вест – која читателот го враќа токму на оваа заповед, онаа која ѕверот настојувал да ја промени – јасно зборува дека само на Господа треба да му се поклонуваме како на Создател. Понатаму, по опомената каква судбина ги чека оние кои му се поклонуваат „на Ѕверот, и на неговиот лик“ (Откровение 14,9), Божјиот верен народ е опишан во 12 стих.

**Прочитајте го текстот во Откровение 14,12. Имајќи ја на ум непосредната рамка, како овој опис на Божјиот верен народ ни помага да сфатиме зошто саботата е толку важна во завршните настани?**

______________________________________________________________

Текстот гласи: „Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12). Како што видовме, „Божјите заповеди“ ја опфаќаат и четвртата заповед за саботата, која упатува на Бога како на Создател, како Оној кому единствено треба да му се поклонуваме. Не треба да нè чуди што мнозина прашањето за „жигот на ѕверот“ го поврзуваат со прашањето за празнувањето на неделата, фалсификуваната „сабота“, што во Библијата не е наложено, наспроти држењето на четвртата заповед, која е дадена во Библијата.

Дали тоа значи дека христијаните кои одржуваат богослужба во недела уште сега го имаат жигот на ѕверот? Не. Според текстот од Откровение 13,15, оние кои одбиваат да му се придружат на ова лажно поклонување на ѕверот, ќе бидат убиени. На крај, тоа прашање ќе стане прашање на живот и смрт. Очигледно е дека настаните сè уште не ја достигнале таа точка и жигот на ѕверот нема да биде даден до оваа конечна проба. Според тоа, никој сè уште не го примил жигот на ѕверот.

**Божјите заповеди. Исусовата вера. Зошто овие работи, дури и сега, се клучни одлики на прашањето што значи да се биде вистински христијанин?**

## САБОТАТА КАКО ПЕЧАТ

Како што видовме, седмиот ден, сабота, претставувала знак на Божјиот народ низ целата историја, почнувајќи од Адама и Ева, па сè до времето на Израел. Исто така, таа нејзина улога продолжила и во новозаветната црква, ја забележуваме во животот на Исус и апостолите, а ќе биде и препознатлив знак на Божјиот народ во последното време на оние „кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12).

**Зошто саботата е толку важна и какво посебно значење има за христијаните? 2. Мојсеева 20,8-11; Евреите 4,9.10.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Саботата се јавува во срцето на Десетте заповеди. Создателот ја дал како знак или печат на својата власт. Во заповедите за саботата го препознаваме Бога по името „Господ, твојот Бог“. Ја препознаваме областа над која има надлежност, „небото и земјата, морето и сè што е во нив“. Исто така го препознаваме темелот на Неговата власт „Зашто во шест денови Господ ги направи небото и земјата... а на седмиот ден се одмори“.

Новиот завет го прикажува Исуса како Оној преку кого Бог создал сè (Јован 1,1-3; Колошаните 1,16; Евреите 1,1.2). Токму Исус го создал нашиот свет за шест дена и се одморил во седмиот. Затоа е важно тоа што Исус, додека висел на крстот тој петок попладне, изговорил: „Се сврши“ (Јован 19,30). Како што отпочинал во сабота откако го завршил создавањето, така се одморил во гробницата во сабота откако се принел себеси како жртва, откако умрел наместо нас поради нашето откупување. Значи, саботата била двапати благословена, првиот пат за време на создавањето, а потоа на крстот. Затоа, според посланието до Евреите, со одмарањето во саботниот ден христијанинот покажува дека и „тој се одморил од своите дела, како и Бог од Своите“ (Евреите 4,10). Саботата е совршен симбол кој укажува дека не можеме сами себеси да се спасиме, туку дека од почетокот до крајот тоа Христово дело е овозможено преку верата (споредете: Евреите 12,2).

**Ако саботата е симбол за одмарање од нашите дела, што претставува држењето на неделата и како тоа се вклопува во основниот карактер на Вавилон?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Штом Божјиот народ ќе биде запечатен на своите чела – тоа не е никаков видлив печат или знак, туку цврсто интелектуално и духовно согласување со вистината дека ништо нема да може да ги одврати – веднаш штом Божјиот народ ќе биде запечатен и подготвен за решетање, тоа ќе дојде. И навистина, тоа веќе почнало; Божјите судови се излеваат на Земјата... и нѐ опоменуваат на она што доаѓа“ (Елена Вајт, *The Faith I Live By*, стр. 285)

„Празнувањето на седмичниот ден за одмор ќе послужи како голема проверка на верноста, зашто таа вистина посебно е изложена на напади. Кога луѓето ќе бидат ставени пред таа конечна проверка, тогаш ќе биде повлечена линија на разделба меѓу оние што му служат на Бога и оние што не му служат. Додека празнувањето на неделата, во согласност со земните закони, но наспроти четвртата Божја заповед, ќе биде заклетва на верност кон онаа сила што му се противи на Бога, празнувањето на библискиот ден за одмор, во согласност со Божјиот закон, ќе биде доказ за верноста кон Творецот. Така, една група луѓе, прифаќајќи го знакот на покорност кон земните власти, ќе прими жиг на ѕверот, друга група, избирајќи го знакот на верноста кон божествениот авторитет, ќе прими Божји печат“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 605 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На кои сѐ начини можеме на другите им ја откриеме вистината за жигот на ѕверот и Божјиот печат, а да не предизвикаме непотребни судири? На пример, зошто мораме да го нагласиме фактот дека сега никој нема жиг на ѕверот?**

**2. Како се поврзани саботата и запечатувањето со Светиот Дух?**

**3. Размислувајте за претходната идеја дека печатот претставува интелектуално и духовно согласување со вистината“. Што значи тоа?**

**4. Разговарајте за одликите на духовниот Вавилон, неговите вредности и методите. Како се разликуваат од вредностите на Божјето царство? Како некои сфаќања на Вавилон дури и сега можат да се вовлечат во нашата Црква? Како можеме да ги препознаеме и да се соочиме со нив, но на христијански начин, одразувајќи ја вредноста на Божјето царство?**

**Поука 12**
**16 - 22 јуни 2018**

# ВАВИЛОН И АРМАГЕДОН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 14,8; 16,19; Исаија 52,9; Откровение 18,1-10; 16,12-16; 1. Царевите 18,1-40; 1. Коринќаните 15,1.2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „На челото, пак, ѝ беше напишано име - тајна: големиот Вавилон, мајка на блудниците и на земните гнасотии“ (Откровение 17,5).**

Како што веќе забележавме, Откровението е полно со слики и изрази земени непосредно од Стариот завет. На пример, името Вавилон се јавува шест пати во Откровение. Меѓутоа, не станува збор за древното царство на Навуходоносор, кое исчезнало од светската историска сцена стотици години порано. Јован користел слики од Стариот завет за да ја искаже вистината. Во овој случај, Вавилон – голема политичка и верска сила која го угнетувала Божјиот народ – сега опишува големи царски и политички сили кои ќе настојуваат да го направат истото на крајот од време.

Слично е и со зборот *Армагедон*, кој се јавува само во Откровението, но се темели на еврејскиот израз кој значи „гората Мегидо“, и претставува место во стариот Израил. Постојат големи претпоставки во врска со Армагедон. Многумина очекуваат дека на тоа место ќе се случи воена битка со големи размери.

Оваа седмица ќе проучуваме за Вавилон и Армагедон и ќе се обидеме да сфатиме што ни порачува Библијата со овие слики.

## „ВИНОТО НА НЕГОВИОТ ЈАРОСТЕН ГНЕВ“

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 14,8; 16,19; 17,5; 18,2.10. 21, шест стихови во книгата Откровение каде што се спомнува Вавилон. Имајќи го на ум извештајот за Вавилон од Стариот завет, што учиме од овие текстови за Вавилон во рамките на настаните на последните денови?**

___

___

___

___

Кажано е дека Библијата е извештај за два града, Ерусалим и Вавилон. Додека Ерусалим во целата Библија го претставува Божјиот град и градот на Неговиот заветен народ (Псалм 102,21; Исаија 52,9; 65,19: Откровение 3,12), Вавилон е олицетворение на угнетување, насилство, лажна религија и отворен бунт против Бога.

Во своето прво послание (1. Петрово 5,13) Петар испраќа поздрави од црквата во „Вавилон“, што според општото сфаќање не значи од урнатините на старото царство во денешен Ирак, туку од самиот Рим, кој наскоро ќе стане утнетувач на Црквата. Ова е интересна употреба на ова име во светлината на Откровението и улогата на Рим која тука е претставена.

**Прочитајте Откровение 14,8 и 18,3. Што ни откриваат овие текстови за погубното влијание на Вавилон врз светиот и Божји народ?**

___

___

___

Нема сомнение дека силата што Вавилон ја претставува, како што е опишано во Откровението, во голема мера врши штетно влијание насекаде во светот. Изразот „жестокото вино на своето блудство“ (Откровение 14,8) јасно укажува на лажната доктрина, на лажното учење, расипаноста и конечниот исход што од тоа ќе произлезе. Вавилон е сила на злото која се раширила меѓу сите народи (Откровение 18,3). Според тоа, сите мораат да внимаваат да не бидат заведени.

**Погледнете како изгледа светот денес: расипаност, збрка, угнетување. Што можеме да научиме од оваа состојба за потребата цврсто да се држиме за Исуса и за Неговата реч?**

## ВАВИЛОН ПАДНАЛ

Колку и да е влијанието на Вавилон во светот погубно и далекосежно, Откровението учи дека еден ден на сето тоа ќе му дојде крај.

**Прочитајте го текстот во Откровение 18,1-10. Што ни кажуваат овие текстови за „големиот Вавилон“?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Втората ангелска вест (Откровение 14,8) за падот на Вавилон се повторува во 2 стих 18 глава, во кое е прикажано колку ова тело станало расипано.

„Библијата ни кажува дека пред Господовото доаѓање сатаната ќе дејствува 'со секаква сила, со чудотворни знаци, со лажни чуда и со секаква неправедна измама'; и оние што 'не ја примија љубовта на вистината за да се спасат', ќе ги прифатат сите измами и ќе ѝ веруваат на лагата (2. Солуњаните 2,9-11). Дури кога ќе настапи ваква состојба и кога во целото христијанство ќе се постигне обединување на црквата со светот, тогаш падот на Вавилон ќе биде целосен. Промената ќе настанува постепено, а Откровение 14,8 целосно ќе се исполни во иднина“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 389.390 оригинал).

Дали „совршеното исполнување“ веќе се остварило, само Бог знае. Но, она што го знаеме, според овие текстови, е дека духовниот Вавилон еден ден ќе се соочи со Божјиот суд поради своето големо зло. „Зашто нејзините гревови стигнаа до небото и Бог си спомна за нејзините неправди“ (Откровение 18,5). Овој израз го одразува јазикот од Стариот завет за стариот Вавилон (види: Еремија 51,9), и значи дека времето на судот сигурно ќе дојде. Секако, овој суд, кој наближува, не треба да нè изненади. Всушност, стариот Вавилон се соочил со судот (види: Даниел 5). Писмото на бројни места е многу јасно дека еден ден сите ќе мораат да дадат одговор за своите дела, вклучувајќи го и Вавилон. Колку е утешно да се знае дека на тој суд, како христијани, имаме Посредник кој ќе се заложи за нас (1. Јованово 2,1; Даниел 7,22). Во спротивно, нашата судбина не би била ништо подобра од судбината на Вавилон.

**Како можете да пронајдете утеха во ветувањето дека сета неправда и беззаконие, кои сега поминуваат неказнето, еден ден ќе се соочат со конечната Божја казна?**

_______________________________________________________________

## АРМАГЕДОН

Иако голем број луѓе, меѓу кои и многу христијани, не знаат многу за Книгата Откровение, една слика или збор од оваа книга станала општоприфатена во денешната култура: Армагедон (види: Откровение 16,16). Дури и во световната култура овој збор означува конечна борба во која судбината на Земјата виси на конец. Во Холивуд е снимен филм под тоа име за огромниот астероид кој се заканува да ја уништи планетата. Идејата за крајот на светот во одредена мера е присутна и во умот на световните луѓе.

Многу христијани, кои ја познаваат Книгата Откровение и веруваат во она што е во неа забележано, сметаат дека Армагедонската битка ќе биде буквален воен конфликт на Блискиот исток пред крајот на светот. Според едно толкување, војската од Азија која брои 200 милиони војници ќе влезе во северен Израел. Други се сконцентрирани на различните војни и политичките конфликти во тој дел од светот кој, според нивното сфаќање, ќе ја постави сцената за конечната воена армагедонска битка во областа Мегидо.

Меѓутоа, Библијата дава сосема поинаква слика. Писмото го претставува Армагедон како кулминација, но не како судир меѓу скарани народи, туку меѓу двете страни на космичкиот конфликт. Тоа е верска борба, не е економска или политичка, колку и да се во игра економските или политичките фактори.

**Прочитајте го текстот во Откровение 16,12-16. Што можеме да научиме за Армагедон од овие стихови?**

---

Како прво, забележете ја овде симболиката на јазикот. Духови како жаби излегуваат од устата на змевот, лажниот пророк, и ѕверот (укажување на силата од Откровение 13 глава; „лажниот пророк“ овде сигурно го претставува ѕверот од земјата, Откровение 13,11). Овде, исто така ја забележуваме големата борба, кога „ѓаволските духови“ (Откровение 16,14) тргнуваат во борба „во великиот ден на Бога Сѐмоќниот“ (Откровение 16,14). Како и да се одвива Армагедон, во прашање е конфликт од светски размери меѓу силите на Христос и сатаната. Не се работи за локална битка во областа Мегидо, како што ни Вавилон во Откровението не зборува за настани во делот на современиот Ирак.

**Прочитајте Откровение 16,15. Интересно е што среде тие настани Исус нѐ охрабрува со евангелската вест, со ветувањето за Неговото доаѓање и потребата да бидеме покриени со Неговата правда. Како тоа ни помага да ја сфатиме духовната природа на борбата во која сме вклучени?**

## АРЕМАГЕДОН И ГОРАТА КАРМИЛ: ПРВ ДЕЛ

Што претставува оваа голема битка Армагедон? Како прво, името значи „гората Мегидо“. Меѓутоа, во областа позната како Мегидо нема планини, но гората Кармил се наоѓа во близина, така што преовладува мислењето дека изразот *їораѿа Меїидо* се однесува на гората Кармил.

Да бидеме уште поодредени, проучувачите на Библијата, извештајот за Илија и лажните пророци на Вал на гората Кармил гледаат како на симбол, на пример, за она што ќе се случи во Откровение 13 глава. Како што видовме во отсекот од вторникот, текстот од Откровение 16,13, со своето лажно упатување на змевот, ѕверот и лажниот пророк, нè враќа на настаните во Откровение 13 глава, на лажното тројство за кое проучувавме во деветтата лекција.

Текстот од Откровение 13 глава својот врв го достигнува во 13. и 14. стихот, кога вториот ѕвер врши натприродни дела што дури и „оган симнуваше од небото на земјата пред луѓето“ (Откровение 13,13). Овие настани потоа водат до непосредниот судир меѓу Бога и сатаната, меѓу оние кои му се поклонуваат на вистинскиот Бог и оние кои се поклонуваат на „иконата на ѕверот“ (Откровение 13,14).

**Прочитајте го текстот во 1. Царевите 18,1-18. Кои работи од овој извештај ги одразуваат поединечните настани кои ќе се одиграат во последното време, како што е прикажано во Откровението?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Она што овде го забележуваме на многу начини претставува комплетна слика на големата борба. Илија јасно го изнесува спорното прашање во 18. стих: *народоѿ їи осѿавил Божјиѿе зайоведи и следи и им се йоклонува на лажни боїови.* Ова отсекогаш било проблем, без оглед на бројните обележја и начини на кои злото се манифестирало во текот на историјата? Ние или се поклонуваме на „Оној, кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,7), или се поклонуваме на некој или на нешто друго. Кога станува збор за настаните кои се споменуваат во Откровение 13. глава, наместо да му се поклонуваат на Господа, луѓето му се поклонуваат на ѕверот и на неговата икона. Не постои неутрален терен. Или сме на Божја страна или на сатанска. Ова прашање е важно во таа мера што сега, а особено во армагедонската битка, во која, како што ќе видеме во извештајот од гората Кармил, таа разлика ќе стане многу поочигледна.

## АРМАГЕДОН И ГОРАТА КАРМИЛ: ВТОР ДЕЛ

**Прочитајте 1. Царевите 18,18-40. Што се случува во овие стихови, и како завршува овој извештај и (без претерано барање на сличноста) како овој извештај одразува што ќе се случи – но во поширока смисла – кога големата борба ќе го достигне врвот на крајот од времето?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Борбата на гората Кармил се водела меѓу Илија, Божјиот пророк, и неколку стотини свештеници на Вал. (Забележете колку злото било побројно во однос на доброто). Оваа проверка требало да покаже кој е вистинскиот Бог, Бог кој го создал небото и Земјата, или Вал, само уште едно олицетворение на „змевот“ и уште едно средство со кое тој настојува да го измами светот (Откровение 12,9).

Свештениците се молеле на Вал да испрати оган и да ја спали жртвата што ја принеле. Викале од утро до мрак. „Викајте погласно“, се потсмевал Илија, „можеби спие“ (1. Царевите 18,27). Свештениците западнале во состојба на бунило. Се боделе со ножеви додека не почнала да тече крв. Уморни и исцрпени, се откажале во време на принесувањето на вечерната жртва.

Жртвата на Илија била три пати натопувана, ископината околу олтарот била наполнета со вода. Илија се молел на Бог со едноставна молитва. Бог веднаш спалил сѐ, вклучувајќи го и камениот олтар и почвата под него. Силата на вистинскиот Бог, во споредба со Вал, била очигледна.

**Прочитајте Откровение 16,13; 19,20.21 и споредете ги овие текстови со судбината на лажните пророци на Вал. Што забележуваме?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Што и да е непознато во врска со Армагедон, барем за сега, го знаеме резултатот: уништување на Божјите непријатели и одбрана на Бога и Неговите свети луѓе.

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 15,1.2. Иако непосредната рамка не се однесува на Армагедон, што сака Павле да нагласи, и зошто е важно тоа да го запомниме, особено во светлината на она што носи иднината? Исто така, прочитајте го текстот во Откровение 16,15 во кој сигурно станува збор за Армагедон. Што дознаваме од овие текстови заедно?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„На неколку места во извештајот за армагедонската битка, гнасните суштества и страшните настани за момент го заземаат местото зад сцената и стекнуваме увид во вистината која во голема мера е лична. Како што видовме, една од нив е забележана во Откровение 16,15: ’И ете, идам како крадец; блажен е оној, кој бдее и ги пази своите облеки, за да не оди гол и да не се гледа неговиот срам!‘

Овој текст, кој се наоѓа меѓу двата стиха кои всушност го споменуваат Армагедон, претставува одек на многу новозаветни стихови за личната подготовка за Исусовото доаѓање и последните настани.

Уште еден таков се наоѓа во Откровение 17,14: ’Тие ќе војуваат против Јагнето, и Јагнето ќе ги победи, зашто Тој е Господар над господарите и Цар над царевите, и оние, што ќе се со Него, се повикани и избрани и верни.‘ Овде се споменува дека во големата војна на крајот на времето учествува војска чија главна цел не е да ги уништи другите со оружје, туку да биде верна на божествениот позив и избор. Ова е многу поинаква борба од оние во кои народите и денес се борат. Како што неколку пати повторив, армагедонската битка е борба за ум. Но, тоа е и борба за срцето – повик на искрена верност на Јагнето кое е убиено (Откровение 5,9.10.12; 13,8)“ (Џон Полин, *Armageddon at the Door* [Hagerstown, Md.: Autumn House Publishing, a division of Review and Herald Publishing Association, 2008], стр. 193).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како можете да му помогнете на некој кој верува дека многу настани кои се опишани во Откровението буквално ќе се случат на спомнатите места? Какви пристапи би можеле да им помогнат да увидат дека тоа е погрешен начин на толкување на текстовите?**

**2. Како што видовме, влијанието на Вавилон се шири по целиот свет. Кои се некои од учењата за Вавилон, и како можеме да научиме да ги распознаваме и како да ги избегнеме?**

**3. Во отсекот од понеделник, во цитатот од книгата на Елена Вајт, е забележано следното: „Дури кога ќе настапи ваква состојба и кога во целото христијанство ќе се постигне обединување на црквата со светот, тогаш падот на Вавилон ќе биде целосен“. Размислете за изразот „обединување на црквата со светот. Која силна опомена ја забележуваме овде?**

**Поука 13**
**23 - 29 јуни 2018**

# ВРАЌАЊЕТО НА НАШИОТ ГОСПОД ИСУС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 13,6.9; Матеј 24,30.31; Даниел 2,34.35; 2. Тимотеј 4,6-8; 2. Солуњаните 1,7-10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто, како што молњата излегува од исток и се гледа дури до запад, така ќе биде доаѓањето на Синот Човечки" (Матеј 24,27).**

Поетот Т. С. Елиот започнал една песна со следниот стих: „Во мојот почеток е мојот крај". Колку и да се нејасни овие зборови, тие носат силна вистина. Во почетокот почива крајот. Ехото од овие вистини го забележуваме во нашето име, адвентисти на седмиот ден, кое содржи две основни библиски учења: „седмиот ден", кој укажува на саботата како дел од Десетте заповеди, седмичното сеќавање на шестдневното создавање на Земјата; „адвентисти" упатува на второто Христово доаѓање, во кое ќе се исполнат сите надежи и ветувања на Писмото, вклучувајќи го и ветувањето за вечниот живот.

Колку и да е временски оддалечено создавањето на светот (нашиот почеток) од второто Христово доаѓање (нашиот крај, барем крајот на нашиот грешен живот), овие настани се поврзани. Бог, кој нѐ создал (Јован 1,1-3), е истиот Бог кој ќе се врати и кој „одеднаш, за еден миг на око, на последната труба" (1. Коринќаните 15,52) ќе го изврши нашето конечно откупување. Во својот почеток, навистина го наоѓаме својот крај.

Оваа седмица ќе зборуваме за последниот од сите настани, барем што се однесува на сегашниот свет: Второто доаѓање на нашиот Господ Исус Христос.

## ГОСПОДОВИОТ ДЕН

Колку и да сме склони за второто Исусово доаѓање да размислуваме само како новозаветно учење, тоа не е вистина. Секако, само по Неговото прво доаѓање, по Неговата смрт, воскресение и вознесение дадено ни е поцелосно и побогато откровение на вистината во врска со Второто доаѓање. Меѓутоа, како и во случајот со многу други подробности во Новиот завет, Стариот завет открива навестување и сенки на оваа важна вистина многу пред таа да се случи. Објавувајќи го учењето за Христовото доаѓање, писателите на Новиот завет не откриле нова вистина; наместо тоа, во голема мера ја истакнале вистината која веќе била откриена во Библијата. Единствено што сега во светлината на распнатиот и воскреснат Спасител, ветувањето за Второто доаѓање може да биде попотполно сфатено и ценето.

**Прочитајте ги следните текстови. Што можеме да научиме од нив за Исусовото второ доаѓање? Исаија 13,6.9: Захарија 14,9; Даниел 12,1.**

___

___

Нема сомнение дека „Господовиот ден“ за изгубените ќе биде ден на уништување, жалост и голема неволја. Но, тоа ќе биде и ден на спасение на целиот Божји народ, оние кои ќе се најдат „запишани во книгата на животот“ (види: Филипјаните 4,3; Откровение 3,5; 13,8). Оваа тема, сфаќањето на „Господовиот ден“ како време за суд на лошите, но и како време кога Божјиот народ ќе биде заштитен и награден, ја наоѓаме во Стариот завет. На пример, иако некои ќе се соочат со „Господовиот пламен и гнев“, оние кои ќе го послушаат повикот да ја „бараат правдата“ и да ја „бараат смиреноста“ ќе бидат сокриени на „во денот на гневот Господов“ (Софонија 2,1-3).

**Прочитајте го текстот во Евангелието според Матеј 24,30.31. На кој начин овие стихови ја покажуваат изразената поделба меѓу изгубените и спасените за време на Исусовото второ доаѓање?**

___

___

___

**Како последните настани ќе се развиваат, ќе стане поочигледно на чија страна сме. Какви одлуки можеме и мораме да донесеме сега за да бидеме сигурни дека сме на вистинската страна?**

## ДАНИЕЛ И ВТОРОТО ХРИСТОВО ДОАЃАЊЕ

Иако многу од Евреите во Исусово време очекувале дека Месија ќе ја отфрли римската власт и ќе го утврди Израел како најмоќен народ, тоа не е причина за Исусовото доаѓање, ни првото ни второто. Наместо тоа, Бог подготвил нешто многу повозвишено за својот верен народ од самото преуредување на грешниот и паднат свет.

Можеби, ниту еден друг текст во Стариот завет не ја открива толку јасно вистината дека новиот свет не изникнал од стариот, туку дека претставува и сосема поинакво дело на создавање, како што го прави 2. глава од Книгата на пророкот Даниел.

Ова глава го прикажува подемот и падот на четирите големи царства – Вавилонското, Медо-Персија, царството на Александар Македонски и најпосле Римското царство, кое потоа се дели на народите на современа Европа. Меѓутоа, кипот што го видел Навуходонор во сонот (симболот на смената на овие четири главни светски царства) го доживува својот крај на необичен начин, што укажува на големиот јаз меѓу овој свет и оној што ќе дојде откако ќе се врати нашиот Господ Исус Христос.

**Прочитајте Даниел 2,34.35.44.45. Што кажуваат овие стихови за судбината на овој свет и за природата на новиот?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Овие стихови оставаат малку нејаснотии за тоа што ќе се случи кога Исус повторно ќе дојде. Во Евангелието според Лука (Лука 20,17.18) Исус себеси се поистоветува со овој камен кој ќе сотре сè што останало на овој свет. Во Книгата на пророк Даниел 2,35 читаме дека, откако биле уништени златото, среброто, земјата, железото и бронзата, „сè стана како плева на гумно лете, и ветерот го однесе сето без трага.“ Односно, по Исусовото доаѓање ништо нема да остане од овој стар свет.

Во меѓувреме, каменот кој ја уништил секоја трага на овој стар свет „стана голема гора та ја наполни сета земја“. А ова царство, кое настанало како резултат на Второто доаѓање, е она „кое никогаш нема да пропадне“ и кои „ќе стои довека“ (Даниел 2,44).

Само еден крај, од овие два можни краја, го чека секое човечко суштество што некогаш живеело на оваа планета. Или ќе бидеме со Исуса низ сета вечност, или ќе исчезнеме со плевелот на овој свет. На овој или на оној начин, сите нè чека вечноста.

## ДОЛГОРОЧНИ ИЗГЛЕДИ

**Прочитајте Тит 2,13. Каква голема надеж имаме и зошто?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Опишувајќи ги своите уверувања за настанокот на нашиот универзум, еден предавач објаснил дека пред околу 13 милијарди години, „изразито густа мала маса се појавила од ништо, дека експлодирала и дека од таа експлозија настанала нашата вселена“. Како таа „изразито густа мала маса“ се појавила од ништо, предавачот не рекол. Тој само претпоставил со вера, дека е така.

Како што забележавме во воведот на оваа лекција, во својот почеток го наоѓаме својот крај. Затоа, според овој предавач, нашиот крај не пружа премногу надеж, макар не долгорочно. Универзумот, создаден од таа „изразито густа мала маса“, бил осуден на конечно уништување, со сѐ што се наоѓало во него, што, секако, го опфаќа и човештвото.

Спротивно на тоа, библискиот концепт за нашиот почеток не само што е многу пологичен од ова гледиште туку дава и поголема надеж. Благодарение на Бога на нашиот почеток, нашите долгорочни изгледи се многу добри. Имаме на што да се надеваме во иднината, а оваа надеж почива на ветувањето за второто Христово доаѓање.

**Прочитајте го текстот во 2. Тимотеј 4,6-8. За што зборува Павле овде, и на што се надева?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Иако Павле наскоро ќе биде погубен, тој живее во сигурноста на спасението и надежта во Христовото повторно доаѓање. Го очекува „венецот на правдата“, но, секако, не на неговата правда (1. Тимотеј 1,15), туку на Исусовата правда, на која, според она што Павле го знае, почива неговата надеж во ветувањето за Второто доаѓање. Независно од неговите непосредни околности, кои во најдобар случај биле мрачни (бил во затвор, очекувајќи да биде погубен), Павле знае дека неговите долгорочни изгледи се многу добри. Причината е тоа што тој ја гледа поширокката слика, не сосредоточувајќи се само на моменталните прилики.

**Без оглед на вашите моментални околности, како можете да ја негувате истата надеж како и Павле? Како можеме да научиме да ја гледаме поширокката слика и надежта што ни ја нуди?**

## НА НЕБЕСНИТЕ ОБЛАЦИ

Колку и да е важно и клучно Второто доаѓање, според Библијата, не сметаат сите христијани дека овој настан ќе биде буквално, лично Исусово доаѓање. Поединци тврдат, на пример, дека Исусовото второ доаѓање не се случува тогаш кога Исус лично ќе се врати на Земјата, туку кога Неговиот Дух ќе се покаже во Неговата црква на Земјата. Со други зборови, второто Христово доаѓање се остварува кога моралните христијански начела се откриваат во Неговиот народ.

Меѓутоа, колку можеме да бидеме благодарни што ова учење е погрешно. Ако е вистинито, каква долгорочна надеж би имале ние?

**Прочитајте ги следните новозаветни текстови за Второто доаѓање. Што откриваат тие за природата на Христовото доаѓање?**

**Матеј 24,30**________________________________________

__________________________________________________

**1. Солуњаните 4,16.** __________________________________

__________________________________________________

**Матеј 26,54.** _______________________________________

__________________________________________________

**Откровение 1,7.** ____________________________________

__________________________________________________

**2. Солуњаните 1,7-10.** _______________________________

__________________________________________________

„Славата од Божјиот престол како да свети слично на молња. Горите се повиваат како трска на ветер, а на сите страни паѓаат одронети карпи. Се слуша татнеж на бура што иде. Морето удира бесно. Се слуша завивање на луња како глас на демони кога тргнуваат во поход да уништуваат. Сета Земја се издига и се набира како морски бранови. Нејзината површина пука. Се чини како нејзините темели да попуштаат. Тонат планински синџири. Исчезнуваат населени острови во разбеснетите бранови и морските пристаништа кои по злото се прочуле како Содом. Пред Бога се споменува големиот Вавилон 'за да му биде дадена чашата со виното на неговиот јаросен гнев' (Откровение 16,19.20)'" (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 637 оригинал).

Второто Христово доаѓање е толку силен настан што во буквална смисла овој свет, каков што го познаваме, го доведува до крајот. Кога тоа ќе се случи, сите ќе знаат. Она што Исус го остварил за нас при првото доаѓање ќе биде целосно исполнето за време на второто.

**Како свеста за вистинитоста на Второто доаѓање треба да влијае на нашиот сегашен живот? Како би требало да ни помогне да не го заборавиме она што навистина е важно во животот?**

## ЖИВИТЕ И МРТВИТЕ

Пред да го воскресне својот пријател Лазар од гробницата, Исус ги изговорил следните зборови: „Јас Сум Воскресението и Животот; кој верува во Мене - и да умре - ќе живее“ (Јован 11,25). Тој не само што побарал од луѓето да поверуваат во ова неверојатно тврдење туку го подигнал Лазара од мртвите, кој бил мртов доволно долго за да може телото да замириса (Јован 11,39).

Умираат и оние кои веруваат во Исуса. Меѓутоа, како што кажува Исус, иако умираат, повторно ќе живеат. Воскресението на мртвите се однесува токму на тоа. И токму тоа прави второто Христово доаѓање да биде средиште на нашите надежи.

**Според следните текстови, што се случува со мртвите во Христа кога Исус ќе се врати? Римјаните 6,5; 1. Солуњаните 4,16; 1. Коринќаните 15,42-44.53-55.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Големата надеж на Второто доаѓање претставува воскресението од мртвите кое Исус лично го доживеал, а кое ќе го доживеат и Неговите верни следбеници од сите возрасти. Во Неговото воскресение почива надежта и сигурноста на нивното воскресение.

**Што ќе се случи со оние кои ќе бидат живи кога Исус ќе дојде? Филипјаните 3,21; 1. Солуњаните 4,17.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Верните кои ќе бидат живи кога Исус ќе се врати ќе го задржат физичкото тело, но не во неговата сегашна состојба. Тоа на натприроден начин ќе биде преобразено во одреден вид на непропадливо тело кое, исто така, ќе го имаат оние кои ќе бидат воскреснати од мртвите. „Живите праведници ’наеднаш, за миг’, се преобразени. Со Божјиот глас тие се прославени; сега стануваат бесмртни и со воскреснатите свети се земени во пресрет на Господа на небото“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 645 оригинал).

**Составете листа на сите подробности на овој свет кои ви се толку важни и поради кои попрво би го жртвувале вечниот живот само за да ги задржите сега. Што се наоѓа на таа листа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Второто Христово доаѓање не е епилог, додаток или поговор на тажниот извештај за човечкиот грев и страдања во овој паднат свет. Второто доаѓање е величествен врв, голема надеж на христијанската вера. Што би било без него? Извештајот за човечкиот род постојано се продолжува, еден тажен настан по друг, една трагедија по друга, сè додека не заврши со смрт. Одвоен од надежта што ни ја нуди повторното Христово доаѓање, како што напишал Вилијам Шекспир, животот е: „Бајка за која идиотот раскажува, полна со врева и гнев, а не значи ништо". Па сепак, имаме надеж затоа што Божјата реч тоа постојано го потврдува.

Имаме надеж бидејќи Исус го дал својот живот во откуп за нас (Марко 10,45), и Исус навистина се враќа да го земе она за што платил. Ѕвездите на небото не ни говорат за Второто доаѓање. Птиците кои црцорат на дрвјата не го објавуваат. Тие сами по себе можат да укажат на нешто добро, нешто исполнето со надеж, на самата стварност. Но, тие не нè учат дека еден ден, кога Исус повторно ќе дојде, „трубата ќе затруби и мртвите ќе воскреснат нераспадливи, а ние ќе се измениме" (1. Коринќаните 15,52). Не учат дека еден ден ќе го подигнеме погледот и ќе го здогледаме „Човечкиот Син, како седи оддесно на Силата и како иде со небесните облаци" (Марко 14,62). Не, ние знаеме за сето тоа затоа што тоа ни е кажано во Божјата реч, и веруваме во ветувањето што таа Реч ни го дава.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете за тоа што би било кога второто Христово доаѓање не би било ништо повеќе од она што поединци веруваат дека е: потполн израз на христијанските начела во животот на Христовите следбеници. Колку и да е тоа прекрасно, зошто на крајот би нè оставило без никаква надеж?**

**2. Зошто денес е општоприфатена идејата дека универзумот настанал од нешто бесмислено? Зошто луѓето го шират таквото гледиште и зошто веруваат во тоа? Зошто верувањето во вечниот Бог, кој создал сè, е многу пологично и поразумно објаснување?**

**3. Споделете ги со класата подробностите од листата за кои сметате дека се толку важни во овој живот што поради нив би ја жртвувале надежта во вечноста, само за истите да ги задржите сега. Што можете да научите едни од други во врска со тоа што е забележано на листите? Ако верниците не навеле ништо, како можеме да бидеме сигурни дека ништо во животот не нè одвојува од спасението, како што ќе биде случај со многу луѓе?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - АПРИЛ

# ХРИСТОС – НАШ МИР И НАША ПРАВЕДНОСТ

### ПРЕКУ ХРИСТА ДО БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | ***Јован 8,12.*** | *Извор на секоја светлина* |
| *2. Понеделник* | ***Јован 1,9.*** | *Христовите сеопфатни благослови* |
| *3. Вторник* | ***Галатите 3,26-28.*** | *Еднаквост меѓу Христовите верници* |
| *4. Среда* | ***Дела 10,35.*** | *Поврзани со заедницата на братството* |
| *5. Четврток* | ***Дела 15,11.*** | *Еден план за сите времиња* |
| *6. Петок* | ***2. Коринќаните 5,19.*** | *Преку Христа до Бога* |
| *7. Сабота* | ***Ефесјаните 3,14. 15.*** | *Едно семејство во Христа* |

### ХРИСТОС - НАШ МИР И НАША ПРАВЕДНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | ***Јован 17,3.*** | *Срцевина* |
| *9. Понеделник* | ***Јован 7,37.*** | *Вода за жедните* |
| *10. Вторник* | ***Јован 6,35.*** | *Леб за гладните* |
| *11. Среда* | ***Јован 6,51.*** | *Учесник благодарение на Христа* |
| *12. Четврток* | ***Исаија 61,10.*** | *Промена на облеката* |
| *13. Петок* | ***Дела 5,31.*** | *Христос наш Мир и наша Праведност* |
| *14. Сабота* | ***Римјаните 5,1.2.*** | *Оправдани преку верата* |

### ЕДИНСТВЕН СПАСИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | ***Матеј 16,15.16.*** | *Нашиот совршен углед* |
| *16. Понеделник* | ***Исаија 45,22.*** | *Единствен Спасител* |
| *17. Вторник* | ***Матеј 7,21.*** | *Не е доволно само признавање* |
| *18. Среда* | ***Матеј 5,20.*** | *Праведност каква што Бог очекува* |
| *19. Четврток* | ***1. Тимотеј 6,11.12.*** | *Вера која го прочистува животот* |
| *20. Петок* | ***Матеј 19,29.*** | *Едноставна вера и послушност* |
| *21. Сабота* | ***1. Коринќаните 13,4-7.*** | *Карактер за Пример* |

### БЛАГОДАТТА НА ПОНИЗНОСТА

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | ***Евреите 12,28.*** | *Деца, а не робови* |
| *23. Понеделник* | ***Исаија 28,5.*** | *Убавината на христијанскиот карактер* |
| *24. Вторник* | ***Матеј 11,28.*** | *Христос ни нуди одмор* |
| *25. Среда* | ***Матеј 11,29.30.*** | *Во Христовиот јарем* |
| *26. Четврток* | ***Исаија 57,15.*** | *Благодатта на понизноста* |
| *27. Петок* | ***1. Петрово 5,6.*** | *Небесно партнерство* |
| *28. Сабота* | ***Псалм 25,9.*** | *Светлина за понизните* |

### ЗАСЛУГИ НА ИСУСОВАТА КРВ

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | ***Псалм 34,2.*** | *Заслуги на Исусовата крв* |
| *30. Понеделник* | ***Еремија 9,23.24.*** | *На Бога нека е слава* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - МАЈ
# **ХРИСТОВИ ВОЈНИЦИ**

## СОВРШЕНСТВО СО ХРИСТОВИТЕ ЗАСЛУГИ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | ***Псалм 144,15.*** | *»Непослушноста на неговите синови«* |
| *2. Среда* | ***Ефесјаните 4,1.*** | *Живот во согласност со повикот* |
| *3. Четврток* | ***Колошаните 2,6.7.*** | *Лична работа* |
| *4. Петок* | ***Матеј 5,48.*** | *Совршенство со Христовите заслуги* |
| *5. Сабота* | ***1. Солуњаните 3,13.*** | *Наука за светоста* |

## ДРАГОЦЕНИОТ ХРИСТОС

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | ***Јован 15,4.*** | *Живот во Христа* |
| *7. Понеделник* | ***Јован 15,5.*** | *Навистина да се носат плодови* |
| *8. Вторник* | ***Филипјаните 2,5.*** | *Пред нас се славни можности* |
| *9. Среда* | ***1. Петрово 1,13.*** | *Неограничени височини за истражување* |
| *10. Четврток* | ***Песна над песните 5,16.*** | *Драгоцениот Христос* |
| *11. Петок* | ***Колошаните 3,17.*** | *Влијанието на нашите зборови* |
| *12. Сабота* | ***Псалм 139,4.*** | *Свет слушач* |

## ПОД БОЖЈЕ ВОДСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | ***1. Петрово 2,22.23.*** | *Наш Пример во самоконтролата* |
| *14. Понеделник* | ***За Јов 27,4-6.*** | *Достоинство без горделивост* |
| *15. Вторник* | ***Мудри изреки 8,6.*** | *Трезвена веселост* |
| *16. Среда* | ***1. Петрово 1,8.*** | *Во неискажлива радост* |
| *17. Четврток* | ***Псалм 121,4-7.*** | *Под Божје водство* |
| *18. Петок* | ***1. Мојсеева 1,31.*** | *Гласот на природата* |
| *19. Сабота* | ***Исаија 45,18.*** | *Распространети знаци на Божјата љубов* |

## ХРИСТОВИ ВОЈНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | ***Псалм 92,4.5.*** | *Доказ за Божјото величие* |
| *21. Понеделник* | ***2. Мојсеева 20,8.*** | *Ден за подготовка* |
| *22. Вторник* **1** | ***. Коринќаните 2,9.*** | *Преку природата до Бога* |
| *23. Среда* | ***Колошаните 3,16.*** | *Бог треба да се почитува во домот* |
| *24. Четврток* | ***1. Петрово 2,5.*** | *Во Божјата работилница* |
| *25. Петок* | ***Ефесјаните 2,21. 22.*** | *Божји духовен храм* |
| *26. Сабота* | ***2. Коринќаните 6,7.*** | *Христови војници* |

## ДА СЕ УГЛЕДАМЕ НА ХРИСТА

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | ***Јован 13,35.*** | *Доказ дека сме ученици* |
| *28. Понеделник* | ***Евреите 10,25.*** | *Појдете таму каде што блеска светлина* |
| *29. Вторник* | ***Јован 9,4.*** | *Живот полн со сила* |
| *30. Среда* | ***Евреите 3,1. 2.*** | *Угледај се на Христа* |
| *31. Четврток* | ***1. Коринќаните 1,4-8.*** | *Благодатта како учител* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - ЈУНИ
# ЕДНО СО ХРИСТА И СО ОТЕЦОТ

### НОВА ПЕСНА ВО НАШИТЕ СРЦА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | **Псалм 40,3.** | *Нова песна во нашите срца* |
| *2. Сабота* | **2. Петрово 1,1. 2.** | *Нема мирување* |

### ИСУС НИ Е СЀ

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | **2. Петрово 1,3.** | *Додавање и множење* |
| *4. Понеделник* | **2. Петрово 3,18.** | *Кога растете* |
| *5. Вторник* | **Ефесјаните 4,13.** | *Да го достигнеме Христовиот углед* |
| *6. Среда* | **Ефесјаните 4,15.** | *Дали растете?* |
| *7. Четврток* | **Филипјаните 1,9.10.** | *Растење и донесување плод* |
| *8. Петок* | **1. Солуњаните 5,23**. | *Знаци на вистинско посветување* |
| *9. Сабота* | **1. Коринќаните 1,30.** | *Исус ни е сѐ* |

### ЕДНО СО ХРИСТА И СО ОТЕЦОТ

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | **2. Коринќаните 5,14.** | *Образложение на истрајноста* |
| *11. Понеделник* | **2. Коринќаните 4,18.** | *На прво место* |
| *12. Вторник* | **Евреите 11,16.** | *Подготовка за Небото* |
| *13. Среда* | **Евреите 3,14.** | *„Да ја запазиме цврсто до крај"* |
| *14. Четврток* | **Јован 14,16.17.** | *Доаѓањето на Утешителот* |
| *15. Петок* | **Јован 17,11.** | *Божествено полномошно* |
| *16. Сабота* | **Јован 17,21.** | *Едно со Христа и со Отецот* |

### »ВНИМАВАЈ НА СЕБЕ...«

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | **2. Коринќаните 10,12.** | *Божја проценка на мојот карактер* |
| *18. Понеделник* | **1. Петрово 5,5.** | *Светоста доаѓа со понизноста* |
| *19. Вторник* | **Филипјаните 2,3.4.** | *Зошто да се надеваме?* |
| *20. Среда* | **1. Тимотеј 4,16.** | *„Внимавај на себе..."* |
| *21. Четврток* | **Тит 2,7. 8.** | *Покажи го Христа во својот карактер* |
| *22. Петок* | **Матеј 13,30.** | *Какол во житото* |
| *23. Сабота* | **Матеј 6,12.** | *Како што нам ни е простено* |

### ДА СЕ ИЗГРАДУВАМЕ ЕДЕН СО ДРУГ

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | **Матеј 18,15.** | *Како да се решава судирот?* |
| *25. Понеделник* | **Филипјаните 4,8.** | *Барај го доброто* |
| *26. Вторник* | **Матеј 5,44.** | *Овцата и волците* |
| *27. Среда* | **Јаков 4,11.** | *Време е да го затворите умот* |
| *28. Четврток* | **Јаков 3,13.14.** | *Вдишувај го небесниот благослов* |
| *29. Петок* | **Ефесјаните 4,32.** | *Најголемата служба* |
| *30. Сабота* | **Римјаните 15,1.** | *Да се изградуваме еден со друг* |

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Април*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Цар. 4-6 |
| 2. | 7-9 |
| 3. | 10-12 |
| 4. | 13-16 |
| 5. | 17-19 |
| 6. | 20-22 |
| **7.** | 2. Цар. 1-3 |
| | |
| 8. | 4-6 |
| 9. | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| 11. | 13-16 |
| 12. | 17-19 |
| 13. | 20-22 |
| **14.** | 23-25 |
| | |
| 15. | 1. Днев. 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-14 |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| **21.** | 21-23 |
| | |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-29 |
| 24. | 2. Днев. 1-3 |
| 25. | 4-7 |
| 26. | 8-10 |
| 27. | 11-13 |
| **28.** | 14-16 |
| | |
| 29. | 17-19 |
| 30. | 20-22 |

## *Мај*

| | |
|---|---|
| 1. | 2. Днев. 23-25 |
| 2. | 26-30 |
| 3. | 31-33 |
| 4. | 34-36 |
| **5.** | Ездра 1-3 |
| | |
| 6. | 4-6 |
| 7. | 7-10 |
| 8. | Немија 1-3 |
| 9. | 4-7 |
| 10. | 8-11 |
| 11. | 12-13 |
| **12.** | Естира 1-3 |
| | |
| 13. | 4-6 |
| 14. | 7-10 |
| 15. | За Јов 1-3 |
| 16. | 4-8 |
| 17. | 9-11 |
| 18. | 12-14 |
| **19.** | 15-17 |
| | |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-30 |
| 24. | 31-33 |
| 25. | 34-36 |
| **26.** | 37-39 |
| | |
| 27. | 40-42 |
| 28. | Псалм 1-3 |
| 29. | 4-6 |
| 30. | 7-11 |
| 31. | 12-14 |

## *Јуни*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 15-17 |
| **2.** | 18-20 |
| | |
| 3. | 21-23 |
| 4. | 24-26 |
| 5. | 27-29 |
| 6. | 30-34 |
| 7. | 35-37 |
| 8. | 38-40 |
| **9.** | 41-43 |
| | |
| 10. | 44-46 |
| 11. | 47-49 |
| 12. | 50-52 |
| 13. | 53-57 |
| 14. | 58-60 |
| 15. | 61-63 |
| **16.** | 64-66 |
| | |
| 17. | 67-69 |
| 18. | 70-72 |
| 19. | 73-75 |
| 20. | 76-80 |
| 21. | 81-83 |
| 22. | 84-86 |
| **23.** | 87-89 |
| | |
| 24. | 90-92 |
| 25. | 93-95 |
| 26. | 96-98 |
| 27. | 99-103 |
| 28. | 104-106 |
| 29. | 107-109 |
| **30.** | 110-114 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Април*

1. Псалм 78,43-56
2. Псалм 78,57-72
3. Псалм 79
4. Псалм 80
5. Псалм 81
6. Псалм 82
**7.** Псалм 83
8. Псалм 84
9. Псалм 85
10. Псалм 86
11. Псалм 87
12. Псалм 88
13. Псалм 89,1-13
**14.** Псалм 89,14-26
15. Псалм 89,27-39
16. Псалм 89,40-52
17. Псалм 90
18. Псалм 91
19. Псалм 92
20. Псалм 93.
**21.** Псалм 94
22. Псалм 95
23. Псалм 96
24. Псалм 97
25. Псалм 98
26. Псалм 99
27. Псалм 100
**28.** Псалм 101
29. Псалм 102,1-14
30. Псалм 102,15-28

## *Мај*

1. Псалм 103
2. Псалм 104,1-18
3. Псалм 104,19-35
4. Псалм 105,1-15
**5.** Псалм 105,16-31
6. Псалм 105,32-45
7. Псалм 106,1-16
8. Псалм 106,17-32
9. Псалм 106,33-48
10. Псалм 107,1-21
11. Псалм 107,22-43
**12.** Псалм 108
13. Псалм 109,1-16
14. Псалм 109,17-31
15. Псалм 110
16. Псалм 111
17. Псалм 112
18. Псалм 113
**19.** Псалм 114
20. Псалм 115
21. Псалм 116
22. Псалм 117
23. Псалм 118,1-14
24. Псалм 118,15-29
25. Псалм 119,1-34
**26.** Псалм 119,35-63
27. Псалм 119,64-90
28. Псалм 119,91-117
29. Псалм 119,118-143
30. Псалм 119,144-176
31. Псалм 120

## *Јуни*

1. Псалм 121
**2.** Псалм 122
3. Псалм 123
4. Псалм 124.
5. Псалм 125
6. Псалм 126
7. Псалм 127
8. Псалм 128
**9.** Псалм 129
10. Псалм 130
11. Псалм 131
12. Псалм 132
13. Псалм 133
14. Псалм 134
15. Псалм 135
**16.** Псалм 136,1-14
17. Псалм 136,14-26
18. Псалм 137
19. Псалм 138
20. Псалм 139
21. Псалм 140
22. Псалм 141
**23.** Псалм 142
24. Псалм 143
25. Псалм 144
26. Псалм 145
27. Псалм 146
28. Псалм 147
29. Псалм 148
**30.** Псалм 149

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АПРИЛ 2018 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 6. | 13. | 20. | 27. |
| Виница | 19:01 | 19:08 | 19:16 | 19:24 |
| Колешино | 18:59 | 19:06 | 19:14 | 19:21 |
| Стар Дојран | 18:59 | 19:07 | 19:14 | 19:21 |
| Куманово | 19:04 | 19:12 | 19:20 | 19:27 |
| Неготино | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:25 |
| Струмица | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:22 |
| Кочани | 19:01 | 19:09 | 19:16 | 19:24 |
| Велес | 19:03 | 19:11 | 19:19 | 19:26 |
| Кавадарци | 19:02 | 19:10 | 19:17 | 19:25 |
| Дебар | 19:08 | 19:16 | 19:23 | 19:31 |
| Скопје | 19:05 | 19:13 | 19:20 | 19:28 |
| Битола | 19:04 | 19:12 | 19:19 | 19:27 |
| Кичево | 19:06 | 19:14 | 19:22 | 19:29 |
| Лаки | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:23 |
| Чифлик | 19:01 | 19:09 | 19:16 | 19:24 |
| Штип | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:25 |
| Тетово | 19:07 | 19:15 | 19:22 | 19:30 |
| Јегуновце | 19:06 | 19:14 | 19:22 | 19:30 |
| Росоман | 19:02 | 19:10 | 19:18 | 19:25 |
| Гевгелија | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:22 |
| Свети Николе | 19:03 | 19:10 | 19:18 | 19:26 |
| Делчево | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:23 |
| Валандово | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:22 |
| Охрид | 19:07 | 19:14 | 19:22 | 19:29 |
| Радовиш | 19:00 | 19:08 | 19:16 | 19:23 |
| Прилеп | 19:04 | 19:11 | 19:19 | 19:26 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАЈ 2018 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | ***4.*** | ***11.*** | ***18.*** | ***25.*** |
| **Виница** | **19:31** | **19:39** | **19:46** | **19:52** |
| **Колешино** | **19:29** | **19:36** | **19:43** | **19:50** |
| **Стар Дојран** | **19:29** | **19:36** | **19:43** | **19:49** |
| **Куманово** | **19:35** | **19:43** | **19:50** | **19:56** |
| **Неготино** | **19:32** | **19:39** | **19:46** | **19:53** |
| **Струмица** | **19:30** | **19:37** | **19:44** | **19:51** |
| **Кочани** | **19:32** | **19:39** | **19:46** | **19:53** |
| **Велес** | **19:34** | **19:41** | **19:48** | **19:55** |
| **Кавадарци** | **19:32** | **19:40** | **19:47** | **19:53** |
| **Дебар** | **19:38** | **19:46** | **19:53** | **19:59** |
| **Скопје** | **19:36** | **19:43** | **19:50** | **19:57** |
| **Битола** | **19:34** | **19:41** | **19:48** | **19:55** |
| **Кичево** | **19:37** | **19:44** | **19:51** | **19:57** |
| **Лаки** | **19:30** | **19:38** | **19:45** | **19:52** |
| **Чифлик** | **19:31** | **19:39** | **19:46** | **19:52** |
| **Штип** | **19:32** | **19:40** | **19:47** | **19:53** |
| **Тетово** | **19:38** | **19:45** | **19:52** | **19:59** |
| **Јегуновце** | **19:37** | **19:45** | **19:52** | **19:59** |
| **Росоман** | **19:33** | **19:40** | **19:47** | **19:54** |
| **Гевгелија** | **19:30** | **19:37** | **19:44** | **19:50** |
| **Свети Николе** | **19:33** | **19:41** | **19:48** | **19:55** |
| **Делчево** | **19:30** | **19:38** | **19:45** | **19:52** |
| **Валандово** | **19:30** | **19:37** | **19:44** | **19:51** |
| **Охрид** | **19:36** | **19:44** | **19:51** | **19:57** |
| **Радовиш** | **19:31** | **19:38** | **19:45** | **19:52** |
| **Прилеп** | **19:34** | **19:41** | **19:48** | **19:55** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО
ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУНИ 2018 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 1 | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 19:58 | 20:03 | 20:06 | 20:08 | 20:09 |
| Колешино | 19:55 | 20:00 | 20:03 | 20:05 | 20:06 |
| Стар Дојран | 19:55 | 20:00 | 20:03 | 20:05 | 20:06 |
| Куманово | 20:02 | 20:07 | 20:10 | 20:12 | 20:13 |
| Неготино | 19:59 | 20:03 | 20:07 | 20:09 | 20:09 |
| Струмица | 19:56 | 20:01 | 20:04 | 20:06 | 20:07 |
| Кочани | 19:59 | 20:03 | 20:07 | 20:09 | 20:09 |
| Велес | 20:01 | 20:05 | 20:09 | 20:11 | 20:11 |
| Кавадарци | 19:59 | 20:03 | 20:07 | 20:09 | 20:09 |
| Дебар | 20:05 | 20:10 | 20:13 | 20:15 | 20:15 |
| Скопје | 20:03 | 20:08 | 20:11 | 20:13 | 20:13 |
| Битола | 20:00 | 20:05 | 20:08 | 20:10 | 20:11 |
| Кичево | 20:03 | 20:08 | 20:11 | 20:13 | 20:14 |
| Лаки | 19:57 | 20:02 | 20:06 | 20:07 | 20:08 |
| Чифлик | 19:58 | 20:02 | 20:06 | 20:08 | 20:08 |
| Штип | 19:59 | 20:04 | 20:07 | 20:09 | 20:10 |
| Тетово | 20:05 | 20:10 | 20:13 | 20:15 | 20:15 |
| Јегуновце | 20:04 | 20:09 | 20:13 | 20:15 | 20:15 |
| Росоман | 19:59 | 20:04 | 20:07 | 20:09 | 20:10 |
| Гевгелија | 19:56 | 20:01 | 20:04 | 20:06 | 20:06 |
| Свети Николе | 20:00 | 20:05 | 20:09 | 20:11 | 20:11 |
| Делчево | 19:57 | 20:02 | 20:06 | 20:08 | 20:08 |
| Валандово | 19:56 | 20:01 | 20:04 | 20:06 | 20:07 |
| Охрид | 20:03 | 20:07 | 20:11 | 20:13 | 20:13 |
| Радовиш | 19:58 | 20:02 | 20:06 | 20:08 | 20:08 |
| Прилеп | 20:00 | 20:05 | 20:08 | 20:10 | 20:11 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

**„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).**

# ОД РИЗНИЦАТА НА ДУХОВНА ЛИТЕРАТУРА НА АИК




























www.znacinavremeto.mk

www.adventisti.org.mk

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија

